| 10 | International Journal of recent research in arts and sciences ISSN: 1857-8128, 2021 (3)<br>Editorial board: Albania, Bosna and Hercegovina, Bulgaria, Croatia, Egipt, England, Iraq, Iran, Italy,Pakistan, Poland, Portugal, Republic of Nord Macedonia, Romania, Serbia, Slovakia, Slovenia, Sudan,Turkey<br>**Andromahi Naumovska**, Dimitar Bonevski,<br>Психолошки дисбаланс при хронифициран стрес- пандемија со Ковид 19<br>2021 | 4.5 |
| 11 | Journal of health, medicine and nursing, ISSN: 2422-8419, 2021, vol.95<br>Editorial board: Bulgaria, China, India, Republic of North Macedonia, Switzerland<br><br>Biljana Iliev, Irina Pavlovska, **Andromahi Naumovska**,<br>Epidemiological Characteristics of Great Depression diseases of hospitalized patients in psychiatric hospital Skopje for a five year period from 2013 to 2017,<br>2021 | 4 |
| 12 | Исток-запад, психологија и образование, 2020, бр.3 | 4 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | Editorial board: Северна Македонија, Бугарија, Србија, Босна и Херцеговина, Руска Федерација<br>Biljana Iliev, Dimitar Bonevski, **Andromahi Naumovska**,<br>Дерматолошки заболувања и семејниот систем, Меѓународен дијалог:<br>2020 | |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД** | |
| 13 | American journal and biomedical sciences and research, 2019- 6(4) ISSN: 2642-1747, doi 10.34297/AJBSR. 2019.06.001055 **IF 1,042**<br><br>Parent company Springer Nature<br>Headquarters location London WC1 United Kingdom<br>Andrej Bonevski, **Andromahi Naumovska**, Dimitar Bonevski, Influence of primary packaging on attitudes towards smoking in RNMacedonia, 2019 | 4 |
| | **Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД – коавтор** | |
| 14 | Psychopathology-An International and Interdisciplinary Perspective, Chapter: Panic attacks and panic disorder, chapter in Spectrum of affective disorder<br>Dimitar Bonevski, **Andromahi Naumovska**,<br>United Kingdom<br>publisher Intech Open, Published in London, 2020<br>doi. http://dx.doi.org/10.5772/intechopen.86898 | 6 |
| 15 | Рецензија на научен/стручен труд 306*0.2 | 61.2 |
| | **Пленарни предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество** | |
| | International conference The situation with neurodevelopmental disorders in Macedonia- needs to introduce standards in diagnostic and treatment<br>NMacedonia, France, Bulgaria, Switzerland, Germany, Malta, Turkey<br>Autism and intellectual capacities- NM experience<br>**Andromahi Naumovska**<br>2022 | 3 |
| | International conference The situation with neurodevelopmental disorders in Macedonia- needs to introduce standards in diagnostic and treatment<br>NMacedonia, France, Bulgaria, Switzerland, Germany, Malta, Turkey<br>Autism and intellectual capacities- MKF for children and youth, NM experience<br>**Andromahi Naumovska**<br>2022 | 3 |
| | Nevrorazvojni rastrojstva i komorbidni sostojbi Skopje<br>С Македонија, Турција, САД, Велика Британија, Словенија<br>Autism and extraordinary intellectual capabilities- Myth, stereotype or reality?<br>**Andromahi Naumovska**<br>2022 | 3 |
| | **Учество на научен/стручен собир – постер-презентација** | |
| | VI Macedonian Psychiatric congress with international participation<br>Macedonia, France, USA, Serbia, Croatia, BiH<br>Abstract thinking and dementia- exercises to keep your brain fit<br>Dimitar Bonevski, **Andromahi Naumovska**<br>2019 | 0.5 |
| | V kongres psihijatara BiH Mostar | 0.5 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | Bosna I Hercegovina, Švicarska, Velika Britanija, Njemačka, Hrvatska, Švedska, Velika Britanija, Poljska, Italija, Srbija, Slovenija, Sjeverna Makedonija, Crna Gora, Njemačka, Gruzija Nedijagnosticirani autizam kod starijih- autism vs schizophrenia **Andromahi Naumovska**, Dimitar Bonevski 2022 | |
| | V kongres psihijatara BiH Mostar Bosna I Hercegovina, Švicarska, Velika Britanija, Njemačka, Hrvatska, Švedska, Velika Britanija, Poljska, Italija, Srbija, Slovenija, Sjeverna Makedonija, Crna Gora, Njemačka, Gruzija Autizam, aging and depression **Andromahi Naumovska,** Dimitar Bonevski 2022 | 0.5 |
| | 47th International symposium of clinic of psychiatry clinical center of Serbia Belgrade, Serbia, NMacedonia, BiH, Croatia Effectiveness of gestalt therapy as anxiety treatment in patients with low back pain. **Andromahi Naumovska,** Dimitar Bonevski, Jadranka Damcevska 2020 | 0.5 |
| | Megunarodna naucno-prakticna konferencija, Vti rusko-hrvatski psihijatriski simpozium, Moskva, Russia, Croatia, Macedonia, Serbia Efectivenes of gestalt therapy as generalized anxiety treatment **Andromahi Naumovska**, Dimitar Bonevski 2019 | 0.5 |
| | Megunarodna naucno-prakticna konferencija, Vti rusko-hrvatski psihijatriski simpozium, Moskva, Russia, Croatia, Macedonia, Serbia Spirituality and religion as an agent of recovery in patients with depression and anxiety **Andromahi Naumovska**, Dimitar Bonevski 2019 | 0.5 |
| | Megunarodna naucno-prakticna konferencija, Vti rusko-hrvatski psihijatriski simpozium, Moskva, Russia, Croatia, Macedonia, Serbia Religion and spirituality- protective factors in suicide attempts in people with depression **Andromahi Naumovska**, Dimitar Bonevski 2019 | 0.5 |
| | Апстракт објавен во зборник на конференција | 10.0 |
| | **Вкупно** | **83.7** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Изготвување на стручни експертизи по налог на СМО при МФ-УКИМ 5 x 1 | 5.0 |
| 2 | Изготвување на стручни експертизи на барање од народен правобранител | 1.0 |
| 3 | Учесник/соработник на проект 11*0.5 | 5.5 |
| | **Вкупно** | **11.5** |

**ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание | 1.0 |
| 2 | Член на организационен одбор на меѓународен научен/стручен собир 2*1 | 2.0 |
| 3 | Член на орган на професионална комора: претседател на Одбор за формирање комисии за полагање државен испит при Комората на психолози на РМ, 2019 – 2023 | 0.3 |
| 4 | Учество во комисии и тела на државни и други органи: претседател на Комисија за полагање државен испит при Комората на психолози на РМ, 2019 – 2023 8*1 | 1.0 |
| | Вкупно | **4.3** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **31,3** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **83,7** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **11,5** |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | **4,3** |
| **Вкупно** | **130,8** |

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Бранислав Стефановски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Антони Новотни, член, с.р.**
**Проф. д-р Димитар Боневски, член, с.р.**

**З А К Л У Ч О К   И   П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на н. сор. д-р сци. Андромахи Наумовска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, Комисијата заклучи дека н. сор. д-р сци. Андромахи Наумовска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето виш научен соработник (од научната област психологија), по предметите од научните области: ментална хигиена, психосоматика, детска психијатрија, психопатологија, психотерапија, психоанализа, психофармакотерапија, медицинска психологија и медицинска социологија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, н. сор. д-р сци. Андромахи Наумовска да биде избрана во звањето виш научен соработник (од научната област психологија), по предметите од научните области: ментална хигиена, психосоматика, детска психијатрија, психопатологија, психотерапија, психоанализа, психофармакотерапија, медицинска психологија и медицинска социологија.

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Бранислав Стефановски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Антони Новотни, член, с.р.**
**Проф. д-р Димитар Боневски, член, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА НЕИНВАЗИВНИТЕ МЕТОДИ, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА SHEAR WAVE ЕЛАСТОГРАФИЈАТА ВО ДЕТЕКЦИЈА НА СТЕПЕНОТ НА ХЕПАТАЛНАТА ФИБРОЗА“ ОД Д-Р АРЗАНА ХАСАНИ ЈУСУФИ, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 73 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 458/2019 и број 458/2021-анекс), член 275 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (бр. 425 од 28.6.2019), член 91 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.530/2020) и член 61 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус –докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 245/2013), Наставно-научниот совет на својата L редовна седница, одржана на 12.9.2023 година, а по предлог на Советот на студиската програма на трет циклус студии – докторски студии по медицина донесе Одлука за формирање на Комисија за оцена на докторската дисертација со наслов: **„Улогата и значењето на неинвазивните методи, со посебен осврт на Shear Wave еластографијата во детекција на степенот на хепаталната фиброза“** од докторантката Арзана Хасани Јусуфи, во состав: проф. д-р Викторија Чаловска Иванова (претседател), проф. д-р Мери Трајковска (ментор), проф. д-р Розалинда Попова Јовановска (член), проф. д-р Гордана Петрушевска (член) и проф. д-р Бети Зафирова Ивановска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Докторската дисертација на докторантката д-р Арзана Хасани Јусуфи со наслов: **„Улогата и значењето на неинвазивните методи, со посебен осврт на Shear Wave еластографијата во детекција на степенот на хепаталната фиброза“**, е презентирана на 137 страници компјутерски обработен текст со фонт Cambria и големина на букви 12, содржи 67 табеларни прикази, 54 слики и 180 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги и електронски извори на податоци. Трудот е структуриран во 11 дела: апстракт, кратенки, вовед, мотив, хипотеза, цели, материјал и методи, резултати на истражувањето, дискусија на добиените резултати, заклучни согледувања и листа на библиографски единици. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува систематизирано и прегледно следење на материјата, и воедно побудува интерес за одбраната тема на истражување.

По соодветниот апстракт, третото поглавје на докторска дисертација е **вовед,** кој е поделен во 4 поднаслови. Во **првата тематска субединица** е дефинирана фиброзата на црниот дроб што е ентитет што бележи пораст во светски рамки и која најчесто прогредира во црнодробна цироза. Фиброзата на црниот дроб авторот ја дефинира како патолошка состојба на таложење сврзно ткиво во црнодробниот паренхим, последица на дејството на повеќе етиолошки фактори меѓу кои: алкохолен абузус, неалкохолна масна болест на црниот дроб, хронични инфекции со вирусот на хепатитис Б и Ц, автоимуните заболувања, токсични лезии, како и васкуларните пореметувања. Фиброзата предизвикува нарушување на специфичната лобуларна хистоархитектоника на црниот дроб, која е клучна за неговата функција, што понатаму резултира во васкуларна и функционална инсуфициенција на хепатоцитите, како последица на прогресијата на лезијата и појавата на цироза. Авторот потоа зборува за фиброзата од историски аспект, која е првично сфатена како пасивен и неповратен процес што прогредира во цироза. Во 80-тите години на минатиот век, научно занемарената фиброза станува повторно актуелна со идентификување на хепаталните

ѕвездестите клетки кои се одговорни за формирање на сврзното ткиво, а кои за прв пат ги опишал Karl Whilhelm von Kupfer. Подоцна е откриено дека и порталните миофибробласти и клетките со потекло од коскената срцевина имаат потенцијал за создавање сврзно ткиво. Во 90-тите години на минатиот век ставовите се менуваат, со откривање на фактот дека фиброзата е всушност реакција на заздравување при хронична лезија на црниот дроб од различна природа, а се стимулира и развојот на антифиброзни терапии, чии што клинички испитувања се во тек. На клиничко ниво фиброзата на црниот дроб била прв пат студирана кај пациенти со хепатит Ц вирусна инфекција. Во **вториот дел** е прикажана распространетоста на фиброзата на црниот дроб во светски рамки, и фактот дека прогресијата води до цироза која е 11-та причина за морталитет во светот. Како најчест етиолошки фактор за развивање на хронична болест на црниот дроб се нотирани вирусниот хепатитис и алкохолна болест на црниот дроб. Со воведување и подобрување на превентивните и терапевтски мерки се намалува инциденцата на Ц-хепатитисот, но со промена на животниот стил, сѐ поголемата консумација на нездрава исхрана и седентарниот начин на живот, како во западните индустријализирани земји, така и во нашата држава, сѐ повеќе се зголемува инциденцата на неалкохолниот стеатохепатит (НАСХ). Посебно е нагласено дека неалкохолната масна болест на црниот дроб, следена со вирусните хепатити (ХБВ, ХЦВ) и алкохолната консумација се најчестите етиолошки фактори за настанување на хронична црнодробна лезија. Интересен е фактот за улогата на алкохолната консумација, која најверојатно сѐ уште е втора најчеста причина за црнодробна болест, но поради културолошки причини недостигаат прецизни статистички податоци. **Во третиот дел** на воведот објаснети се целуларните и молекуларните механизми на настанувањето на црнодробната цироза, физиологијата и патофизиологија. Нагласено е и дека детекцијата на фиброзата е суштински дел од процената на болниот бидејќи е решавачки фактор во изборот на третманот на пациентите со хронично заболување на црниот дроб. **Во четвртиот дел,** односно крајот од воведот, даден е увид во дијагностичкиот алгоритам и методите кои се користат во дијагностицирањето на различните стадиуми на црнодробната фиброза. Методите за испитување на фиброзата на црниот дроб се делат на две големи групи: неинвазивни и инвазивни методи (хепатална биопсија). Иако црнодробната биопсија е сѐ уште „златен стандард“ за поставување на дијагнозата, модерната технологија овозможува користење на сѐ повеќе „неинвазивни“ методи за детектирање и градуирање на фиброзата. Меѓу нив се бројните серумски маркери на фиброза и Shear Wave еластографијата којашто, покрај визуелизацијата, овозможува и мерење на „цврстината“, односно степенот на фиброза на црниот дроб. Нагласено е дека користењето на неинвазивните методи ги исклучува компликациите кои се јавуваат при црнодробна биопсија, и овозможува добивање на увид во состојбата на поголема површина на црниот дроб. Оваа карактеристика на неинвазивните дијагностички процедури претставува и главен мотив на студијата: „проценување на значењето на неинвазивните методи во детекцијата и утврдувањето на степенот на црнодробната цироза“. Во овој дел се објаснува и хепаталната биопсија, како начинот на изведување, така и компликациите, ризиците и лимитациите на методата. Посочено е дека добиениот материјал при црнодробната биопсија е хистолошки анализиран на Институтот за патологија, каде што е направена класификација на степенот на инфламација и фиброза според Ишак во 6 степени и Метавир во 4 степени, соодветно. Во овој дел докторантката со преглед на литературата дава осврт на употребата на неинвазивните методи во дијагнозата на стадиумот на фиброза на црниот дроб, кои се поактуелни, а нивната важност не е само во детекцијата на фиброзата, туку и во фактот дали детектираните вредности (стадиуми) се во согласност со хистолошкиот наод добиен со биопсија. Евалуирани се и различни серолошки маркери поделени во индиректни и директни маркери, и нивната улога во предвидувањето на степенот на фиброзата. Индиректните маркери за хепатална фиброза (тромбоцитите, коагулационите фактори и аминотрансферзите), кои се употребуваат во секојдневна практика, ги рефлектират промените во функцијата на црниот дроб, но не го одразуваат директно метаболизмот на екстрацелуларниот

матрикс. Во делот „дијагноза“ е даден опширен опис на директните маркери за хепатална фиброза кои го рефлектираат директно метаболизмот на екстрацелуларниот матрикс (проколаген тип 3 и тип 1, хијалуронска киселина и ткивен инхибитор на металопротеиназа). Во овој дел е изложен и поопширен приказ на сите методи за визуелизација во одредување на степенот на хепатална фиброза со посебен осврт на Shear Wave еластографија како нова метода на Клиниката за гастроентерохепатологија, врз основа на која се дијагностицирани и третирани пациентите со црнодробна оштета од различна етиологија во последните 6 години. Авторот детално ја опишува еластографијата како модерна техника за визуелизација, која датира од раните 80-тите години и е аналогна на палпација на ткивата, кога опипливата тврдина е обично знак за постоење на болеста. Во овој дел е опишано како функционира методата, поделбата врз основа на начинот на апликацијата на надворешна механичка енергија, и колкав квантум на ткиво се мери. Исто така, презентирани се и сите еластографски методи кои се употребуваат во современата медицина во детекција на стадиумот на фиброзата, нивната сензитивност и специфичност со посебен осврт на методата која се користи на Клиниката за ГЕХ, а даден е и сликовен приказ на изведување на методата (мерењата се завршени според препораките на Европска федерација на здружението за ултразвук во медицина и биологија – EFSUMB), а резултатите се изразени во килопаскали.

**Во четвртото поглавје** докторантката го анализира мотивот за изработка на оваа докторска дисертација, којшто е јасно дефиниран. Докторантката потенцира дека во нашата држава досега не е спроведено истражување за улогата и значењето на неинвазивните методи, особено на еластографија во детекција на степенот на црнодробната фиброза. Оттука, произлегол и мотивот за една студија во која ќе се утврди дали резултатите добиени со неинвазивните методи (еластографијата во комбинација со биохемиските и серумските маркери) можат да ја заменат инвазивната хепатална биопсија во утврдување на степенот на хепатална фиброза. **Петтото поглавје** од докторската дисертација ја презентира **хипотезата**, односно дали Shear Wave еластографијата во комбинација со серумските маркери имаат поголема/идентична осетливост во однос на црнодробната биопсија во откривањето на црнодробната фиброза.

**Во шестото поглавје** од докторската дисертација, докторантката ги презентира **целите** на истражувањето, кои се јасно дефинирани. Примарната цел на докторска дисертација е да се утврди вредноста на Shear Wave еластографијата и серумските маркери на фиброза како дијагностички методи во откривањето на црнодробната фиброза. Секундарни цели се: да се спореди вредноста на Shear Wave еластографијата во однос на црнодробната биопсија во одредувањето на степенот на црнодробната фиброза; да се спореди вредноста на серумските маркери на фиброза во однос на црнодробната биопсија во одредување на степенот на црнодробната фиброза; да се утврди корелацијата меѓу Shear Wave еластографијата и серумските маркери на фиброза во одредувањето на црнодробната фиброза и да се утврди корелацијата меѓу Shear Wave еластографијата и биохемиските маркери за хепатална лезија (ензими, протеински статус, коагулационен статус).

**Седмото поглавје ги прикажува материјалите и методите.** Докторантката го дефинира дизајнот на студија која е проспективна и е реализирана на: Клиниката за гастроентерохепатологија, Институтот за имунологија и хумана генетика и Институт за патологија при Медицинскиот факултет во Скопје, во периодот 2021-2022 година. Во истражувањето се вклучени 70 испитаници од 18 до 80-годишна возраст, хоспитализирани на Клиниката за гастроентерохепатологија, кај кои претходно, врз основа на клинички, биохемиски и сонографски иследувања, е утврдено присуство на црнодробна лезија. Врз основа на патохистолошка дијагноза пациентите се поделени во 3 групи, односно: пациенти со хепатитис (перзистентен и агресивен хепатитис), пациенти со стеатоза (хепатална стеатоза и стеатофиброза) и пациенти со цироза на црниот дроб. Ексклузиони критериуми се: обезност, малигна болест, присуство на асцитес и кардиопулмонална болест. Кај сите испитаници е изведена еластографија, хепатална биопсија и се испитувани серумските маркери за фиброза на црниот дроб.

Проспективната студија претставува клиничка лонгитудинална студија, за која се користат податоци од тест-листите (CRF - case report form) на пациентите вклучени во студијата. За секој испитаник во тест-листата се внесени податоци кои се однесуваат на социодемографските параметри (пол, возраст), клиничките параметри и резултатите добиени со еластографијата, хистолошкиот наод од биопсијата на црниот дроб, како и квантитативните резултати добиени со испитување на серумските маркери за фиброза на црниот дроб. Протоколот на студијата е во согласност со етичките принципи на Декларацијата од Хелсинки, а темата предложена за изработка на докторска дисертација е одобрена од Етичка комисија за истражување на луѓе, при УКИМ, Медицински факултет – Скопје.

По овој дел, следува статистичката обработка, каде што се прикажани статистичките методи со кои се обработени добиените податоци. Статистичката анализа на податоците добиени од истражувањето е направена во статистичката програма SPSS 23,0. Податоците се внесени во специјално обработена база, а статистичката обработка е изведена со примена на соодветни статистички анализи. Резултатите од статистичката анализа се прикажани табеларно и графички, а за статистички сигнификантни се земени вредностите на $p<0.05$. Резултатите од истражувањето се прикажани во **осмото поглавје.** Добиените резултати од спроведената статистичка анализа се прикажани прегледно во табели и графикони.

Во **првиот дел** е прикажана полова дистрибуција, како и дистрибуција според возраста кај различни стадиуми на хепаталната фиброза. Прикажани се и просечните вредности на серумските маркери (директни и индиректни маркери) и просечната вредност на Shear Wave еластографијата кај различни стадиуми на хепатална фиброза, одреден хистопатолошки со ISHAK-скор и со METAVIR-скор.

**Во вториот дел** се прикажани резултатите од дистрибуција на пациенти со покачени и нормални вредности на индиректните и директните маркери за хепатална фиброза. Анализата на лабораториските параметри регистрирала сигнификантни разлики во дистрибуција на пациенти со покачени и нормални АСТ-вредности и вредностите на тромбоцити, а во зависност од стадиумот на хепаталната фиброза. Не е регистрирана сигнификантна разлика во дистрибуцијата на пациенти со нормален и покачен АЛТ, билирубин, протромбинско време и индекс во зависност од стадиумот на хепатална фиброза. Во однос на директните маркери за фиброза на црниот дроб со статистичка обработка на податоците за директните маркери, е регистрирана сигнификантна разлика во вредностите на серумскиот маркер проколаген III амино пептид, колаген тип 4, ламинин и хијалуронска киселина, во зависност од стадиумот на хепатална фиброза, односно за проколаген тип 3 амино терминал пептид и ламинин се потврди значајно повисоки вредности во групата Ф4 наспроти групата Ф2. Вредностите на хијалуронска киселина се најголеми кај Ф3 и Ф4, во однос на Ф0-Ф2. Просечните и медијалните вредности на хијалуронска киселина се регистрирани во групата Ф4, следено од групите Ф3, Ф2, Ф0 и Ф1. Во однос на анализата на вредностите на Shear Wave еластографија, регистрирана е сигнификантна разлика на вредностите на еластографија кај различни групи Ф0, Ф1, Ф2, Ф3 и Ф4, односно значајно повисоки вредности на еластографијата се регистрирани во групата Ф4 наспроти сите останати групи, следено со Ф3 , Ф2, Ф1 и Ф0.

**Во третиот дел** се прикажани корелациите на еластографија со директните и индиректните маркери на фиброза на црниот дроб, како и со степенот на фиброзата на црниот дроб според класификацијата на Метавир и Ишак. Анализираните индиректни и директни серумски маркери за фиброза на црн дроб (со исклучок на АЛТ), сигнификантно корелираат со Metavir и Ishak-скоровите. Корелацијата со тромбоцитите е негативна, корелациите со сите останати параметри позитивна, односно повисоките стадиуми на хепатална фиброза се поврзани со пониски тромбоцити, повисоки вредности на АСТ, билирубин, протромбинско време, протромбински индекс, проколаген III амино пептид, колаген тип 4, ламинин, хијалуронска киселина и повисоки вредности на еластографија, и обратно. Не е детектирана сигнификантна корелација помеѓу еластографијата и АЛТ, билирубинот и

протромбинското време. Со зголемување на АСТ, ИНП, PIIINP, колаген тип 4, ламинин, хијалуронска киселина, и со намалување на бројот на тромбоцити, вредноста на еластографијата се зголемува, и обратно. Пациентите кои биле вклучени во истражувањето се поделени во 3 групи: 22 пациенти со хепатити (10 со перзистентен и 12 со агресивен хепатит), 17 пациенти со стеатоза, 9 пациенти со стеатофиброза и 22 пациенти со цироза на црн дроб. Женските и машки пациенти сигнификантно се разликуваат во однос на дијагнозата на хепаталното заболување. Хепатитисите и стеатофиброзата се почесто дијагностицирани кај женските пациенти, стеатозата и цирозата почесто кај машките пациенти. Во однос на возраста, регистрирани се значајно помлади пациенти со перзистентен хепатит во однос на пациентите со агресивен хепатит и цироза. Пациентите со хепатитис, стеатоза, стеатофиброза и цироза имаат сигнификантно различни вредности на АСТ (но не и на АЛТ), односно значајно повисоки вредности на АСТ се утврдени кај пациентите со цироза во однос на пациентите со стеатоза. Пациентите со цироза имале значајно пониски вредности на тромбоцити. Пациентите со перзистентен хепатит, агресивен хепатит, стеатоза, стеатофиброза и цироза, не се разликуваат сигнификантно во однос на вредностите на билирубин, протромбинско време и протромбинскиот индекс. Кај пациентите со цироза се регистрирани повисоки вредности на сите директни маркери на фиброза.

**Во завршниот дел** на статистичка анализа на резултатите е прикажана сензитивноста и специфичноста на самата метода за различни степени на фиброза на црниот дроб. Во нашето истражување ROC кривите AUC се 0.696, 0.881, 0.964, 1.0 и сензитивност и специфичност се 66.7 % и 75.6 %, 85 % и 75 %, 85.7 % и 87.5 % и 100 % со специфичност од 100 % соодветно за степени на фиброза Ф1, Ф2, Ф3 и Ф4. Ова укажува дека еластографијата има одлична дискриминаторска способност во разграничување на пациенти со понапредната фиброза ф2, ф3 и ф4. Cut off вредностите за секој степен на црнодробна фиброза, освен за Ф1, имаа висока сензитивност и специфичност над 80 %.

**Дискусијата на докторската дисертација** опфаќа детална анализа на добиените резултати и е елаборирана во **деветтото поглавје**. Докторантката дава толкувања на добиените резултати и ги споредува со објавените резултати од современи автори кои дале значителен придонес во областа на еластографија. Дискусија започнува со објаснување на распространетост на фиброзата на црниот дроб и употребување на неинвазивните методи во дијагноза и следење на пациентите со црнодробна оштета од различна етиологија. Потоа е прикажана динамиката на публикациите во областа на еластографија од 1995 до 2015 година, која е во пораст, што укажува на важноста и софистицирањето на самата метода. Широкиот спектар на достапни современи истражувачки студии и објавени резултати го оправдува и го прави актуелно ова истражување. Докторантката цитира студии кои укажуваат дека еластографија има најголема дијагностичка точност кај Ф3, Ф4, како и за Ф2 степен на фиброза на црниот дроб, во нејзината студија, согласно добиените резултати, еластографија има слична сензитивност и специфичност со Ф2 и Ф3 степен на фиброза на црниот дроб (добиени вредности при црнодробна биопсија), а има најдобра способност за предикција на Ф4 степен на хепатална фиброза, со сензитивност и специфичност од 100%, за разлика од другите студии во светот каде што сензитивноста и специфичноста се движи од 87 % и 88 % до 93 % и специфичност 98 %. Разликата во типот на апаратот, видот на техниката на еластографија, како и искуството на операторот за работа со методата, но и точноста на Метавир скорирањето може да биде причина за разликата на резултати за сите степени на фиброза, особено за Ф4 степен на фиброза. Потоа, во дискусијата, докторантката објаснува дека хепаталната биопсија во светот, но и кај нас е златен стандард во одредување на степенот на фиброзата на црниот дроб. Ги објаснува детално патохистолошките системи кои се употребуваат во светот врз основа на етиологијата на црнодробна оштета. Прикажани се табели и слики со објаснувања на патохистолошките системи, вклучувајќи ја и најновата патохитолошка класификација по Ишак, со која се опишуваат и најмалите промени во фиброзата на црниот дроб, поделена во 6 скали. Во понатамошниот дел од дискусијата, се толкуваат добиените резултати од индиректните маркери во детерминирање на фиброзата на црниот дроб предизвикана од различни

етиолошки фактори и корелациите помеѓу неинвазивните методи со степенот на фиброзата на црниот дроб по класификација на Ишак и Метавир. Објавените резултати и корелациите ги споредува со објавените резултати и сознанија од современи и актуелни студии. Во прилог на ова, докторантката цитира студии кои покажуваат позитивна корелација на индиректните маркери со степенот на фиброзата на црниот дроб, но постојат многу мал број на студии каде што е испитана корелација на SWE-еластографија со биохемиските маркери на црнодробна функција, и повеќе од нив се контрадикторни и се однесуваат на другите техники на еластографија, односно транзиторната еластографија. Како и во другите студии, и во оваа студија, постои позитивна корелација на вредностите на АСТ (но не и АЛТ) со степенот на фиброзата на црниот дроб. Сите лезии на црниот дрооб предизвикуваат намалување на бројот на хепатоцитите, што предизвикува хипербилирубинемија. Точните механизми на врската помеѓу билирубинот и фибротичната прогресија тешко се одредуваат. Различни студии во светот покажуваат различна корелација на вредноста на билирубинот со степенот на фиброза на црниот дроб. Во актуелното истражување е покажана позитивна корелација помеѓу вредноста на билирубинот и степенот на фиброзата на црниот дроб, односно зголемени се вредности кај пациентите со цироза на црниот дроб, хепатитиси и стеатофиброза. Цирозата, односно прогредирана фаза на фиброзата на црниот дроб се карактеризира со дегенерација и некроза на хепатоцитите, што доведува до синтеза на низа фактори на коагулација и намалена способност за чистење тромбоактивни ензими и активирачки фибринолитички фактор, што резултира со намалување на коагулационата и антикоагулационата функција на телото. Вредностите на индексите на коагулација, факторите на коагулација, параметрите на тромбоцитите и параметрите на функција на црниот дроб, сите ефикасно ја одразуваат функцијата на црниот дроб. Во студијата корелација помеѓу протромбинско време и индекс и степеност на фиброзата на црниот дроб има несигнификантно различна вредност меѓу групите со различна дијагноза. Истражувањето е во согласност со студиите во светот и потврдува дека со зголемување на степенот на фиброзата на црниот дроб се намалува вредноста на тромбоцитите. Понатаму, во дискусијата докторантката ги толкува резултатите за директните маркери за фиброза на црниот дроб во одредување на степенот на фиброзата, и ги споредува со објавените резултати од актуелни студии. Директните маркери за фиброза на црниот дроб, за разлика од индиректните маркери, ја рефлектираат директно функцијата на екстрацелуларниот матрикс. Докторантката објаснува дека постои позитивна корелација на директните маркери со степенот на фиброзата на црниот дроб, како и со вредноста на еластографија. Вредностите на директните маркери корелираат позитивно со степенот на фиброзата на црниот дроб, така што кај пациентите со поизразена црнодробна оштета, црнодробна цироза и стеатофиброза вредностите на проколаген тип 3 амино терминал пептид, колаген тип 4, ламинин и хијалуронска киселина се зголемуваат. Во студијата пациентите со цироза имаат најчесто покачен серумски маркер PIIINP, следено со пациентите со стеатоза, агресивен хепатит, стеатофиброза и перзистентен хепатит. Резултатите укажуваат дека постои статистичка сигнификантна разлика во ламинин меѓу групите со повисоки вредности кај пациенти со цироза во однос на пациентите со стеатоза. Пациентите со Ф4 хепатална фиброза имаат повисоки вредности на ламинин во однос на пациентите со Ф0 и Ф2. Хијалуронската киселина сигнификантно се разликува кај различни степени на хепатална фиброза, повисоки се вредностите кај пациенти со цироза наспроти групата со перзистентен хепатит и групата со стеатоза. Потоа, резултатите укажуваат дека постои и позитивна корелација на директните маркери за фиброза на црниот дроб со вредноста на еластографијата, односно вредностите на директните маркери се зголемени особено кај пациенти со поизразена црнодробна оштета, со вредност на еластографија што одговара на Ф3 и Ф4. Резултатите од истражувања за корелација на директните маркери на фиброза со степенот на фиброза, се во согласност со други студии во светот.

**Во заклучните согледувања**, докторантката истакнува дека добиените резултати од овој вид на студија, која за прв пат се изведува кај нас, се во согласност со

тековите на современата хепатологија, односно дека: постои позитивна корелација меѓу стадиумот на фиброза добиен со Shear Wave еластографија и хистолошкиот скор на црнодробната фиброза; утврдена е позитивна поврзаност меѓу серумските маркери на фиброза и хистолошкиот степен на фиброза. Резултатите од истражувањето покажуваат дека еластографија како современа безбедна дијагностичка метода може да се употребува за одредување на стадиумот на хепаталната фиброза, како и за следење на текот на болеста и ефектите од терапијата кај пациентите со црнодробна оштета од различна етиологија (особено кај ХЦВ и ХБВ-инфекција).

**Последната глава од докторската дисертација** ја содржи приложената литература, која е обемна и прегледана, содржи 180 референци, и конкретно е цитирана по референтни стандарди.

**Оцена на трудот**

Докторската дисертација на докторантката **д-р Арзана Хасани Јусуфи**, со наслов: **„УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА НЕИНВАЗИВНИТЕ МЕТОДИ, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА SHEAR WAVE ЕЛАСТОГРАФИЈАТА ВО ДЕТЕКЦИЈА НА СТЕПЕНОТ НА ХЕПАТАЛНАТА ФИБРОЗА“/„THE SIGNIFICANCE OF NON-INVASIVE METHODS, WITH SPECIAL EMPHASIS ON SHEAR WAVE ELASTOGRAPHY IN DETECTION OF HEPATIC FIBROSIS“**, претставува актуелно истражување во клиничката медицина од областа на гастроентерохепатологија. Трудот обработува актуелна научна и клиничка проблематика, вредна и оправдана за истражување, како од научен, така и од клинички аспект.

Докторската дисертација покрај научната има и апликативна важност, особено во насока на рано откривање на пациентите со црнодробна фиброза во РС Македонија. Докторската дисертација е изработена по сите принципи на научно истражување. Во согласност со мотивот на студијата, дефинирани се и целите на истражувањето, научниот пристап е оригинален и внимателно избран, а методологијата на испитувањето е современа. Поставените цели се во целина реализирани, а добиените резултати се адекватно обработени, интерпретирани и дискутирани во согласност со нивната научна и клинички применета вредност. Од добиените резултати се изведени соодветни заклучоци. Клиничкото значење и научниот придонес на оваа докторска дисертација произлегуваат од добиените резултати, кои покажуваат дека неинвазивните методи, особено Shear Wave еластографијата може да ја замени хепатална биопсија како инвазивна метода, во детекција на степенот на хепатална фиброза.

Докторската дисертација на докторантката д-р Арзана Хасани Јусуфи со наслов: **,,УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА НЕИНВАЗИВНИТЕ МЕТОДИ, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА SHEAR WAVE ЕЛАСТОГРАФИЈАТА ВО ДЕТЕКЦИЈА НА СТЕПЕНОТ НА ХЕПАТАЛНАТА ФИБРОЗА“,** според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Докторантката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор) следниве рецензирани научноистражувачки трудови:

1. Arzana Hasani Jusufi, Meri Trajkovska, Rozalinda Popova Jovanovska, Viktorija Calovska Ivanova, Atip Ramadani, Vladimir Andreevski. „The Role and Significance of Non-invasive Methods, with a Particular Focus on Shear Wave Elastography in Hepatic Fibrosis Staging“. Scientific Foundation SPIROSKI, Skopje, Republic of Macedonia, Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences. 2022 Apr 14; 10(B):1607-1614.
2. Arzana Hasani Jusufi, Meri Trajkovska, Atip Ramadani, Arta Bina, Xhem Adem, Georgi Janevski. „Implementation of Shear Wave Elastography as a new method in the Clinic of Gastroenterohepatology – Skopje“. Medikus 2022. Vol 27(1): 70-76.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главен научен придонес на докторската дисертација е можноста за клиничка примена на неинвазивните методи во детекција на степенот на фиброза на црниот дроб предизвикана од различна етиологија и замена на хепаталната биопсија, што е сè уште златен стандард во откривање на степенот на фиброзата на црниот дроб. Подрачјето на примена на овој труд е клиничката гастроентерохепатологија, каде што постои можност за примена на еластографија заедно со другите неинвазивни методи во детекција на степенот на хепаталната фиброза. Докторската дисертација **„УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА НЕИНВАЗИВНИТЕ МЕТОДИ, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА SHEAR WAVE ЕЛАСТОГРАФИЈАТА ВО ДЕТЕКЦИЈА НА СТЕПЕНОТ НА ХЕПАТАЛНАТА ФИБРОЗА“**, поднесена од д-р Арзана Хасани Јусуфи, претставува оригинален и самостоен научен труд и во целост ги исполнува условите согласно Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Комисијата смета дека трудот е автентичен и актуелен, има значаен научен и апликативен придонес, во целина ги обработува поставените проблеми и ги содржи сите елементи на научен труд, со јасно дефинирани цели, прецизно изложени материјал и методи, и детално прикажани и статистички обработени резултати на студијата. Дискусијата и заклучоците се објективни и даваат прецизни одговори на поставените цели. Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката д-р Арзана Хасани Јусуфи со наслов: **„УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА НЕИНВАЗИВНИТЕ МЕТОДИ, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА SHEAR WAVE ЕЛАСТОГРАФИЈАТА ВО ДЕТЕКЦИЈА НА СТЕПЕНОТ НА ХЕПАТАЛНАТА ФИБРОЗА“.**

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Викторија Чаловска Иванова, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Мери Трајковска, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Розалинда Попова Јовановска, член, с.р.**
**Проф. д-р Гордана Петрушевска ,член, с.р.**
**Проф. д-р Бети Зафирова Ивановска, член, с.р.**

***Прилог бр. 2***

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): МЕТОДИКА (50504) И ПЕДАГОГИЈА (50500) НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ од 1-2.7.2023 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини) методика (50504) и педагогија (50500), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-581/4, донесена на 21.9.2023, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Билјана Камчевска, редовен професор на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, д-р Татјана Котева-Мојсовска, редовен професор на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, и д-р Розалина Попова-Коскарова, редовен професор на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација, а врз основа на член 173 од Законот за високото образование, како и членовите 33, 34, 35 и 36 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (*Универзитетски гласник* бр. 411 од 5.11.2018), го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области (дисциплини) методика (50504) и педагогија (50500), во предвидениот рок се пријави само кандидатката д-р Весна Хорватовиќ, доцент на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.

Кон пријавата, кандидатката достави: кратка биографија со фотокопија од одлуката за избор во наставно-научно звање, доказ за стекнат соодветен степен на образование – доктор на науки, изјава за исполнување на општите и посебните услови за избор и список на објавени научни и стручни трудови. Составен дел од овој Извештај се и Образецот 1 за исполнетоста на општите услови за избор во наставно-научно звање –вонреден професор, согласно со Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018), како и Образецот 2 за исполнети посебни услови за избор во наставно-научно звање согласно со Анекс 1 и Табела 1 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (*Универзитетски гласник* бр. 411 од 5. 11. 2018), за кандидатката д-р Весна Хорватовиќ.

### 1 БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Весна Хорватовиќ е родена на 10.9.1970 година, во Скопје. Со високо образование се стекнала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на Институтот за општа и компаративна книжевност. Дипломирала во 1994 година, со просечен успех 8,1. Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Своето образование го продолжила на втор циклус (магистерски) студии на студиската програма Дидактика на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, а ги завршила со просечна оценка 10 (десет).

На 2.9.2010 година го одбранила магистерскиот труд на тема „Дидактичките компоненти на лектирните содржини во наставата по македонски јазик во основното училиште во Република Македонија“ и се стекнала со стручниот назив магистер по образование во областа дидактика.

Весна Хорватовиќ се запишала на докторски студии во учебната 2011/2012 година, на Институтот за педагогија при Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а ги завршила со просечна оценка 9,50.

Докторската дисертација на тема: „Третманот на говорниот развој и комуникациските вештини кај децата од предучилишна и рана училишна возраст“ ја одбранила на 9.12.2016 година,

пред Комисија во состав: проф. д-р Јасмина Делчева Диздаревиќ (претседател), проф. д-р Лена Дамовска (ментор), проф. д-р Татјана Котева-Мојсовска (член), проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска (член) и проф. д-р Соња Петрова (член), и се стекнала со научниот назив доктор по педагошки науки – елементарно образование.

На 30.1.2019 година, Весна Хорватовиќ е избрана во звањето доцент на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, во областите: 1. методика (Стратегии и техники на работа на стручната служба и Педагошка практика) и 2. педагогија (Медиумска култура и Односи на библиотеките со јавноста).

Во моментов, таа работи како доцент на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1183 од 31.12.2018 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1183, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2 Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата

<u>Наставно-образовна дејност</u>

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски во Скопје, кандидатката д-р Весна Хорватовиќ изведува предавања (настава), вежби и хоспитации со студенти на првиот циклус студии на студиските програми Одделенска настава, Предучилишно воспитание и Библиотекарство.

Кандидатката д-р Весна Хорватовиќ била ментор на 19 дипломски трудови и била член во комисија за оцена и одбрана на 26 дипломски трудови.

**Други активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот.**

**Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

<u>Научноистражувачка дејност</u>

Д-р Весна Хорватовиќ досега има објавено повеќе научни трудови од дидактичко-методската и педагошката област, од кои во последните пет години има објавено 6 (шест) научни труда во научно списание со меѓународен уредувачки одбор кое е индексирано во електронските бази: EBSCO, Google Scholar, 3 ( три) труда во меѓународно научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор од повеќе земји, како и еден труд во зборник од меѓународен научен собир. Кандидатката д-р Весна Хорватовиќ учествувала со секциски предавања на повеќе меѓународни, научни и стручни конференции, од кои ги издвојуваме: стручен собир „Building bridges towards a common future/ the Western Balkans on its path towards the European Union”, во организација на Konrad Adenauer Stiftung (2020); стручен собир „Образование за медиумска писменост во Северна Македонија“, во организација на IREX и USAID (2022).

Д-р Весна Хорватовиќ учествувала како надворешен соработник во меѓународни образовни проекти спроведени од УНИЦЕФ (“Teacher professional and career system” (2021); “Inclusion of children with disabilities in pre-primary education” (2019).

Таа била раководител на три национални научни проекти, а се јавува и како учесник во реализацијата на четири национални научни проекти. Во изминатите пет години, кандидатката остварува резултати во делот на креирањето и реализацијата на проектни активности за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар (наставници и стручни соработници) во основните училишта во Република Северна Македонија во насока на подобрување на функционалната писменост на учениците.

**Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот. Називите на трудовите, проектите и сл. се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Во рамките на стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, кандидатката д-р Весна Хорватовиќ учествувала во повеќе работни тела и комисии поврзани со дејноста на Факултетот и, пошироко, во различни подрачја на образованието.

Д-р Весна Хорватовиќ била рецензент на 2 (два) елабората за национални научноистражувачки проекти, како и на научните резултати од нивната реализација. Таа учествувала во подготовката на повеќе научно-образовни проекти, од кои ги издвојуваме: Проектот за медиумска писменост: „Медиумската и информациската писменост за образовните процеси во предучилишните установи и основните училишта во Република Северна Македонија“, поддржан од УСАИД во рамки на проектот „Младите размислуваат“ (2022), и реализација на акредитираната програма од Бирото за развој на образованието за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар (наставници и стручни соработници) во основните училишта во Република Северна Македонија.

Во делот на стручното усовршување, кандидатката посетувала две едномесечни обуки, реализирани од страна на International Baccalaureate – IB, Professional Development и се здобила со сертификати за: Language A- Literature, Diploma Programme (март 2023) и Hed of school, Diploma Programme (мај 2022).

Кандидатката д-р Весна Хорватовиќ е актуелен продекан за финансии на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.

**Други активности од Анекс 1 кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот. Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатката д-р Весна Хорватовиќ, во 2022 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Весна Хорватовиќ.

| 40 | „Пожар“, епизода од ТВ-серија „Преспав“ (2020), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од мал формат) | 3 |
| 41 | „Транс тоалет“, епизода од ТВ-серија „Преспав“ (2020), коавтор, коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од мал формат) | 3 |
| 42 | „Боро и Рамиз“, епизода од ТВ-серија „Преспав“ (2020), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од мал формат) | 3 |
| 43 | „Избор за мис на Преспа“, новогодишен мјузикл (2020), автор (авторство на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од мал формат) | 4 |
| 44 | „Миле Први Бузалевски“, епизода од ТВ-серија „Преспав“ (2021), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од мал формат) | 3 |
| 45 | „Империја“, епизода од ТВ-серија „Преспав“ (2021), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од мал формат) | 3 |
| 46 | „Крвна плазма“, епизода од ТВ-серија „Преспав“ (2021), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од мал формат) | 3 |
| 47 | „Тартуфи“, епизода од ТВ-серија „Преспав“ (2021), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од мал формат) | 3 |
| 48 | „Инфлуенсерка“, епизода од ТВ-серија „Преспав“ (2021), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од мал формат) | 3 |
| 49 | „Моногамист“, епизода од ТВ-серија „Преспав“ (2021), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од мал формат) | 3 |
| 50 | „Банкарот бегалец“, епизода од ТВ-серија „Преспав“ (2021), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од мал формат) | 3 |
| 51 | „Млеко од магарица“, епизода од ТВ-серија „Преспав“ (2021), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од мал формат) | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 52 | „Акт работилница“, епизода од ТВ-серија „Преспав“ (2021), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од мал формат) | 3 |
| 53 | „Миле vs Миле“, епизода од ТВ-серија „Преспав“ (2021), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од мал формат) | 3 |
| 54 | „Светски а наш“, епизода од ТВ-серија „Преспав“ (2021), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од мал формат) | 3 |
| 55 | „Прана“, епизода од ТВ-серија „Преспав“ (2021), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од мал формат) | 3 |
| 56 | „Преспав мјузик хол“, новогодишерн мјузикл (2021), автор (авторство на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од среден формат) | 4 |
| 57 | „Нов почеток“, епизода од ТВ-серија „Преспав“ (2022), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од мал формат) | 3 |
| 58 | „Премија“, епизода од ТВ-серија „Преспав“ (2022), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од мал формат) | 3 |
| 59 | „Термална бања“, епизода од ТВ-серија „Преспав“ (2022), коавтор, (Авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од мал формат) | 3 |
| 60 | „Карабина“, епизода од ТВ-серија „Преспав“ (2022), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од мал формат) | 3 |
| 61 | „Ние не сме ангели“, епизода од ТВ-серија „Преспав“ (2022), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од мал формат) | 3 |
| 62 | „Професор Марио“, епизода од ТВ-серија „Преспав“ (2022), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од мал формат) | 3 |
| 63 | „Зете мили зете“, епизода од ТВ-серија „Преспав“ (2022), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од мал формат) | 3 |
| 64 | „Тетка од Ресен“, епизода од ТВ-серија „Преспав“ (2022), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од мал формат) | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 65 | „Наследнички“, епизода од ТВ-серија „Преспав“ (2022), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од мал формат) | 3 |
| 66 | „В'лчишта“, епизода од ТВ-серија „Преспав“ (2022), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од мал формат) | 3 |
| 67 | „Нуклеарно оружје“, епизода од ТВ-серија „Преспав“ (2022), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од мал формат) | 3 |
| 68 | „Пинк пантерка“, епизода од ТВ-серија „Преспав“ (2022), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од мал формат) | 3 |
| 69 | „Искушеничка“, епизода од ТВ-серија „Преспав“ (2022), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од мал формат) | 3 |
| 70 | „Пансион на годината“, епизода од ТВ-серија „Преспав“ (2022), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од мал формат) | 3 |
| 71 | „Месија“, епизода од ТВ-серија „Преспав“ (2022), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од мал формат) | 3 |
| 72 | „Двојна игра“, епизода од ТВ-серија „Преспав“ (2022), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од мал формат) | 3 |
| 73 | „Треска за биткоини“, епизода од ТВ-серија „Преспав“ (2022), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од мал формат) | 3 |
| 74 | „Преспанска лигња“, епизода од ТВ-серија „Преспав“ (2022), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од мал формат) | 3 |
| 75 | „Светот на Зоки Поки“, епизода од ТВ-серија „Зоки Поки“ (2020), автор (авторство на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од среден формат) | 4 |
| 76 | „Кампување“, епизода од ТВ-серија „Зоки Поки“ (2020), автор (авторство на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од среден формат) | 4 |
| 77 | „Астронаут“, епизода од ТВ-серија „Зоки Поки“ (2020), автор (авторство на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од среден формат) | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| 78 | „Опасен гостин“, епизода од ТВ-серија „Зоки Поки“ (2020), автор (авторство на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од среден формат) | 4 |
| 79 | „Моја среќа“, епизода од ТВ-серија „Зоки Поки“ (2020), автор (авторство на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од среден формат) | 4 |
| 80 | „Народот против Томе Глобовски“, епизода од ТВ-серија „Куќен притвор“ (2022), автор (авторство на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од среден формат) | 4 |
| 81 | „Ојде стано“, епизода од ТВ-серија „Куќен притвор“ (2022), автор (авторство на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од среден формат) | 4 |
| 82 | „Вера против Сузе“, епизода од ТВ-серија „Куќен притвор“ (2022), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од среден формат) | 3 |
| 83 | „Ѓубре“, епизода од ТВ-серија „Куќен притвор“ (2022), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од среден формат) | 3 |
| 84 | „А бре Македонче“, епизода од ТВ-серија „Куќен притвор“ (2022), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од среден формат) | 3 |
| 85 | „Парите се отепувачка“, епизода од ТВ-серија „Куќен притвор“ (2022), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од среден формат) | 3 |
| 86 | „Марама и танга“, епизода од ТВ-серија „Куќен притвор“ (2022), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од среден формат) | 3 |
| 87 | „Стриптиз бар“, епизода од ТВ-серија „Куќен притвор“ (2022), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од среден формат) | 3 |
| 88 | „Лав из ин ди ер“, епизода од ТВ-серија „Куќен притвор“ (2022), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од среден формат) | 3 |
| 89 | „Змиски отров“, епизода од ТВ-серија „Куќен притвор“ (2022), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од среден формат) | 3 |
| 90 | „Добивка“, епизода од ТВ-серија „Куќен притвор“ (2022), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од среден формат) | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 91 | „Тиндер“, епизода од ТВ-серија „Куќен притвор“ (2022), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од среден формат) | 3 |
| 92 | „Брачен советник“, епизода од ТВ-серија „Куќен притвор“ (2022), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од среден формат) | 3 |
| 93 | „Ајдучка трева“, епизода од ТВ-серија „Куќен притвор“ (2022), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од среден формат) | 3 |
| 94 | „Криза“, епизода од ТВ-серија „Куќен притвор“ (2022), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од среден формат) | 3 |
| 95 | „Бегство“, епизода од ТВ-серија „Куќен притвор“ (2022), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од среден формат) | 3 |
| 96 | „Ресенски џез“, епизода од ТВ-серија „Куќен притвор“ (2022), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од среден формат) | 3 |
| 97 | Ин корпоре сано, епизода од ТВ-серија „Куќен притвор“ (2022), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од среден формат) | 3 |
| 98 | „Адвокатот на ѓаволот“, епизода од ТВ-серија „Куќен притвор“ (2022), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од среден формат) | 3 |
| 99 | „Петок 13-ти“, епизода од ТВ-серија „Куќен притвор“ (2022), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од среден формат) | 3 |
| 100 | „Крунски пораки“, епизода од ТВ-серија „Куќен притвор“ (2022), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од среден формат) | 3 |
| 101 | „Детектор за лаги“, епизода од ТВ-серија „Куќен притвор“ (2022), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од среден формат) | 3 |
| 102 | „Заштитен сведок“, епизода од ТВ-серија „Куќен притвор“ (2022), коавтор (авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од среден формат) | 3 |
| 103 | Моите правни практики, епизода од ТВ-серија „Куќен притвор“ (2022), автор, (Авторство на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од среден формат) | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| 104 | Афера, епизода од ТВ-серија „Куќен притвор“ (2022), коавтор, (Авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од среден формат) | 3 |
| 105 | Томе егзотик, епизода од ТВ-серија „Куќен притвор“ (2022), коавтор, (Авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од среден формат) | 3 |
| 106 | Навје-Стоксови равенки, епизода од ТВ-серија „Куќен притвор“ (2022), коавтор, (Авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од среден формат) | 3 |
| 107 | Икрата беше даровна, епизода од ТВ-серија „Куќен притвор“ (2022), коавтор, (Авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од среден формат) | 3 |
| 108 | Новата Сузе, епизода од ТВ-серија „Куќен притвор“ (2022), коавтор, (Авторско учество на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од среден формат) | 3 |
| 109 | Живот со прозопагнозија, епизода од ТВ-серија „Куќен притвор“ (2022), автор, (Авторство на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од среден формат) | 4 |
| 110 | Мојата формула за успешна жена, епизода од ТВ-серија „Куќен притвор“ (2022), автор, (Авторство на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од среден формат) | 4 |
| 111 | Пресуда, епизода од ТВ-серија „Куќен притвор“ (2022), автор, (Авторство на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од среден формат) | 4 |
| | **ВКУПНО ПОЕНИ од СУ** | **381** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**

| **Ред. број** | **Назив на дејноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Гбек-фестивал на игран филм, Канада – Награда за најдобар филм (Меѓународна награда за научни и уметнички постигнувања – учесник во тим) | 4 |
| 2 | ИндиФест филмски награди, САД – Награда за извонредно достигнување (Меѓународна награда за научни и уметнички постигнувања – учесник во тим) | 4 |
| 3 | Ворлд фест интернационален филмски фестивал, Хјустон, САД – *бронзена Реми награда* (Меѓународна награда за научни и уметнички постигнувања – учесник во тим) | 4 |
| 4 | Фестивал на европски филм, Лече, Италија/Компетиција *Златно маслиново дрво* – Награда од публиката; Награда од Cineuropa (Меѓународна награда за научни и уметнички постигнувања – учесник во тим) | 4 |
| 5 | Вршење на должноста декан | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| 6 | Продекан за настава | 4 |
| 7 | Шеф на Катедрата за театарска и филмска драматургија | 3 |
| 8 | Член на факултетска Комисија за упис | 0,5 |
| 9 | Претседател на факултетска Комисија за јавни набавки | 0,5 |
| 10 | Член на национална жири-комисија за наградата „Славко Јаневски“ за роман на годината (јануари – март 2023) | 1 |
| | **ВКУПНО ПОЕНИ од СУ** | **31** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 82,8 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 7 |
| СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | 381 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 31 |
| **ВКУПНО** | **501,8** |

**Комисија**

**Проф. д-р Сашко Насев, претседател, с.р.**
**Проф. м-р Маја Стевановиќ, член, с.р.**
**Проф. м-р Лазар Секуловски, член, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „АНАЛИЗА НА ОДЗИВОТ НА ИНСТРУМЕНТИТЕ ЗА МЕРЕЊЕ ЕЛЕКТРИЧНА МОЌНОСТ И ЕНЕРГИЈА ВО НЕСИНУСНИ УСЛОВИ“ ОД М-Р КИРИЛ ДЕМЕРЏИЕВ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на предлогот на Советот на студиската програма Метрологија на трет циклус – докторски студии, усвоен на седницата одржана на 23.8.2023, Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 23.8.2023 година, донесе Одлука со број 02-1363/11, за формирање Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот **м-р Кирил Демерџиев** со наслов: **Анализа на одзивот на инструментите за мерење електрична моќност и енергија во несинусни услови**, во состав: проф. д-р Марија Чундева-Блајер (претседател), проф. д-р Владимир Димчев (ментор), проф. д-р Живко Коколански (член), вонр. проф. д-р Маре Србиновска (член) и проф. д-р Платон Совиљ (надворешен член, Универзитет во Нови Сад, Факултет за технички науки, кој изјавил дека го познава македонскиот јазик и поради тоа Извештајот се пишува на македонски јазик).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### СТРУКТУРА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот **м-р Кирил Демерџиев**, со наслов: **Анализа на одзивот на инструментите за мерење електрична моќност и енергија во несинусни услови**, содржи 149 страници компјутерски обработен текст, со фонт Times New Roman, со големина на букви 12 и единечен проред. Во дисертацијата се изложени 60 илустрации, 16 табели и 4 додатоци. Во рамки на цитираната литература, опфатени се 107 библиографски единици, и тоа: научни публикации, книги, меѓународни стандарди и препораки, поранешни магистерски трудови и докторски дисертации, како и интернет-ресурси.

Структурно, докторската дисертација е поделена во осум поглавја, од кои првите три го сочинуваат теоретскиот дел од истражувањето, а понатамошните четири се однесуваат на приказ на резултатите од практичните испитувања и математичкото моделирање на мерна неодреденост. Во последното, осмо поглавје, презентирани се заклучоците од истражувањата.

**Првата глава** го претставува воведното изложување, во кое се наведени достигнувањата во конкретната научна област, целите и очекуваната примена на резултатите од докторската дисертација. Во првиот дел од оваа глава, покрај презентација на историската рамка за проучувањето на квалитетот на електрична енергија и вишите хармоници, како значајни претставници на конкретната област од електротехниката, направен е и преглед на литературата, од аспект на постоечки стандарди, препораки и законска регулатива во доменот на испитување уреди за мерење електрична моќност и/или енергија во несинусни услови. Анализата на достигнувањата во научната област опфаќа презентација на најважните публикации, кои се релевантни за конкретното истражување и можноста за нивно групирање врз база на потесната област која истите ја покриваат. Во продолжение накусо се прикажани целите и текот на истражувањето, преку можноста за надополнување на постојните достигнувања, а на самиот крај претставен е и потенцијалот за понатамошна примена на добиените резултати.

Во **втората глава** е презентиран основниот математички апарат за анализа на вишите хармоници. Во конкретното изложување илустрирани се: начинот на приказ на изобличените напони и струи во временски и фреквентен домен, пристапот за корелација помеѓу хармониските и фундаменталните компоненти на сигналите, кој ги вклучува и фазните поместувања помеѓу нив, изразите за приказ на ефективната вредност на изобличените напони и струи и степенот на вкупно хармониско изобличување, како и пристапите за евалуација на различните компоненти на моќност. Покрај приказот на активната моќност, која е еднозначно дефинирана во хармониски

изобличени услови, особено внимание е посветено на различните перспективи за евалуација на реактивната и привидната моќност, базирани на различни дефиниции и толкувања за конкретните електрични величини. На самиот крај од ова изложување прикажан е начинот на пресметка и физичкото толкување на поимот фактор на моќност во несинусни услови.

**Третата глава** е резервирана за претставување на мерните алгоритми, имплементирани во различни, комерцијално достапни, уреди за мерење електрична моќност/енергија, како и за теоретски приказ на можностите за регистрирање на конкретните величини, при хармониско изобличување на влезните сигнали. Алгоритмите за мерење се илустрирани најпрво од аспект на три различни генерации броила за активна енергија: индукциски, електронски и дигитални; за потоа да се претставaт и адаптациите на овие решенија, со цел добивање уреди за мерење реактивна електрична моќност/енергија. Во вториот дел од оваа глава, прикажани се референтните уреди, односно еталоните во сопственост на акредитирана лабораторија за калибрација на инструменти за електрични величини, кои ќе бидат применети во практичниот дел од анализата, за репродукција на изобличените сигнали и нивно мерење со врвна метролошка точност. Од аспект на еталоните, прикажан е нивниот интерфејс, преку кој се реализира нагодувањето на хармониските изобличувања и/или нивното отчитување, и начините за презентација на мерните резултати.

**Четвртата глава** е посветена на анализа на резултатите, добиени во рамки на првични практични истражувања. Во истата се прикажани грешките, измерени при реализација на тест-процедури, применети врз три броила за активна енергија, од различен тип. Во рамки на овие првични испитувања, применети се напони и струи кои поседуваат случајно хармониско изобличување, со интензитет кој е во корелација со барањата и ограничувањата пропишани во постојните меѓународни стандарди и препораки. Од добиените резултати се извлечени првични заклучоци за одзивот на мерната инструментација во несинусни услови, а тие понатаму се усвоени како основа за воспоставување детална испитна постапка, која опфаќа строго контролирани хармониски изобличени услови.

Во **петтата глава** се прикажани резултати од детален испитен протокол, спроведен врз еталонско броило за активна енергија, во рамки на кој се опфатени напони и струи со строго контролирано хармониско изобличување. Почетна точка за воспоставување на испитниот протокол, претставуваат тест-сигналите наведени во стандардот EN 50470-3:2006+A1:2018. За да се прикаже одзивот на инструментот во функција од промената на различни, фундаментални и хармониски, параметри на применетите сигнали, реализирани се пет испитни процедури, а во секоја од нив, во испитните напони и струи, покрај компонентите со фреквенција од 50 Hz, фигурираат виши хармоници од само еден ред. Во секоја процедура само еден параметар на вишите хармоници: ред, релативен удел и почетно фазно поместување; се менува, додека останатите се одржуваат на константна вредност. Поединечните процедури се состојат од неколку потпроцедури, кои одговараат на различна вредност на променливиот хармониски параметар. Во рамки на секоја потпроцедура, спроведени се мерења во девет различни точки, кои одговараат на различна вредност на фазниот агол помеѓу фундаменталните компоненти на сигналите, $\varphi_1$. Резултатите од испитниот протокол, во рамки на поединечните тест-процедури, се прикажани графички, како криви на грешка за различна вредност на променливиот хармониски параметар, во релативен $\delta_P=f(\varphi_1)$, односно апсолутен $\Delta P=f(\varphi_1)$ облик, во функција од вредноста на фундаменталниот фазен агол. Од приказот на отстапувањата на испитуваниот уред во релативен облик, се добиваат сознанија за интензитетот на грешките, во однос на вредноста на променливиот хармониски параметар и во однос на уделот на активна моќност во системот. Врз основа на приказот на грешките во апсолутен облик, предложен е модел за нивна математичка евалуација, во кој фигурираат сите променливи параметри на сигналите. Аналитичкиот модел за приказ на отстапувањата, кои врз база на заклучоците од спроведените практични испитувања се должат на неусогласеноста помеѓу мерниот алгоритам на инструментот и начинот на пресметка на референтната големина, е валидиран со помош на тест-сигнали со случајно хармониско изобличување, и мерна инструментација од највисока класа на точност (примарниот еталон на лабораторијата). На тој начин е спроведена потполна верификација за начинот на приказ на активната електрична моќност и/или енергија кај инструменти базирани на дигитално процесирање сигнали, при случајни изобличувања на влезните напони и струи.

Во **шестата глава** се прикажани резултати од тестирања, спроведени врз броило за мерење реактивна енергија, со хармониски изобличени напони и струи. За целите на оваа испитна постапка, применет е тест-протокол како и во анализата која ги опфаќа мерилата за активна моќност/енергија, со единствена разлика во опсегот на промена на фундаменталниот фазен агол, чијашто вредност ги детерминира поединечните мерни точки. Одзивот на броилото, покрај во функција од променливите хармониски и фундаментални параметри на сигналите, се анализира и во однос на три различни пристапи за евалуација на референтната реактивна моќност, при идентични изобличувања на применетите напони и струи. За целта на ова истражување, најпрво како референтна големина е усвоен делот од вкупната „неактивна“ моќност, кој произлегува исклучиво од компонентите на сигналите со основна фреквенција. Врз база на споредбата помеѓу измерената вредност и фундаменталната реактивна моќност, утврден е принципот на мерење на броилото (кој не е *a priori* познат), а грешките се повторно прикажани како засебни криви, за различна вредност на променливиот хармониски параметар. Преку поединечните криви на грешка е илустрирана промената на отстапувањата во функција од уделот на реактивна моќност во системот. Покрај во однос на референтната фундаментална реактивна моќност, покажувањето на испитуваниот уред се споредува и со референтните вредности на наведената електрична големина, пресметани согласно со пристапите за евалуација предложени од страна на *C. Budeanu* и *S. Fryze*. Овие две дефиниции се избрани поради фактот што истите претставуваат основни пристапи за анализа во фреквентен, односно временски, домен, соодветно. И во однос на референтната реактивна моќност, пресметана согласно со теориите на *Budeanu* и *Fryze*, одзивот на броилото е прикажан во форма на засебни криви на грешка, за различни вредности на променливите хармониски параметри, од кои е извршена квантитативна и квалитативна анализа на отстапувањата од перспектива на мерниот алгоритам на самиот уред. Во рамки на овој дел од практичната анализа, повторно е применет и примарниот еталон на лабораторијата, чијшто принцип на мерење не се совпаѓа со оној на испитуваното броило. На крајот од ова изложување илустриран е и математички модел за приказ на грешките, доколку одзивот на еден инструмент се споредува со покажувањето на референтен уред, чијшто принцип на мерење е базиран на различен мерен алгоритам.

Во **седмата глава** е прикажан математички модел за евалуација на мерна неодреденост, при мерењето активна и/или реактивна моќност/енергија, во несинусни услови. Моделот за приказ на буџетот на мерна неодреденост е воспоставен во согласност со насоките презентирани во *Упатството за изразување на мерна неодреденост* (англ. *Guide to the expression of uncertainty in measurement-GUM).* Пристапот за евалуација е базиран на индиректно мерење електрична моќност, поради претходно утврдените неусогласености помеѓу мерните алгоритми, имплементирани во постојните, комерцијално достапни инструменти и теоретските пристапи за пресметка на конкретните електрични големини, во несинусни услови. Појдовен чекор во математичкото моделирање претставува утврдувањето влијателни фактори, кои придонесуваат за постоење неодреденост, при директното мерење на параметрите на сигналите кои не се афектирани од гореспоменатата неусогласеност, помеѓу измерената и зададената вредност на мерената величина. За неодреденоста, придружена кон директното мерење: релативен удел и почетно фазно поместување на поединечните виши хармоници, ефективни вредности на применетите напони и струи и фазен агол помеѓу фундаменталните компоненти на сигналите, да се прикаже во формат на мерената моќност, применети се преносни функции и соодветно се изведени коефициенти на чувствителност, изразени од основните равенки за анализа на приликите во системот, во хармониски изобличени услови. За валидација на вака реализираниот математички модел, применети се испитни сигнали со случајно изобличување, врз примарниот еталон на лабораторијата. Заклучоците што произлегуваат од практичните мерења, понатаму се усвоени како основа за симулација на промените на вкупната мерна неодреденост, при промена на вредноста на поединечни хармониски параметри од испитните сигнали.

Во последното, осмо поглавје, прикажани се сумираните заклучоци од спроведените теоретски и практични истражувања, најважните поенти кои би наишле на понатамошна широка примена на резултатите, како и насоки за понатамошно делување и истражување.

### Предмет и цели на истражување

Теоретските и практичните истражувања, опфатени во рамки на докторската дисертација, се ориентирани кон детерминирање на одзивот на различните уреди за мерење електрична моќност и/или енергија во несинусни, хармониски изобличени, сигнални услови. И покрај тоа што во постојните меѓународни стандарди и препораки се наведени барања за тестирање на уредите, кои наоѓаат примена во рамките на законската метрологија, со хармониски изобличени напони и струи, воспоставувањето стандардизиран протокол за испитување не претставува воопшто едноставен процес. Основната причина за тоа е фактот што во постојната регулатива, не се и не е возможно да бидат опфатени сите сигнални прилики кои би се јавиле во системот, во периодот на експлоатација на некој мерен уред. Некои изобличувања се краткотрајни и се резултат на брзи преодни процеси, па како такви можеби можат и да се занемарат при приказ на перформансите на инструментацијата во реален работен режим. Од друга страна, можат да се јават и изобличувања кои, во рамки на постојните прилики во системот, се присутни во стационарен режим на работа, а со тоа истите и константно да влијаат врз покажувањата на инструментите. Од аспект на изобличувањата, фактот што постојат повеќе различни променливи параметри кај поединечните виши хармоници, како што се: ред, релативен удел и почетно фазно поместување во однос на фундаменталните компоненти, дополнително ја усложнува можноста за воспоставување испитен протокол во кој ќе се прикажат грешките на еден инструмент, во однос на сите можни варијации на влезните сигнали.

За да можат да се прикажат разликите во покажувањата на инструментите за мерење електрична моќност/енергија, во несинусни услови, при промена на различни параметри на влезните напонски и струјни сигнали, во докторската дисертација се реализирани детални испитни протоколи. Овие шеми на испитување, кои опфаќаат тест-сигнали со строго контролирано изобличување, т.е. во кои се присутни виши хармоници од само еден ред, се применети за тестирање различни инструменти, чиишто принцип на работа е базиран на различни алгоритми за мерење. При континуирана промена на поединечните параметри на вишите хармоници и фундаменталните компоненти на сигналите, може да се направи квантитативна и квалитативна анализа на грешките на испитуваните уреди. Отстапувањата на тестираните инструменти, во рамки на докторската дисертација, се анализирани исклучиво од аспект на усогласеноста помеѓу постојните алгоритми за мерење електрична моќност/енергија, и теоретски наведените принципи за евалуација на конкретните електрични величини, во несинусни услови. Врз база на квалитативно толкување на измерените грешки, може да се изврши математичко моделирање на отстапувањата, поради претходно спомenатата неусогласеност, а со тоа и аналитички да се прикаже покажувањето на некој конкретен тип мерила, во хармониски изобличена средина. Кај инструментите наменети за мерење реактивна моќност/енергија, практичен интерес претставува и илустрацијата на приказот на постојните мерни решенија во однос на различните пристапи за евалуација на конкретните електрични величини, во присуство на виши хармоници. Особено значајна е анализата која го опфаќа покажувањето на испитуваниот уред во однос на зададената фундаментална реактивна моќност, во согласност со барањата на стандардот IEEE 1459. Значаен чекор при воспоставувањето протокол за испитување инструменти за мерење електрична моќност/енергија, во несинусни услови, претставува дефинирањето и аналитичкото претставување на влијателните фактори кои придонесуваат во буџетот на мерна неодреденост. Преку математичко моделирање на мерната неодреденост, со земање во предвид на заклучоците од реализираните мерења, се отвора пат за воспоставување непрекинат синџир на метролошка следливост, во доменот на мерење и репродукција на хармониски изобличени наизменични сигнали.

### Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Во докторската дисертација, опфатени се и цитирани се 107 библиографски единици. Овие референци опфаќаат научна и стручна литература од полето на квалитетот на електрична енергија, а најголемиот дел од нив се посветени токму на потесната област на испитување електрична инструментација во несинусни сигнални услови.

Делот на постојната регулатива ги опфаќа примарно стандардите од фамилијата EN 50470, во кои се прикажани барањата за точност кои треба да ги исполнат различните типови броила за

мерење активна енергија, кои припаѓаат на поединечни класи на точност. Покрај границите на грешка, во наведените стандарди, презентирани се и тест-сигнали кои треба да се применат за утврдување на перформансите на овие инструменти во реален работен режим. Пример за тест сигнали, презентирани во стандардот EN 50470-3, кои се широко прифатени од научната заедница, и се имплементирани во делот на истражувањата на бројни автори, претставуваат напоните и струите, кои покрај компонентите со фундаментална фреквенција, содржат и виши хармоници од 5$^{ти}$ ред, со ограничување за вкупното хармониско изобличување од 10 %, односно 40 %, респективно. Токму овие тест-сигнали се усвоени како основа при воспоставувањето детални испитни протоколи за тестирање различни мерни уреди во рамки на истражувањата од докторската дисертација, со тоа што рамката на стандардите е надмината преку континуирана промена на поединечните параметри: ред, удел и почетно фазно поместување; на вишите хармоници. Слична област од делот на постојната регулатива е опфатена и во рамки на меѓународната препорака OIML R 46, во која се прикажани барањата за точност, односно ограничувањата на грешките кај броилата за активна енергија, од различна класа на точност, во различни тест-услови. Во оваа препорака е опфатен и делот на хармониски изобличувања на применетите напони и струи, а предложени се и неколку сета испитни сигнали во кои фигурираат повеќе непарни виши хармоници од различен ред, со слични ограничувања во однос на вкупното хармониско изобличување, како и ограничувањата презентирани во EN 50470-3. Во делот на испитување инструменти за мерење реактивна моќност и/или енергија, наведени се стандардите од фамилијата IEC 62053, иако во истите, барањата за точност се ограничени на синусни сигнални услови. Во доменот на мерење реактивна моќност/енергија особено значајна е публикацијата на стандардот IEEE 1459, во кој се нагласени барањата за мерење единствено на фундаменталната компонента на реактивната моќност, дури и при хармониско изобличување на применетите напони и струи.

Наведените стандарди се прифатени од бројни автори во рамки на нивните истражувања, а значителен дел од публикациите кои се однесуваат на нивна примена се опфатени во рамки на релевантната литература, применета при воспоставувањето истражувачки проблем за изработка на оваа докторска дисертација. Некои автори ги имплементираат барањата и наведените тест-услови, од постојните стандарди и препораки, за испитување оригинално изведени мерни решенија, додека други прават споредба помеѓу покажувањата на комерцијално постојните уреди, кога тие се испитуваат во рамки на стандардизирани и нестандардизирани тест-процедури. Дополнително, утврдени се и истражувања во кои се предложени оригинално изведени тест-протоколи, кои се базирани на сознанијата за максималните изобличувања кои можат да се јават во некоја точка од системот. Во публикациите, кои се однесуваат на испитување инструменти за мерење активна моќност/енергија, вообичаено е илустрирана квантитативна и квалитативна анализа на грешките кои ги прават овие уреди, во однос на промената на различни параметри на испитните сигнали, како што се: вкупно хармониско изобличување на испитните напони и струи, фундаментален фазен агол (односно фактор на моќност), времетраење на изобличувањата, интензитет на струјно оптоварување на инструментите во однос на номиналните параметри на мерилата, итн.

Во најголемиот дел од публикациите кои се однесуваат на испитувањето мерила за реактивна моќност/енергија, повторно се усвоени барањата на постојните стандарди, со нагласок за потребата од мерење единствено на фундаменталната реактивна моќност и со акцент на проблемот поради неуниформното дефинирање на оваа електрична големина, во несинусни услови. Релевантните истражувања од областа можат да се поделат во две главни категории, врз база на потесната проблематиката која ја покриваат. На првата група припаѓаат публикациите кои се однесуваат на испитувањето инструменти, кои поседуваат различни принципи на мерење, со тест-сигнали со случајно изобличување, имајќи го предвид непостоењето стандардизирани протоколи за тестирање со хармониски изобличени сигнали. Акцентот во овие истражувања е ставен на одзивот на инструментите за конкретните електрични величини, кои се базирани на различни алгоритми за мерење, и несоодветната примена на уреди од еден тип, како референтни еталони, во рамки на калибрациски и верификациски постапки применети врз инструменти, со алтернативен принцип на мерење. Втората група на публикации се однесува на можноста за детекција единствено на фундаменталната реактивна моќност, при хармониско изобличување на влезните сигнали, со постојните, комерцијално достапни мерила. Некои автори се фокусирани и

на изведба, а следствено на тоа и презентација, на оригинални решенија за мерење, кои се во согласност со ова барање на стандардите.

Во мал дел од публикациите, покрај анализа на отстапувањата, регистрирани кај различни мерила за активна и/или реактивна моќност/енергија, предложени се и перспективи за евалуација на мерната неодреденост, во специфицираните услови. Во рамки на овие истражувања, потенцирана е потребата од квантифицирање на влијателните фактори, кои зависат од степенот на изобличување на применетите напони и струи, како компоненти на мерна неодреденост.

**КРАТОК ОПИС НА ПРИМЕНЕТИТЕ МЕТОДИ**

За реализација на докторската дисертација, применети се квантитативни и квалитативни научни методи. Во делот на теоретските истражувања, доминантен е квалитативниот приод за анализа на литературата, од три основни перспективи:

- изнаоѓање релевантни научни публикации од потесната област на истражување, со цел дефинирање на проблематиката која ќе се разработи во дисертацијата;
- изнаоѓање соодветна стручна литература, која ќе послужи за аналитичка евалуација и презентација на сите прилики во системот, кои се предмет на понатамошна дискусија;
- изнаоѓање соодветна стручна литература, која ги покрива принципите на работа на инструментацијата за мерење електрична моќност/енергија.

Анализата на досегашните публикации се однесува примарно на групирање на постојните истражувања, врз основа на потесната област која тие ја покриваат. Врз база на направената селекција, извршена е систематизација на применетите методи и добиените резултати, а со тоа се утврдени досегашните достигнувања и потенцијалот за нивно надополнување, кој би резултирал со оригинален научен придонес. Делот на селекција на стручната литература примарно резултира со презентација на базичен математички апарат за анализа на системските прилики во случај на хармониско изобличување на сигналите, кој треба да послужи како основа за понатамошните практични испитувања. Од друга страна, делот од стручната литература кој се однесува на инструментацијата, резултира со приказ на постојните алгоритми за мерење електрична моќност/енергија и прелиминарна анализа на нивната соодветност за примена, во несинусни сигнални услови.

Практичниот дел од истражувањата е реализиран со примена на квантитативни и квалитативни методи, и ги опфаќа:

- приодот на воспоставување оригинален протокол за испитување различни инструменти за мерење електрична моќност/енергија, во несинусни услови;
- начинот на приказ на резултатите од испитувањата и нивното толкување,
- математичкото моделирање на реалните покажувања на различните уреди, базирано на теоретските сознанија и добиените резултати;
- приодот за воспоставување и аналитичка евалуација на мерната неодреденост, базиран на постоен, добро утврден и широко применет пристап.

Процесот на воспоставување детален протокол за испитување на мерната инструментација директно произлегува од квалитативната анализа на достигнувањата во областа, односно од анализата на претходно применети тест-постапки, кои се базирани, но не и ограничени, на барањата наведени во постојните стандарди и препораки. Начинот на приказ на резултатите е утврден врз база на зададените цели од истражувањето, за илустрација на интензитетот на отстапувањата на мерилата и за приказ на нивниот одзив во хармониски изобличени услови. Врз база на квантитативната анализа на резултатите, одреден е интензитетот на грешките во различни мерни точки, кои одговараат на различно нагодување на испитните напони и струи. Од квалитативната анализа на грешките, кои се сортирани во однос на промената на фундаменталните и хармониски параметри на сигналите, извршено е математичко моделирање на одзивот на тестираните уреди. Во делот на воспоставување буџет на мерна неодреденост, применети се статистички (тип А) и нестатистички (тип Б) методи за евалуација, базирани на GUM, заедно со пристап за комбинирање на поединечните компоненти на мерна неодреденост, базиран на степенот на корелација помеѓу влијателните фактори. При математичкото моделирање на вкупната неодреденост, придружена кон мерената моќност/енергија,

искористени се заклучоците за квантитативната и квалитативната распределба на отстапувањата, при карактеристични варијации на мерните сигнали.

Од аспект на селекција на инструментацијата, која е применета во рамки на практичниот дел од дисертацијата, треба да се напомене дека во фокусот на истражувањето се мерните уреди од последната генерација дигитални инструменти, поради фактот што тие ги истиснуваат од употреба постарите, електромеханички и аналогни електронски уреди. Практичните испитувања се спроведени во акредитирана лабораторија за калибрација на мерила и еталони за електрични величини. Референтната опрема, која е употребена за целите на конкретното истражување, поседува висока класа на точност и документирана следливост до национални метролошки институти, па на тој начин истата припаѓа на синџирот на метролошка следливост, чијшто врв претставува Меѓународното биро за мери и тегови. И покрај тоа што опсегот на акредитација, а со тоа и следливоста, на лабораторијата, во сферата на наведените електрични величини, се однесуваат исклучиво на синусни сигнални услови, постои можност, со нејзиниот примарен и секундарен еталон, ZERA COM3003 и CALMET C300, да се мерат, односно генерираат хармониски изобличени напони и струи, кои симулираат различни реални прилики во електроенергетскиот систем. Анализата на можностите за мерење електрична моќност/енергија, во несинусни услови, е примарно спроведена врз различни броила за активна и реактивна енергија, како најшироко распространети уреди за мерење на овие физички величини, кои учествуваат во регулираната наплата на електрична енергија.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Резултатите од истражувањето се прикажани во четвртата, петтата, шестата и седмата глава од дисертацијата. Секоја глава се однесува на засебен проблем, па така:

- Во четвртата глава од дисертацијата, презентирани се резултати од првични практични испитувања, со тест-сигнали со случајно хармониско изобличување, спроведени врз инструменти за активна моќност/енергија, кои се базирани на различен принцип на мерење. Од резултатите, добиени согласно со спроведените мерење, утврдено е дека грешките кои се детектираат во несинусни услови, кај различни типови инструменти, се приближно еднакви со интринсичните отстапувања на мерилата, при чисто активно оптоварување ($\varphi_1$=0$^\circ$, односно cos$\varphi_1$=1), доколку вкупното хармониско изобличување е ограничено на 10 %, за применетите напони, односно 40 %, за применетите струи, во согласност со барањата на стандардите. Овој заклучок е валиден при каков било удел и почетно фазно поместување на вишите хармоници. Кога фундаменталните компоненти на сигналите се меѓусебно фазно поместени, при случаен удел и почетно фазно поместување на вишите хармоници, се детектираат грешки, кои при исти сигнални услови, идентично отстапуваат во однос на интринсичните грешки на различните мерила. Ова наведува на заклучок дека конкретните, дополнителни, отстапувања се резултат на идентичен физички феномен поврзан со начинот на регистрирање на вишите хармоници.
- Во петтата глава се претставени резултатите од деталниот испитен протокол, спроведен врз еталонско броило за активна енергија, кои подоцна се искористени за математичко моделирање на одзивот на овие уреди, во несинусни услови. Врз база на квантитативна анализа на грешките, утврдено е дека, при испитни напони со хармониско изобличување од 10 % и испитни струи со хармониско изобличување од 40 %, се регистрирани отстапувања кои достигнуваат вредност од ±16 %, во мерните точки кои соодветствуваат на $\varphi_1$=±60$^\circ$, т.е. на најмал удел на активна моќност во системот. Од квалитативната анализа на грешките, т.е. од воспоставениот математички модел за нивен приказ, се заклучува дека овие дополнителни отстапувања, во несинусни услови, се резултат на неусогласеноста помеѓу алгоритамот за мерење на инструментите и начинот на евалуација на референтната големина. Имено, регистрираните грешки се должат на спротивната насока на ротација на фазорите на вишите хармоници, во однос на насоката на ротација на фундаменталните компоненти, гледано од перспектива на испитуваниот уред. Овој заклучок и презентираниот математички модел се валидирани со примена на тест-сигнали, со случајно изобличување, и инструментација од највисока класа на точност.
- Во шестата глава презентирани се резултатите од спроведен детален испитен протокол со цел анализа на отстапувањата на различни инструменти за мерење реактивна моќност и/или

енергија, во хармониски изобличени услови, во однос на различни пристапи за толкување на конкретната величина Доколку се постави барање, инструментот да ја детектира единствено фундаменталната компонента на реактивната моќност/енергија, во согласност со стандардот IEEE 1459, тогаш најсоодветни за примена се мерилата кои се базирани на аналогно (фазно) поместување на напонските и струјните сигнали. Согласно со реализираните мерења, отстапувањето на еден ваков уред во однос на референтната фундаментална моќност/енергија е под ±1 %, при голем удел на реактивна моќност во системот ($\pm 45^{\circ} < \varphi_1 < \pm 90^{\circ}$). Грешката достигнува вредност до ±3 %, при помали фундаментални фазни агли, во случај кога вкупното хармониско изобличување е ограничено на 10 %, за применетите напони, односно 40 %, за применетите струи. Од друга страна, овие инструменти за мерење реактивна моќност/енергија, се несоодветни за детекција на конкретната големина, доколку таа се евалуира согласно со пристапите на *Budeanu* или *Fryze*. Во првиот случај, регистрирани се грешки, кои за истото ограничување на хармониската дисторзија, достигнуваат вредност од ±15 %, при најмалиот предвиден удел на реактивна моќност во системот. Овие отстапувања се резултат на два различни феномена. Дел од вкупната грешка е резултат на спротивната насока на ротација на фазорите на вишите хармоници, во однос на насоката на ротација на фазорите на фундаменталните компоненти, гледано од перспектива на испитуваниот уред. Остатокот е резултат на неможноста за детекција на комплетниот удел на хармониска моќност во системот, со примена на конкретниот мерен алгоритам, во согласност со теоретските изложувања. Во однос на можноста за мерење на вкупната „неактивна“ моќност во системот (дефиниција на *Fryze*), утврдено е дека овој тип инструменти покажуваат помала вредност од магнитудата на референтната големина. Разликата помеѓу измерената и референтната моќност/енергија достигнува вредност и до -55 %, а се должи примарно на постоењето на константна моќност на дисторзија, која не се регистрира од страна на испитуваниот уред. Од друга страна, врз база на мерења спроведени со примарниот еталон на лабораторијата, ZERA COM3003, утврдено е дека, инструментите базирани на дигитално (временско) поместување на напонските или струјните сигнали се несоодветни за детекција на фундаменталната реактивна моќност, во хармониски изобличени услови. Во рамки на испитувањата на конкретниот уред, регистрирани се големи отстапувања, и во однос на референтната моќност, пресметана согласно со пристапот на *Budeanu*, имајќи ги предвид претходните заклучоци за насоката на ротација на фазорите на вишите хармоници, но и фактот што, според овој мерен алгоритам, дел од компонентите на реактивна моќност, кои произлегуваат од вишите хармоници, се детектираат со спротивна насока на протекување. Во однос на референтната реактивна моќност, евалуирана согласно со пристапот на *Fryze*, овој тип мерила покажува слични перформанси како и инструментите, чиишто пристап на мерење е базиран на аналогно поместување на влезните сигнали.

- Во седмата глава е прикажан математички модел за евалуација на мерната неодреденост, базиран на индиректно регистрирање на наведените електрични величини. Прикажани се резултати од верификација на моделот, со користење на тест-сигнали со случајно изобличување, применети врз примарниот еталон на лабораторијата. Потоа илустрирани се и примери кои ја отсликуваат промената на вкупната неодреденост, придружена кон мерената моќност, при промена на поединечните хармониски параметри на применетите напони и струи. Математичкиот модел за евалуација на мерна неодреденост, нуди можност за воспоставување синџир на метролошка следливост во лабораторијата, во доменот на мерење и/или репродукција на наизменични несинусни сигнали. Од анализата на резултатите добиени во рамки на практичната валидација, може да се заклучи дека тој резултира со поголема вкупна неодреденост, во однос на вредноста добиена согласно со пристапот кој е валиден за директно мерење моќност, кој се применува во синусни услови. Особено значајна е анализата на зависност помеѓу интензитетот на мерна неодреденост и уделот на некој конкретен тип моќност во системот, имајќи ги предвид претходно добиените резултати, според кои детектирани се максимални отстапувања токму во оние мерни точки кои соодветствуваат на најмал предвиден удел на мерената големина, во однос на вкупно расположливата моќност. Од спроведените симулации може да се утврди дека различните хармониски параметри влијаат врз промената на вкупната мерната неодреденост, на еден или друг начин. Најголемиот предизвик за општа прифатливост на предложениот модел е

перспективата за негова примена кај мерната инструментација која не поседува можност за набљудување на сигналите во фреквентен домен.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на **м-р Кирил Демерџиев**, со наслов: **Анализа на одзивот на инструментите за мерење електрична моќност и енергија во несинусни услови,** претставува научно истражување од полето на метрологијата на електрични величини, во потесната област на калибрација на мерила за електрична моќност/енергија, при хармониски изобличени сигнали. Истражувачкиот проблем кој е опфатен во дисертацијата опфаќа квантитативна и квалитативна анализа на грешките кои ги прават инструментите за мерење активна и/или реактивна моќност/енергија, при хармониски изобличени напони и струи, односно истиот се однесува на експериментално утврдување одзив на наведените уреди, во функција од промената на различни параметри на применетите сигнали. Кај мерилата за реактивна моќност/енергија, покажувањето се анализира дополнително и во однос на различните теории за евалуација на конкретните електрични големини, при несинусни услови на мерење. Мотивацијата за истражувањето е оправдана, имајќи го во предвид фактот што конкретната инструментација наоѓа широка примена во областа на законската метрологија, односно во процесот на регулираната наплата на електрична енергија. Дополнително, постојат и низа предизвици од научно-апликативен аспект, а истите се поврзани со можноста за репродукција на релевантни изобличувања на сигналите, во лабораториски услови, кои би биле репрезент на реалните прилики во системот и потенцијалот за мерење некоја конкретна величина со комерцијално достапните инструменти, во кои се имплементирани различни мерни алгоритми.

Текстот на докторската дисертација е поделен во осум глави, а секоја глава е дополнително организирана во поединечни потпоглавја, во кои е разработен некој издвоен дел од теоретските или практичните истражувања. Првите три глави се однесуваат на теоретската анализа на проблемот, а во нив е јасно прикажана врската помеѓу постојните достигнувања во научната област и предметот на истражување на докторската дисертација. Во рамки на теоретското изложување, претставен е основниот математички апарат за приказ на различните величини во системот, во хармониски изобличени услови, како и принципот на мерење на инструментите кои се применети во рамки на делот на практичната анализа. Во понатамошниот дел од дисертацијата, презентирани се резултатите од практичните испитувања. Протоколите за испитување се детално елаборирани пред презентација на добиените резултати, а детално се прикажани шемите на поврзување и принципот на ракување со применетата инструментација. Реалните мерења се спроведени со инструменти од висока класа на точност, кои припаѓаат на синџирот на метролошка следливост на лабораторија за калибрација на уреди за електрични величини, па тие поседуваат меѓународна следливост до интринсичните примарни еталони на BIPM. Резултатите од испитувањата се прикажани јасно и недвосмислено, преку низа графички и табеларни прикази, од кои можат прецизно да се проследат документираните заклучоци.

Покрај резултатите од практичните испитувања, во докторската дисертација се илустрирани и достигнувања кои се резултат на математичко моделирање. Спроведените симулации служат за верификација на добиените резултати од реалните мерења и приказ на заклучоци кои се очекува да наидат на поширока примена од страна на научната и стручната јавност. Ова е особено потенцирано во делот на квалитативната анализа на грешките, регистрирани при испитувањето различни типови инструменти, а истото се однесува и на предложениот модел за евалуација на буџетот на мерна неодреденост, во несинусни услови.

Во последното, осмо поглавје од дисертацијата, јасно и недвосмислено се презентирани заклучоците од истражувањето, како и најважните поенти од конкретното изложување. Покрај најважните придобивки од анализата, обработена во рамки на предвидениот истражувачки проблем, наведен е и потенцијалот за примена на прикажаните резултати, како и насоки за понатамошна надоградба на постојното истражување.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Пред одбраната на докторската дисертација, кандидатот објавил осум рецензирани истражувачки труда од областа на истражување, од коишто:

- два труда се објавени во списание со фактор на влијание:


[1] **Demerdziev, K.**, Dimchev, V. “Analysis of Errors in Active Power and Energy Measurements Under Random Harmonic Distortion Conditions”, *Measurement Science Review*, Institute of Measurement Science of the Slovak Academy of Sciences, Karlova Ves, Slovakia, Vol. 21, No. 6, 2021, pp. 168-179. **(IF=1,319)**

[2] **Demerdziev, K.**, Dimchev, V. “Reactive Power and Energy Instrument’s Performance in Non-Sinusoidal Conditions Regarding Different Power Theories”, *Measurement Science Review*, Institute of Measurement Science of the Slovak Academy of Sciences, Karlova Ves, Slovakia, Vol. 23, No. 1, 2023, pp. 19-31. **(IF=1,985)**


- три труда се објавени во списанија со меѓународен уредувачки одбор:


[3] **Demerdžiev, K.**, Dimčev, V. “Uncertainty budget evaluation principle in high and low resolution digital multimeters calibration”, *Journal of Electrical Engineering and Information Technologies*, Faculty of Electrical Engineering and Information Technologies, “Ss. Cyril and Methodius” University in Skopje, Skopje, North Macedonia, Vol. 4, No. 1-2, 2019, pp. 5-13.

[4] **Demerdžiev, K.**, Dimčev, V., Čundeva-Blajer, M., Kokolanski, Ž., Srbinovska, M. “Active electricity meters error analysis in case of harmonically distorted voltages and currents”, *Journal of Electrical Engineering and Information Technologies*, Faculty of Electrical Engineering and Information Technologies, “Ss. Cyril and Methodius” University in Skopje, Skopje, North Macedonia, Vol. 6, No.1, 2021, pp.29-36.

[5] **Demerdziev, K.**, Dimchev, V. “Active Power Measurement Uncertainty Modelling and Propagation Analysis in Case of Harmonically Distorted Signals”, In *ACTA IMEKO*, International Measurement Confederation, Budapest, Hungary, Vol. 12, No. 3, 2023, pp.1-10.


- три труда се објавени во зборници од конференции со меѓународно учество:


[6] **Demerdziev, K.**, Cundeva-Blajer, M., Dimchev, V., Srbinovska, M., Kokolanski, Z. “Defining an uncertainty budget in electrical power and energy reference standards calibration”, In *18th International Conference on Smart Technologies – IEEE EUROCON 2019*, Novi Sad, Serbia, 1-4 July, 2019, pp. 1-6, IEEE.

[7] **Demerdziev, K.**, Dimchev, V. “Error Evaluation in Reactive Power and Energy Measurements Adopting Different Power Theories”, In *Conference Proceedings of XV International conference ETAI 2021*, Online Conference, 23-24 September 2021, pp. 205-211.

[8] **Demerdziev, K.**, Dimchev, V. “Active Power Measurement Uncertainty Budget Modelling in Case of Harmonically Distorted Voltages and Currents”, In *Proceedings of IMEKO TC11 & TC24 Joint Hybrid Conference*, Dubrovnik, Croatia, 17-19 October 2022, pp. 99-104.


Според законите на РС Македонија, трудот е внесен во базата на податоци на Министерството за образование и наука – plagijati.mon.gov.mk и врз основа на добиениот извештај, а и врз основа на нашите сознанија, трудот не претставува плагијат.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главните придонеси на докторската дисертација се согледуваат во следното:

- Направен е детален преглед на постојните меѓународни стандарди и препораки, законската регулатива и научните достигнувања во доменот на испитување уреди за мерење електрична моќност и/или енергија во несинусни, хармонискиизобличени, услови.
- Прикажани се принципите на работа на различните типови мерила за конкретните електрични величини и врз база на теоретските сознанија за постојните мерни алгоритми, спроведена е иницијална анализа на можностите за мерење електрична моќност/енергија, во присуство на изобличени влезни сигнали. Согласно со теоретската анализа, извршена е и примарна селекција на мерилата, за кои со сигурност може да се каже дека се несоодветни за конкретните мерни цели.
- Врз база на првични испитувања, со тест-сигнали кои се во согласност со барањата и препораките на стандардите, извлечени се примарни заклучоци кои понатаму се користат за воспоставување детални испитни протоколи.
- Врз база на резултатите од деталните испитни протоколи, воспоставен е математички модел за приказ на отстапувањата и одзивот на мерилата за активна моќност/енергија, базирани на дигитално процесирање сигнали. Овој модел е валидиран, со примена на уреди од највисока класа на точност, и тест-сигнали со случајно изобличување, со што се постигнува негова општа прифатливост.
- Во делот на испитување уреди за мерење реактивна моќност/енергија, покажувањето на различните инструменти е илустрирано и од перспектива на поединечни дефиниции за евалуација на оваа физичка големина, во несинусни услови. Оваа испитна постапка дополнително ги верифицира заклучоците од анализата на одзивот на уредите за мерење активна моќност/енергија и ги потврдува почетните теоретски согледувања за усогласеноста помеѓу алгоритмите за мерење, имплементирани во различни уреди, и перспективите за изразување на реактивната моќност и/или енергија во несинусни услови.
- Во рамки на завршниот дел од истражувањето е презентиран и експериментално е верификуван оригинален аналитички модел за евалуација на мерната неодреденост, при мерењето моќност/енергија, во несинусни услови. Овој модел може да послужи за воспоставување непрекинат синџир на метролошка следливост во калибрациски лаборатории и верификациски тела, во доменот на мерење и репродукција на хармониски изобличени наизменични сигнали.

Се заклучува дека докторската дисертација е изработена во согласност со воспоставените принципи за научноистражувачка практика, и дека таа резултира со значителен придонес во конкретна научна област.

Врз основа на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, да прифати позитивна оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација од кандидатот **м-р Кирил Демерџиев**, со наслов: **Анализа на одзивот на инструментите за мерење електрична моќност и енергија во несинусни услови**.

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Марија Чундева-Блајер, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Владимир Димчев, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Живко Коколански, член, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Маре Србиновска, член, с.р.**
**Проф. д-р Платон Совиљ, член с.р.**

*Прилог бр. 4*

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „НАЧИНИ НА РЕЗИДБА КАЈ СОРТИТЕ КАБЕРНЕ СОВИЊОН, МЕРЛО, ШАРДОНЕ И РАЈНСКИ РИЗЛИНГ ВО ТИКВЕШКОТО ВИНОГОРЈЕ КАКО ПОДГОТОВКА ЗА ЛОЗИТЕ ЗА МАШИНСКА РЕЗИДБА“ ОД М-Р РИСТО ХРИСТОВ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на седницата одржана на 18.9.2023 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Ристо Христов со наслов: **Начини на резидба кај сортите каберне совињон, мерло, шардоне и рајнски ризлинг во Тиквешкото Виногорје како подготовка за лозите за машинска резидба**, во состав: проф. д-р Михаил Петков (претседател), проф. д-р Звонимир Божиновиќ (ментор), проф. д-р Крум Бошков (член), доц. д-р Златко Прцуловски (член) и проф. д-р Биљана Коруноска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација изработена од кандидатот м-р Ристо Христов, со наслов „Начини на резидба кај сортите каберне совињон, мерло, шардоне и рајнски ризлинг во Тиквешкото Виногорје како подготовка за лозите за машинска резидба“, опфаќа 136 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со единечен проред и големина на букви 12, со 104 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги и интернет како база на податоци.

Трудот е структуриран во 8 поглавја: Вовед, Цел на испитувањето, Материјал и метод на работа, Преглед на литература, Резултати од истражувањето и дискусија, Заклучоци, Користена литература и Прилози. Секое поглавје е систематизирано во точки и потточки со наслови и поднаслови, за да се обезбеди соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето за докторската дисертација.

Во **воведот** на трудот, кандидатот прави пресек за развојот на виновата лоза, од најраните нејзини почетоци и појави во светот, Европа, Балканот и во нашата земја. Понатаму го истакнува значењето на виновата лоза и нејзините производи (грозјето, виното и други преработки) за старите цивилизации, застапеноста на лозата, големата посветеност и почит кон оваа култура која имала голема улога во нивното производство и исхрана. Таа е една од најважните и најраспространети овошни култури на светско, но и на национално ниво, што произлегува од нејзината широка примена во секојдневната исхрана како свеж производ или како дел од големата палета на нејзини преработки. Значењето е потенцирано со големиот број на познати писатели кои посветиле големо внимание и дале значаен придонес за ампелографски опис на застапените сорти винова лоза, нивното одгледување, селекција и размножување.

Виновата лоза, како многугодишна култура, секоја година пред почетокот на вегетација бара планирање на приносот и одржување на обликот преку оставање на одреден број родни окца, распоредени на кондири или лакови со примена на агротехничка мерка – резидба на лозата. Со оваа активност се отстрануваат непотребните ластари. Кандидатот потенцира дека извршувањето на резидбата како задолжителна агротехничка мерка бара ангажирање на голема работна рака која за жал од година во година станува сè подефицитарна и поскапа, а која е неопходна и за врзување на лаковите, извршување на зелените операции, а исто така и за бербата на грозје. Воведувањето на машини во лозарството во развиените лозарски земји е одамна и денес сè повеќе се користат бидејќи заменуваат голем број од дефицитарната работна рака со која се овозможува одржување на оваа значајна земјоделска гранка. Механизирањето на лозарското производство дава поевтин производ и поголема конкурентност на винскиот пазар. За успешно воведување на сите потребни машини во нашето лозарско производство, потребно е да се изврши подготовка на лозата за машинска резидба, а потоа и за машинска берба. Сето тоа ќе овозможи ефикасно искористување на родниот потенцијал со определување на оптимална висина на родниот лак со оставање на потребниот број на родни окца кај сортите кои се одгледуваат за добивање на грозје,

како за бели, така и за обоени квалитетни вина. Главната цел на истражувањето е да се воведе современа агротехника во лозарството за да се премости недостатокот на дефицитарна работна рака при извршување на повеќе агротехнички и ампелотехнички мерки. Кандидатот јасно и прецизно ги дефинира посебните цели на истражувањето, со што трудот ќе оствари научна, стручна и апликативна афирмација. Во рамките на овие цели, предвидено е да се утврдат должините на родниот лак кај испитуваните сорти во Тиквешкото Виногорје, како предуслов за оптимална машинска зимска основна резидба, да се оставаат потребниот број на родни окца на кондирот и вкупен број на окца по лоза и единица површина. Тоа ќе овозможи да се подобрат производните карактеристики на испитуваните четири вински сорти и ќе се утврди оптимален принос и квалитет на грозјето. Врз основа на овие сознанија ќе се овозможи намалување на употреба на работна рака која е сѐ подефицитарна за извршување на основната зимска резидба на лозата, врзување на лаковите, извршување на зелена резидба и машинска берба на грозјето. Ќе се овозможи искористување на природните услови комбинирани со сортните особини на испитуваните вински сорти (каберне совињон, мерло, шардоне, рајнски ризлинг) за добивање на грозје за производство на квалитетни бели и црвени вина. Добиените резултати од истражувањето на кандидатот ќе придонесат за проширување на сознанијата за примена на механизирана предрезидба, со што ќе се овозможи полесно извршување и на летните зелени мерки, механизирана берба и сите нивни влијанија врз приносот и квалитетот на добиеното грозје. Добивањето на квалитетни суровини ќе се рефлектира врз производство на квалитетни и врвни бели и обоени вина од испитуваните сорти и поефикасно искористување на генетскиот потенцијал на четирите вински сорти кои се предмет на истражувањето.

Во поглавјето **Преглед на литературата**, направен е обемен преглед на поновите научни достигнувања кои се релевантни за истражувањето на кандидатот. Кандидатот во почетокот го прикажува значењето на испитуваните сорти кај нас, во Европа и во светот преку нивната застапеност и обемот на произведено грозје и вино. Даден е осврт за значењето на резидбата на виновата лоза како потреба од нејзината биологија и анатомија за планирањето на приносот и квалитетот на добиено грозје, одржување на обликот и долговечноста на насадите. Сите овие активности бараат ангажирање на голема работна рака за изведување на зимската резидба или летните мерки за распоред на просторот, подобрување на микроклимата на лозата, подобрата исхрана на ластарите и гроздовите, како и подобро осветлување на грозјето, а со тоа намалување на условите за појава на болести и штетници. Ангажирањето на работна рака е сѐ поскапо на пазарот на трудот од една страна, а од друга страна сѐ потешко е таа да се најде бидејќи е дефицитарна. Кандидатот понатаму прави хронологија на употребата на машините во лозарството, а посебно развојот на комбајнот за берба на винско грозје, односно неговиот пат на усовршување. Првата машина за берба датира од пред повеќе од 60 години во САД. Нивниот развој не е рамномерен во целиот свет, каде што, за разлика од САД, воведувањето на машините за берба во Европа започнуваат да заземаат значајно место во раните деведесетти години од минатиот век. Во 2017 година, нивниот број изнесува околу 3 000 комбајни. Сѐ повеќе се користат машини за берба кои се од типот на приклучни машини, сѐ со цел да се поевтини нивното користење и затоа сѐ повеќе се користат машини со комбинирани функции. Успешната употреба на овие машини бара и реконструкција на лозовите насади со употреба на метална конструкција со надворешни државачи (куки) за прифаќање на жицата. Препорачливо е жицата да биде алуминиумска или од галванизиран челик, со цел за подобра нејзина еластичност. Резидбата потребно е да се промени во резидба на кордуница, односно резидба на кондири пократки или подолги, како што е успешно направено во истражувањето на оваа дисертација. Со воведувањето на целосно механизирано лозарско производство, трошоците за работна рака може да се намалат и за повеќе од 50 %.

Во делот **Материјал и метод на работа** се презентирани податоци за користениот материјал во истражувањето, односно се прикажани четирите испитувани вински сорти: каберне совињон, мерло, шардоне и рајнски ризлинг. Кандидатот дал опис на испитуваните сорти и нивното значење во лозарското и винарското производство кај нас, во Европа и во светот, од чие грозје се произведуваат познати и ценети бели и црвени вина. Лозовите насади каде што се извршени тригодишните истражувања се лоцирани во Тиквешкото Виногорје, локалитет Неготино. Испитувањата се реализирани со поставување на тригодишни опити кај испитуваните сорти. Кај секоја испитувана сорта во секоја година се применувани по три варијанти на кроење и

кои се споредувани со варијантата стандард. Кај варијанта 1 се оставани 8 кондири, со должина од 3 родни окца, или вкупно 24 окца на секоја лоза. Варијанта 2 е застапена со 6 кондири, со должина од по 4 окца, или вкупно 24 родни окца на секоја испитувана лоза. Варијанта 3 има вкупно 30 окца по лоза, кои се распоредени на 6 кондири, со должина од по 5 родни окца. Стандардот опфаќа два лака со должина од по 10 окца и два кондира со по 2 родни окца, или вкупно 24 окца на секоја испитувана лоза. Во секоја година од истражувањето кај сите четири испитувани сорти и кај сите три применети варијанти, вклучувајќи го и стандардот, утврдени се следниве параметри: утврден е процентот на развиени окца во ластари за секоја варијанта по должина на ластарот; родноста на окцата по должина на окроениот ластар е определена како општа родност, која претставува просечен број гроздови по оставено родно окце, релативната родност или просечниот број гроздови на развиен ластар и коефициентот на апсолутната родност или просечен број гроздови на роден ластар; утврдена е масата на грозје за секое испитувано окце по должина на родниот ластар; приносот кај секоја сорта и варијанта е искажан како принос на грозје по лоза и по метар квадратен; утврдени се и масата на гроздот и масата на зрното за секоја варијанта и сорта за секоја година на испитување. Во резултатите од испитувањата се прикажани и механичкиот состав на гроздот и механичкиот состав на зрното. За секоја варијанта и сорта по години на испитување, прикажан е и хемискиот состав на ширата, изразен преку содржината на шеќери, содржината на вкупни киселини и pH-вредност. За извршените тригодишни истражувања и мерења, кандидатот користел повеќе усвоени и проверени методи: метод за утврдување на процентот на потерани окца. Се анализираат најмалку 20 лака – ластари со различни должини, односно различен број на окца на самиот ластар во зависност на која варијанта припаѓа вклучувајќи го и стандардот. Метод за утврдување на родноста на окцата на ластарите. Се анализираат најмалку 20 лакови односно ластари од секоја варијанта и сорта за секоја година на истражување. За родноста се утврдува општиот, релативниот и апсолутниот коефициент на родноста, односно се утврдува просечниот број на гроздови по оставено окце, број на гроздови по развиен ластар и број на гроздови по роден ластар. Применети се ампелотехнички методи за утврдување на механичкиот состав и механичките својства на гроздот и зрното според методата на Простосердов, опишана во Ампелографија на СССР од 1912 година, но разработена од проф. д-р З. Божиновиќ. Со примена на математичка пресметка е утврдена количината на набрано грозје, односно остварен принос по лоза и по метар квадратен. Вкупните шеќери во грозјето – ширата се изразени во g/l , а се утврдени со помош на Екслов широмер со читање на добиените вредности во Дижардон-Салеронова таблица. За утврдување на вкупните киселини во ширата, изразени во g/l, користена е потенциометриска титрација со користење на индикатор бромтимол сино. Принципот на методот се заснова врз неутрализација на сите киселини и нивните соли со растворен 0,1 моларен NaOH. Потрошената количина на титратот се множи со факторот на базата и со коефициентот. Определувањето на pH-вредност на ширата е со помош на потенциометриска метода со примена на pH-метар, кој е снабден со стаклена и заштитена каломелова електрода и нејзиниот потенцијал зависи од концентрацијата на водородни јони во растворот. За добиените резултати се пресметани: средна вредност, стандардна девијација и коефициент на варијација. Применета е анализа на варијанса. За тестирање на хипотези и добиените средни вредности се споредени со LSD-тест.

Во делот **Резултати и дискусија,** кандидатот ги изложува добиените резултати од тригодишните испитувања, систематизирани во три поглавја. Резултатите се прегледно изложени во табели и прецизно и јасно се објаснети. Кандидатот врши и споредба на сопствените констатации со релевантни резултати добиени од слични истражувања извршени во слични испитувања во насади во други земји и од други автори. Во дискусиите се дадени најдобрите можни варијанти за примена кај испитуваната сорта. На почетокот од ова поглавје, потенцирано е значењето на родноста како една од многу важните карактеристики на сортите, која има и стопанско значење. Утврдени се повеќе елементи од родноста на окцата искажани преку процент на развиени окца во ластари , процент на родни ластари, коефициенти на општата родност на ластарите, релативна родност, коефициент на плодност на ластарите (апсолутен коефициент), маса на грозје по окце, за секоја варијанта, сорта и година на испитување. Развиените окца во ластари се значаен дел од биологијата од секоја сорта винова лоза, бидејќи ластарот е носител на многу важни органи меѓу кои се и гроздовите од кои зависи приносот на грозје. Испитуваните сорти се разликуваат со процентот на развиени окца во ластари кај сите варијанти во одделните

години на испитување по должина на родниот лак, односно постои и разлика од секое наредно окце кое е оставено при резидбата.

Понатаму кандидатот ги изнесува податоците за родните ластари изразени во проценти, кај испитуваните сорти за секоја варијанта, вклучувајќи го и стандардот. Ова е важен елемент затоа што секој развиен ластар не е роден ластар. Роден ластар е развиен ластар кој има најмалку еден грозд на себе. Од бројот на развиени родни ластари и бројот на гроздови кои се оформиле на тие ластари ќе зависи приносот на грозје од таа лоза. Кај сортата каберне совињон, варијанта 1 се истакнува со највисока просечна вредност од 88,33 % на родни ластари од трите испитувани варијанти. Нејзините вредности се повисоки споредени и од тие на стандардот. Варијанта 2 е со највисоки просечни вредности за процентот на родни ластари кај сортата мерло со 87,91 %. Споредени со стандардот сите испитувани варијанти имаат повисоки вредности. Кај сортата шардоне се евидентирани високи вредности за процентот на родни ластари кај варијантите 1 и 2 и тие се повисоки во споредба со стандардот. Варијанта 1 кај сортата рајнски ризлинг се одликува со највисоки просечни вредности за процентот на родни ластари од трите испитувани варијанти со 93,88 % на родни ластари. И другите две варијанти во споредба со стандардот имаат повисоки вредности за процентот на родни ластари. Кандидатот констатира дека постојат видни разлики кај процентот на родни ластари помеѓу испитуваните сорти, испитуваните варијанти, години на испитување и помеѓу самите окца по должина на родниот ластар. Во продолжение се прикажани резултати за бројот на гроздови по оставено окце или т.н. потенцијален коефициент на родност.

Познавањето на овој коефициент е од голема корист за практиката бидејќи претставува елемент за планирање на приносот кај сортите винова лоза со оставање на потребен број на родни зимски окца при основната зимска резидба која е задолжителна агротехничка мерка, а која се изведува секоја година во периодот кога виновата лоза е во мирување. Кај сортата каберне совињон најголем број на гроздови по оставено окце, просечно за трите испитувани години е евидентиран кај варијанта 1 од 1,57 гроздови. Споредено со стандардот кај сите испитувани варијанти се добиени повисоки вредности за бројот на гроздови по оставено окце. Варијантите 2 и 3 кај сортата мерло се со највисоки просечни вредности за бројот на гроздови по оставено окце. Сите три испитувани варијанти споредени со стандардот имаат повисоки просечни вредности. Со вредност од 1,61 гроздови по окце варијантата 1 се истакнува со највисоки вредности кај сортата шардоне и тие се повисоки во споредба со вредностите од стандардот. Другите две испитувани варијанти имаат пониски просечни вредности или блиски со вредностите на стандардот. Кај сортата рајнски ризлинг сите три испитувани варијанти имаат повисоки вредности за бројот на гроздови по оставено окце во споредба со стандардот, но највисоки просечни вредности од 1,78 гроздови по оставено окце се евидентирани кај варијанта 1. Кај сите испитувани сорти и испитувани варијанти се јавуваат разлики во бројот на гроздови по оставено окце. Должината на родниот лак има влијание врз просечниот број на гроздови по оставено окце. Во продолжение кандидатот изнесува резултати за бројот на гроздови на развиен ластар или уште се нарекува коефициент на родност на ластарите или релативен коефициент на родност. Овој коефициент претставува ампелографска одлика на секоја сорта и тој се одликува со различни вредности кај различниот распоред на ластарите на самиот лак или кондир. Овој елемент е важен при определување на родноста и планирање на приносот со оставање на потребен број на родни окца при резидбата на зрело, односно основната резидба. Кај сортата каберне совињон, кај варијанта 1 се евидентирани највисоки просечни вредности од 1,69 гроздови по развиен ластар. Оваа вредност за релативниот коефициент на родноста е повисока во споредба со вредностите добиени за стандардот. Варијанта 2 има малку повисок релативен коефициент од стандардот, а варијанта 3 е со понизок релативен коефициент на родноста во споредба со стандардот. Варијантите 2 и 3 имаат највисоки вредности за бројот на гроздови по развиен ластар од 1,52 гроздови, а варијанта 1 со 1,51 гроздови по роден ластар кај сортата мерло. Трите испитувани варијанти се со повисоки просечни вредности за релативниот коефициент на родноста споредени со стандардот. Кај сортата шардоне, варијанта 1, со 1,69 гроздови по развиен ластар има највисоки вредности за релативниот коефициент на родноста. Освен варијанта 1 и варијанта 2 има повисоки вредности за бројот на гроздови по развиен ластар во споредба со стандардот. Варијанта 1 со 1,82 гроздови по развиен ластар е со највисоки вредности од трите испитувани варијанти кај сортата рајнски ризлинг вклучувајќи го и стандардот. Кај оваа сорта и варијантите 2 и 3 имаат исто така повисоки вредности споредени со стандардот. Кандидатот изнесува и податоци за бројот на гроздови по

роден ластар. За роден ластар се смета развиен ластар кој има најмалку еден грозд. Со бројот на гроздови по роден ластар се пресметува коефициентот на плодност на ластарите или уште се нарекува апсолутен коефициент на родност. Коефициентот на плодност на ластарите не може да има вредност помала од 1. Варијанта 1 кај сортата каберне совињон ги има највисоките вредности за коефициентот на плодноста со 1,84 гроздови. Овие вредности споредени со стандардот се повисоки. Варијантите 2 и 3 имаат малку пониски вредности во споредба со стандардот. Кај сортата мерло варијанта 1 има највисоки вредности за апсолутниот коефициент на родност со 1,73 гроздови по роден ластар. Варијантите 2 и 3 се со пониски вредности споредени со варијанта 1 и со вредностите за бројот на гроздови по роден ластар за стандардот. Варијанта 1 се истакнува со највисоки вредности за коефициентот на плодноста од 1,84 гроздови по роден ластар кај сортата шардоне. Варијанта 2 има пониски вредности од варијанта 1, но повисок коефициент на плодноста во споредба со коефициентот на стандардот. Кај сортата рајнски ризлинг варијанта 1 е со највисок коефициент за апсолутната родност на ластарите со 1,95 гроздови по роден ластар. Варијанта 2 и 3 имаат пониски вредности за бројот на гроздови по роден ластар, но имаат повисок коефициент на плодноста во споредба со истиот коефициент кај стандардот од сортата рајнски ризлинг.

Приносот од грозје може да се искаже и како маса на грозје изразена во грами набрано грозје посебно за секое окце по должина на родниот лак или кондир. Кандидатот во трудот изнел вредности за масата на грозје за секое окце по должина на родниот лак односно кондир, посебно за секоја испитувана варијанта и за сите четири испитани сорти за трите години на испитување,за да се види влијанието на вкупниот број оставени окца на ластарот, а исто така и нивниот распоред. Кај сортата каберне совињон масата на грозје варира од окце до окце по должина на родниот ластар, а исто такво варирање има и кај варијантите и кај годините на испитување . Варијанта 2 е со највисока просечна маса на грозје по окце со 296 грами. Високи вредности се добиени и кај варијантите 1 и 3. Сите три варијанти на испитување споредени со стандардот имаат повисоки просечни вредности за масата на грозје по окце изразена во грами. Големи разлики во масата на грозје добиена по окце постои кај сортата мерло како помеѓу самите окца по должина на родниот ластар, исто така и кај варијантите кои се разликуваат по бројот на окца на еден ластар, односно по должина на родниот ластар кој е носител на окцата. Варијантите 1 и 2 имаат идентични просечни највисоки вредности за масата на грозје по оставено окце за трите години на испитување од по 306 грами грозје по окце. Варијанта 3 е со пониски вредности од двете варијанти на испитување со 295 грами по окце, но со повисоки вредности за масата на грозје по окце во споредба со стандардот. Вредностите за масата на грозје по окце кај сортата шардоне се разликуваат кај окцата по должина на ластарот како кај трите варијанти на испитување, исто така и кај стандардот. Највисоки вредности за масата на грозје по окце се евидентирани кај варијанта 1 од 335 грами маса на грозје по окце кај сортата шардоне. Масата на грозје по окце просечно за трите години на испитување кај варијанта 2 и варијанта 3 е помала во споредба со варијанта 1, но значително вредностите се повисоки од масата на грозје добиена по окце споредена со стандардот. Кај сортата рајнски ризлинг постојат видливи разлики за масата на грозје по окце помеѓу окцата распоредени на родниот ластар. Разлики се евидентирани и кај испитуваните варијанти вклучувајќи го и стандардот за количината на грозје по окце. Највисоки просечни вредности се евидентирани кај варијанта 1 од 296 грами маса на грозје по окце кај сортата рајнски ризлинг. Варијантите 2 и 3 имаат помали просечни вредности во споредба со масата на грозје по окце добиена кај варијанта 1. Трите варијанти на испитување имаат значително повисоки просечни вредности за масата на грозје по окце во споредба со стандардот.

Приносот кај лозата кај одредена сорта освен што зависи од бројот на гроздови кои се развиваат на родните ластари од лозата, зависи, исто така, и од масата на гроздот и масата на зрното. Масата, односно големината на гроздот и зрното претставуваат сортна, односно ампелографска одлика. Секоја сорта има карактеристичен грозд кој освен по обликот и димензиите се разликува и по масата на гроздот и по масата на зрното. Должината на родниот лак, односно распоредот на окцата по должината на лакот или кондирот имаат влијание врз масата на гроздот и врз масата на зрното. Кај сортата каберне совињон кај масата на гроздот се јавуваат значајни разлики како помеѓу варијантите на испитување исто така и помеѓу трите години на истражување. Највисоки просечни вредности од 170,3 грами маса на грозд е евидентирана кај трета варијанта, а најниска вредност од 154,0 грами е измерена кај варијанта 1.

Варијанта 3 има повисоки вредности во споредба со стандардот, додека варијанта 1 има пониски просечни вредности за масата на гроздот. Кај варијанта 3 се добиени 7 индексни поени повеќе за масата на гроздот споредено со стандардот и варијанта 2, односно 10 индексни поени повеќе споредено со варијанта 1. Кај масата на зрно варијанта 3 се истакнува со највисока просечна маса на зрно од 1,31 грами, а со најниска вредност варијанта 1 со 1,22 грами просечна маса на зрното. Масата на зрно кај варијанта 3 е со 3 индексни поени повисока во споредба со стандардот, односно 7 индексни поени повеќе спредена со варијанта 1. Варијанта 2 кај сортата мерло е со највисоки просечни вредности од 191,3 грами за масата на гроздот. Варијанта 2 и варијанта 1 имаат повисоки вредности за масата на гроздот споредени со стандардот, додека варијанта 3 е со помали вредности во споредба со стандардот. Варијанта 2 има 3 индексни поени повеќе за масата на гроздот во споредба со стандардот, односно 5 индексни поени повеќе во споредба со варијанта 3 . Со 1,76 грами маса на зрно варијанта 3 има највисоки просечни вредности за масата на зрно во споредба со другите варијанти на испитување. Вредностите кај варијанта 3 се повисоки во споредба со стандардот. Варијанта 3 има 6 индексни поени повеќе за масата на зрно од варијанта 2, односно 6 индексни поени поени повеќе во споредба со варијанта 1 и стандардот. Кај сортата шардоне масата на гроздот има највисоки просечни вредности кај варијанта 3 од 174,6 грами. Втора по вредност е просечната маса на гроздот кај варијанта 2 со 169,6 грами. Трите варијанти на испитување споредени со стандардот имаат повисоки просечни вредности за масата на гроздот. Варијанта 3 има 8 индексни поени повеќе од стандардот, 6 индексни поени повеќе од варијанта 2, односно 3 индексни поени од варијанта 1. Масата на зрно кај сортата шардоне е со највисоки вредности од 1,52 грами кај варијанта 3. Сите три варијанти на испитување имаат повисоки просечни вредности за масата на зрно споредени со вредностите на стандардот. Варијанта 3 има 11 индексни поени повеќе во споредба со стандардот, односно 1 индексен поен повеќе од варијанта 1 и варијанта 2 за масата на зрно. Варијанта 2 кај сортата рајнски ризлинг има највисоки вредности за масата на гроздот од 157,6 грами во споредба со другите две варијанти на испитување вклучувајќи го и стандардот. Сите три варијанти споредени со стандардот имаат повисоки вредности за масата на гроздот. Варијанта 2 кај сортата ризлинг има 4 индексни поени повеќе во споредба со стандардот, три индексни поени повеќе од варијанта 3 и два индексни поени повеќе од варијанта 1. Кај масата на зрно за сортата рајнски ризлинг, варијанта 3 има просечно најкрупно зрно од трите варијанти на испитување со 1,51 грами. Варијанта 1 и варијанта 2 имаат помала просечна маса на зрното од варијанта 3, но сите три варијанти се со поголема маса на зрно споредени со стандардот. Варијанта 3 има 8 индексни поени повеќе во споредба со стандардот, 7 индексни поени повеќе од варијанта 1 и четири индексни поени повеќе од варијанта 2.

Понатаму во трудот кандидатот го прикажува механичкиот состав и прави анализа на гроздот и зрното кај сите варијанти и сорти на испитување. Преку механичкиот состав на гроздот и зрното се изразува односот претставен тежински и бројно на одделните составни делови на гроздот и на зрното. Механичкиот состав на одредена сорта зависи од биолошката природа на сортата и влијанието на факторите врз структурата на гроздот и зрното. Механичката анализа на гроздот и зрното опфаќа три групи: состав на гроздот, состав на зрното и структура на гроздот.

Кај сортата каберне совињон постојат разлики помеѓу добиените вредности од испитувањата помеѓу варијантите, вклучувајќи го и стандардот. Процентот на месо кај сортата каберне совињон се движи од 88,58 кај варијанта 3 до 89,71 кај варијанта 1. Највисоки вредности за процентот на месо се евидентирани кај стандардот од 90,34. Теоретскиот рандман е во граници од 83,22 % кај варијанта 3 до 85,62 % кај варијанта 1. Стандардот има највисок теоретски рандман од 86,37 проценти.

Видни разлики постојат и кај елементите од механичката анализа на гроздот и зрното кај сортата мерло помеѓу испитуваните варијанти вклучувајќи го и стандардот. Тоа укажува дека различниот број на родни окца односно нивниот распоред и должината на ластарот, кои ги сочинуваат варијантите на испитување и стандардот создаваат разлики во испитувањето за добиените вредности. Процентот на месо кај сортата мерло се движи од 87,95 кај варијанта 3, 91,23 кај варијанта 2, односно 91,42 кај варијанта 1 . Највисок процент на месо е добиен кај стандардот од 91,57. Теоретскиот рандман се движи од 83,71 % кај варијанта 3 до 87,08 кај варијанта 1. Стандардот има највисок теоретски рандман кај сортата мерло од 87,23%. Во елементите од составот на гроздот, составот на зрното и структурата на гроздот кај сортата шардоне помеѓу одделните варијанти постојат одредени разлики кои се резултат на различната должина на

родниот лак. Процентот на месо кај сортата шардоне се движи од 90,91 кај варијанта 3, 90,97% кај варијанта 2 па се до 91,24 % кај варијанта 1. Стандардот има 90,96% на месо. Теоретскиот рандман изнесува 87,17% кај варијанта 3 до 87,49% кај варијанта 1. Стандардот е со вредност од 87,30% теоретски рандман. Видливи разлики постојат и помеѓу елементите од механичката анализа на гроздот и на зрното кај сортата рајнски ризлинг. Процентот на месо се движи од 84,59 кај варијанта 2 до 86,97 кај варијанта 3. Стандардот е со вредност од 86,49 % на месо. Теоретскиот рандман кај сортата рајнски ризлинг е во граници од 79,81 кај варијанта 2 до 82,76 % кај варијанта 3. Стандардот има 82,33% теоретски рандман.

Во продолжение кандидатот дава резултати за количината на набрано грозје по лоза и метар квадратен во килограми за секоја варијанта, сорта и за трите години на испитување. Кај сортата каберне совињон за трите години на испитување најмногу грозје е измерено кај варијанта 2 од 3,184 kг/лоза, односно 1,47 кг/м$^2$ . Останатите две варијанти на испитување имаат исто така просечни количини на набрано грозје поголеми од три килограми по лоза. Сите варијанти на испитување имаат поголема количина на набрано грозје споредена со стандардот кај која количината на набрано грозје е под три килограми на лоза, односно просечно за трите години на испитување од 2,996 килограми. Варијанта 1 кај сортата мерло со 3,371 кг/лоза односно 1,56 кг/м$^2$ е со највисоки просечни вредности за количината на набрано грозје. Блиски вредности има и варијанта 3 со 3,358 кг/лоза и 1,55 кг/м$^2$ . Сите три варијанти на испитување имаат вредности за количината на набрано грозје повисоки во споредба со стандардот. Кај сортата шардоне варијанта 3 е со најголема количина на набрано грозје од 3,773 кг/лоза, односно 1,74 кг/м$^2$ . Варијанта 3 и варијанта 1 имаат повисоки вредности за количината на набрано грозје споредени со стандардот кој има просечна количина на грозје од 3,516 кг/лоза односно 1,63 кг/м$^2$ . Кај сортата рајнски ризлинг варијанта 2 со количина на набрано грозје просечно за трите години на испитување е со највисоки вредности од 3,168 кг/лоза односно 1,47 кг/м$^2$. Варијанта 1 со 3,083 кг/лоза и 1,42кг/м$^2$ има блиски вредности за набрано грозје со варијанта 2. Сите три варијанти на испитување имаат повисоки просечни вредности за количината на набрано грозје по лоза и метар квадратен споредени со стандардот.

Во продолжение на докторската дисертација кандидатот ги изнесува податоците за содржината на шеќер, вкупни киселини и pH вредност во грозјето. Хемискиот состав на грозјето е доста сложен и сеуште целосно не е испитан. Во зависност од сортата, степенот на зрелоста, почвено климатските услови, применетата агротехника, здравствената состојба на грозјето и др., хемискиот состав се менува. Кај сортата каберне совињон највисока вредност за содржината на шеќер просечно за трите години на испитување е добиена кај варијанта 1 од 212 g/l шеќер. Сите три варијанти на испитување имаат повисоки вредности за содржината на шеќер во споредба со стандардот. Варијанта 1 има 7 индексни поени повеќе од стандардот, 5 индексни поени повеќе од варијанта 2, односно 4 индексни поени повеќе за содржината на шеќер од варијанта 3. Од испитуваните варијанти, варијантата 2 со 5,80 g/l вкупни киселини има највисоки просечни вредности за вкупните киселини кај сортата каберне совињон. Сите варијанти имаат пониски просечни вредности за вкупните киселини во грозјето во споредба со стандардот. Содржината на шеќер кај сортата мерло е со највисоки вредности кај варијанта 3 со 229 g/l. Варијанта 2 со 227 g/l просечна содржина на шеќер во грозјето е многу блиска до варијанта 3. Двете варијанти имаат повисоки вредности за содржината на шеќер во споредба со стандардот. Варијанта 3 има 6 индексни поени повеќе од варијанта 1, 4 индексни поени повеќе од стандардот и 1 индексен поен повеќе од варијанта 2 за содржината на шеќер. Содржината на вкупни киселини е со највисоки вредности кај варијанта 2 со 5,21 g/l кај сортата мерло. Варијантите 1 и 2 имаат повисоки просечни вредности за вкупните киселини во споредба со стандардот. Варијанта 1 со 228 g/l содржина на шеќер е со највисоки просечни вредности од трите испитувани варијанти кај сортата шардоне. Од застапените варијанти на испитување, само варијанта 3 има помали вредности за содржината на шеќер во грозјето во споредба со стандардот. Со највисоки вредности за содржината на вкупни киселини кај сортата шардоне се истакнува варијанта 2 со 6,47 g/l. Од испитуваните три варијанти само варијанта 1 има помала вредност за содржината на вкупните киселини во грозјето во споредба со стандардот. Кај сортата рајнски ризлинг варијанта 1 има највисоки просечни вредности за содржината на шеќер од 199 g/l. Варијантите 2 и 3 имаат помали вредности за содржината на шеќер во грозјето во споредба со стандардот. Содржината на вкупни киселини кај сортата рајнски ризлинг е со највисока  просечна вредностод 7,34 g/l кај варијанта 2. Блиска

просечна вредност од 7,29 g/l вкупни киселини има и варијанта 3. Сите три испитувани варијанти имаат повисоки просечни вредности за вкупните киселини во грозјето во споредба со стандардот.

Во **заклучоците,** кандидатот ги изнесува завршните наоди кои што се произлезени од трите години на испитување кај четирите вински сорти: каберне совињон, мерло, шардоне и рајнски ризлинг. Промената на начинот на резидба од двокрак Гијо, каде што лаковите се главни носители на ластарите и родноста кај сортите, во кордуница каде се овозможува примена на кондири со различен број на родни окца на нив, односно различна нивна должина. Во испитувањата беа применети успешно три варијанти, а секоја варијанта има различна должина на родниот лак, односно кондирот од 3,4 и 5 родни окца. Во заклучоците се дадени разликите во резултатите кои се добиени со испитувањата кај различните варијанти, сорти и години. Ефектот од различната резидба ги дава разликите во добиените резултати за развиените окца во ластари и процентот на родните ластари кај различните варијанти кај четирите испитувани сорти. Примената на резидба на кордуница даде сознанија и за добиениот број на гроздови по оставено окце, односно вредности за општата родност, еден од елементите за планирање на приносот при резидбата на зрело. Распоредот на родните окца создава разлики и во бројот на гроздови по развиен ластар односно добивање различни вредности за коефициентот на родноста односно релативниот коефициент. Различни вредности од применетата на различните должини на родниот лак се добиени и кај апсолутниот коефициент на родноста односно бројот на гроздови по роден ластар.

Просечната маса на грозје по окце се разликува според должината на родниот лак односно варијантата, годините на испитување и сортата. Масата на гроздот и масата на зрно имаат различни вредности кај различните варијанти. Како резултат на различната должина на родниот лак, односно од бројот на родни окца кои се наоѓаат на лакот, зависи и количината на набрано грозје по лоза и по метар квадратен кај испитуваните сорти. Содржината на шеќер и вкупни киселини имаат различни вредности во зависност од варијантата односно должината на родниот лак.

Врз основа на сите добиени резултати и извршена нивна анализа може да се дадат завршни заклучоци: со успех може да се трансформира двокракиот Гијов начин на кроење во кордуница како подготовка на лозите за машинска резидба. Сите четири испитувани вински сорти покажаа солидни резултати од примената на резидба на кондири. Примената на механизирана кратка резидба кај испитуваните сорти ќе овозможи успешна употреба на целокупно механизирано изведување и на зелените операции и бербата на грозје. Должината на родниот лак ќе биде од 3 до 5 родни окца во зависност од бараниот квалитет на суровината. Применетите варијанти со различна должина на родниот лак со резидба на кордуница, дадоа подобри приноси и квалитет на грозјето во споредба со стандардот (двокракиот Гијов начин на резидба). Со примена на кордуница се создаваат услови за механизирана резидба и извршување на сите агротехнички мерки, кои ќе допринесат за намалување на потреба од употреба на човечка работна рака која е се подефицитарна на пазарот на трудот. Сето тоа ќе овозможи и намалување на трошоците за одгледување на виновата лоза и добивање на поефтин производ кој би бил поконкурентен на пазарот.

Во делот **Користена литература,** кандидатот има наведено 104 библиографски единици, од кои поголем дел се од понов датум.

Делот **Прилози** доаѓа на крајот од дисертацијата, и во овој дел се вклучени оригинални фотографии кои прикажуваат извршување на агротехничките мерки кои беа изведени на терен и анализи извршени на гроздови во лабораторија.

**<u>Предмет на истражување</u>**

Предмет на истражување и анализа се четири вински сорти: каберне совињон, мерло, шардоне и рајнски ризлинг. Овие сорти се од голем интерес за лозарското и винарското производство не само кај нас, туку и во најразвиените лозарски и винарски земји во светот. Од суровината – грозјето на овие сорти се произведуваат познати висококвалитетни и врви бели и обоени вина.

**<u>Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата</u>**

Виновата лоза е повеќегодишна култура. Една од важните агротехнички мерки кои се неопходни да се извршуваат секоја година поради својата биологија и анатомија е резидбата. Со неа се одржува обликот, се влијае на долговечноста и се планира приносот. За извршување на оваа

операција потребно е употреба на голема обучена работна рака која од година во година станува се подефицитарна и се поскапа. Воведувањето на механизирана резидба ќе овозможи редуцирање на работната рака и навремено и поефтино извршување на оваа агротехничка мерка. Целта на истражувањето во оваа дисертација е приспособување на резидбата од двокрак Гијов (резидба на лакови), во кордуница (резидба на кондири) за успешно користење на машините за резидба, а исто така и за другите агротехнички мерки. Со воведувањето на кордуница со различна должина на родниот лак кај испитуваните сорти се дојде до сознание дека успешно може да се воведе машинска резидба без да се изгуби на приносот и квалитетот на добиеното грозје, а воедно и на добиеното бело или обоено вино.

**Краток опис на применетите методи**

За остварување на зацртаните цели со истражувањето, применети се тригодишни полски опити со теренски испитувања и лабораториски мерења кај четирите вински сорти каберне совињон, мерло, шардоне и рајнски ризлинг. Направена е и статистичка анализа на добиените резултати од истражувањето, кое е цел на оваа докторска дисертација.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Резултатите од истражувањето покажуваат дека е возможна успешна трансформација на двокрак Гијов начин на резидба во резидба на кордуница. Добиени се одлични резултати од примената на различните должини на родниот лак од 3,4 и 5 родни окца. Испитувањата се вршени кај четири вински сорти: каберне совињон, мерло, шардоне и рајнски ризлинг. Од трите години на испитување се добиени корисни научни сознанија за влијанието на различните должини при резидбата врз родноста, приносот и квалитетот на добиеното грозје, што претставува суровина за квалитетни и врвни бели и црвени вина. Публикуваните резултати ќе овозможат промоција на истражувањата и за понатамошни испитувања не само кај овие, туку и кај други сорти. Според добиените резултати кај различните варијанти и сорти ќе можат да се дадат и одредени препораки за производителите во лозаро-винарското производство.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Ристо Христов со наслов: „Начини на резидба кај сортите каберне совињон, мерло, шардоне и рајнски ризлинг во Тиквешкото Виногорје како подготовка за лозите за машинска резидба“ решава актуелен предизвик и дава придонес во истражувањето од областа на лозаро-винарското производство. Истражувањето направено во дисертацијата имаше цел да изврши промена на резидбата на лакови (двокрак Гијов начин), во кордуница (резидба на кондири) за да се подготви лозата за машинска резидба, а исто така и за машинска берба. За изведување на агротехничката мерка резидба, потребно е ангажирање на голема работна рака која се потешко се наоѓа, односно претставува дефицитарна категорија, а исто така е се поскапа на пазарот на трудот. Со промената на резидбата, целта е да се намали потребата од работна рака. Според извршените испитувања, применетата методологија, добиените резултати како и начинот на нивното презентирање во трудот, кандидатот дава соодветни одговори на поставената цел и научно толкување на резултатите. Добиените сознанија претставуваат солидна основа за идни научни истражувања од областа на лозарството не само кај испитуваните, туку и кај други сорти.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Ристо Христов со наслов: „Начини на резидба кај сортите каберне совињон, мерло, шардоне и рајнски ризлинг во Тиквешкото Виногорје како подготовка за лозите за машинска резидба“, според мислењето на Комисијата за оцена на трудот, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил како прв автор во меѓународни научни списанија следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. Hristov R. Agrobiological and technological characteristics of vine cultivars Chardonnay and Rhein riesling in Tikvesh wine region, Journal of Agricultural, Food and Environmental Sciences, (JAFES) Vol 71 No 1, (2017) p.169-174.
2. Hristov R., Hristov P. Different lengths of pruning in vine cultivars Cabernet sauvignon and Merlot in Tikvesh wine region, Journal of Agricultural, Food and Environmental Sciences, (JAFES) Vol 71 No 1, (2017) p.175-181.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на деталната анализа на доставениот материјал и проверката на дисертацијата на кандидатот м-р Ристо Христов, Комисијата дојде до заклучок дека истражувањето претставува оригинален, самостоен научен труд и ги содржи сите елементи потребни за докторска дисертација. Анализите кои се направени на доставениот труд во целост одговараат на поставените цели на истражувањето. Добиените резултати се оригинални и даваат значаен придонес за успешна трансформација на резидба од двокрак Гијов начин во кордуница како подготовка на лозите за машинска резидба кај испитуваните вински сорти: каберне совињон, мерло, шардоне и рајнски ризлинг. Различните должини од 3,4 и 5 родни окца на родниот лак како дел од кордуницата овозможува успешна примена на механизирана кратка резидба кај испитуваните сорти и целосно изведување на зелените операции и берба.

Употребата на кордуница со примена на различни должини на родниот лак даде подобар квалитет на грозје во споредба со стандардот (двокрак Гијов начин на резидба). Со воведување на кордуница се создаваат услови за механизирана резидба и механизирано одгледување на виновата лоза, кое ќе придонесе за намалување на потреба од употреба на човечка работна рака која е сѐ подефицитарна на пазарот на трудот, а со тоа лозарството како земјоделска гранка ќе добие индустриски карактер. Сето тоа ќе овозможи намалување на трошоците за одгледување на виновата лоза и добивање на поевтин производ кој ќе биде и поконкурентен на пазарот. Добиените сознанија од оваа дисертација имаат научна и апликативна примена.

Со сето напред наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, да ја прифати позитивната оценка на изработениот труд и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Ристо Христов со наслов: „Начини на резидба кај сортите каберне совињон, мерло, шардоне и рајнски ризлинг во Тиквешкото Виногорје како подготовка за лозите за машинска резидба“.

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Михаил Петков, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Звонимир Божиновиќ, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Крум Бошков, член, с.р.**
**Доц. д-р Златко Прцуловски, член, с.р.**
**Проф. д-р Биљана Коруноска, член, с.р.**

## ПРЕГЛЕД НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ

### ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | м-р Лиридон Беколи | „Користење на релативната сила на стисокот на дланката и тестот скок во далечина од место во идентификувањето на адолесценти изложени на ризик од развој на саркопенска дебелина“ | “Using relative handgrip strength and standing long jump test to identify adolescent at risk of sarcopenic obesity” | Проф. д-р Серјожа Гонтарев | 12.10.2023 година бр. 0201-1146/15.4 |

Раководител на докторски студии по кинезиологија

проф. д-р Георги Георгиев

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: ДЕФЕКТОЛОШКА ДИЈАГНОСТИКА (50523), ОРТОПЕДАГОГИЈА (50519) И ДЕФЕКТОЛОГИЈА (50521) НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во дневните весници „Слободен печат“ и „Коха“ од 6.9.2023 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области: дефектолошка дијагностика (50523), ортопедагогија (50519) и дефектологија (50521) и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, донесена на XXIV седница одржана на 9.X 2023 година, бр. (04-1796/10), формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Горан Ајдински, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопе, проф. д-р Наташа Чичевска-Јованова, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје и проф. д-р Оливера Рашиќ-Цаневска, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области: дефектолошка дијагностика (50523), ортопедагогија (50519) и дефектологија (50521), во предвидениот рок се пријави д-р Александра Каровска Ристовска.

**1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Александра Каровска Ристовска е родена на 26.4.1984 година во Скопје. Средното образование го завршува во ДСМУ „Д-р Панче Караѓозов“ (насока: фармацевтски техничар) во 2002 година со континуиран одличен успех (5,00). Во септември, 2002 година, се запишува на Филозофскиот факултет, Институт за дефектологија. Студиите ги завршува во септември 2006, со просечен успех 9,77. Избрана е за студент на генерацијата 2002-2003 година на Институтот за дефектологија и добитник е на наградата за најдобар студент од фондацијата „Проф. д-р Љупчо Ајдински“.

Во октомври, 2006 година, Каровска Ристовска се запишува на последипломски студии на Институтот за дефектологија, насока *оштетување на слухот и говорот*. Во 2008 година го посетува курсот Special Education Needs – насока Inclusive Education при Летната интернационална школа на Универзитетот во Осло, Норвешка. Курсот го завршува со оцена А (10) и се здобива со сертификат за професионален развој. Последипломските студии ги завршува со просек 10,00. Со одбраната на магистерската теза: „Дете со кохлеарен имплант во рамките на инклузивната училница – студија на случај“, на 31.3.2009 година, се здобива со научен степен магистер по дефектолошки науки. Во септември 2009 година, на Институтот за дефектологија, ја пријавува докторската теза со наслов: „Компаративна анализа на структурата на американскиот и македонскиот знаковен јазик“. Докторскиот труд го брани на 10.5.2014 година и се стекнува со титулата доктор по дефектолошки науки.

Во периодот од септември 2006 година до јуни 2011 година е ангажирана како демонстратор на Институтот за дефектологија на предметите: Сурдологија; Рана интервенција на деца со пречки во развојот; Рана интервенција и едукација на деца со оштетен слух; Методика на предучилишна воспитно-образовна работа со деца со пречки во развојот; Методика на работа со глуви и наглуви ученици 1 и 2. Во периодот од септември 2010 година до јуни 2011 година работи во ДУЦОР „Партенија Зографски“ (група: ученици со оштетен слух и

ученици со интелектуална попреченост). Во јуни 2011 година е избрана за помлад асистент во областите: општа дефектологија, дефектолошка дијагностика, методика и заштита и помош на хендикепирани. Во јули 2014 е избрана за доцент во следните области (дисциплини): дефектологија, методика, ран третман (реедукација на психомоторика); знаковен јазик, дислексија и дисграфија.

Во периодот од август 2018 до јануари 2019 г., Каровска Ристовска е избрана за Фулбрајтов визитинг-професор на Универзитетот „Џорџ Мејсон“ во Феирфакс, Вирџинија, САД. Таа спроведува истражување и креира стратегија за рана интервенција и рана детска инклузија на деца со развојни пречки. Во текот на својата посета на САД, Каровска Ристовска е обучена и сертифицирана за работа по Ортон-Гилингам методата за работа со деца со специфични тешкотии во читањето.

Во моментот, д-р Александра Каровска Ристовска работи како вонреден професор на Институтот за специјална едукација и рехабилитација и е раководител на докторските студии по Дефектологија. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1186 од 15.II 2019 година.

Рецензентската комисија ги зеде предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, поднесени во документацијата што е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

На студиите од прв циклус по Специјална едукација и рехабилитација, Каровска Ристовска е реализатор на следните предмети:
- Невропсихологија со психомоторна реедукација (Д2013/18);
- Рана интервенција и едукација на деца со оштетен слух (Д3023/18);
- Специфични тешкотии во учењето (Д4033/18);
- Стратегии за специфични тешкотии во учењето (Д506И/18);
- Инклузивна пракса (Д7033/18).

На студиите од втор циклус, Каровска Ристовска е наставник по предметите:
- Специфични тешкотии во учењето (дислексија, дисграфија, диспраксија и дискалкулија) (ДП 1051/18);
- Инклузивен курикулум со ученици со специфични тешкотии во учењето (ДП 503И/18);
- Рана интервенција на деца со оштетен слух (ДП 205И/18);
- Дислексија и дисграфија (листа на УКИМ);
- Проблеми во учењето (ИО 2013/18).

Каровска Ристовска на студиите од трет циклус е наставник по следните предмети:
- Современи аспекти на рехабилитацијата на лицата со попреченост (S02P01);
- Истражувања во инклузивното образование (S02P08);
- Колаборативни и консултативни пристапи во раната интервенција (S02P17);
- Мултисензорни пристапи за ученици со специфични тешкотии во читањето и пишувањето (S02P18);
- Сексуален развој и воспитание на лицата со попреченост (S02P16).

Каровска Ристовска е автор или прв автор на три книги:

- Рана интервенција и едукација на деца со оштетен слух. Филозофски факултет – Скопје, 2021.
- Процена и стратегии за работа со ученици со специфични тешкотии во учењето. Филозофски факултет – Скопје, 2018.

Д-р Александра Каровска Ристовска била ментор на 28 дипломски трудови, а член на комисија за одбрана на 60 дипломски трудови. Таа била член на комисија за оцена или одбрана на 10 магистерски труда.

Активностите што се дел од наставно-образовната дејност, а кои се релевантни за изборот, се наведени во табелата во Образец 2 кон Извештајот за избор во наставно-научно, научно и наставно-стручно звање.

Според член 11 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, може да се констатира дека д-р Александра Каровска Ристовска од делот наставно-образовна дејност остварила 134,83 поени, и со тоа го надминува минималниот број поени (20), што е неопходно да ги оствари за да биде избрана во звањето редовен професор по оваа основа.

Научноистражувачка дејност

Каровска Ристовска била ментор на 13 магистерски труда, а во моментот е ментор на двајца докторанди.

Таа била раководител на два меѓународни научни проекта во изминативе пет години:

- Erasmus+ Key Action 2 project „Fostering Accessible Learning Management Systems-FAST“ (партнери: Универзитетот во Авеиро, Универзитетот во Вилнус, ЕТТЦ Копенхаген, Данска [2018-2021]);
- Erasmus+ KA220 HED project „UPDEIT – UPDating university curricula on Early InTervention“ (партнери: Универзитетот „Ла Лагуна“, Универзитет „Фредерик“, Училница „Даскаловски“ [2022-2024]); и

раководител на еден национален научен проект:

- National Situation Analysis on Early Childhood Intervention in the Republic of North Macedonia (UNICEF, Филозофски факултет), 2021-2022.

Таа учествувала во пет национални научни проекти во изминативе пет години:

- Експерт во проектот „Establishing system early intervention services for children with developmental delays and/or disabilities“, Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори на РСМ и УНИЦЕФ
  - Истражувач во проектот „Од попреченост до производство на храна“ Филозофски факултет – Скопје, Национална федерација на фармери и WE EFFECT, Sweden, 2019-2021);
  - Експерт во проектот Асистивна технологија за дислексија, координиран од здружението „Ајнштајн“. Партнери: Филозофски факултет и Emit Knowledge;реф. бр. IPA/2016/381878 финансиран од страна на Европската Унија (2019)
  - Обучувач во ИПА проектот „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“ – Обука на тутори за проектни стипендисти – ученици со попреченост инклудирани во редовни училишта, во организација на Фондација за образование и културни иницијативи „Чекор по чекор“ (2021);

- Обучувач во ИПА проектот „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“ – Обука на инклузивни училишни тимови, во организација на Фондација за образование и културни иницијативи „Чекор по чекор“ (2021).

Проф. Каровска Ристовска била учесник во 6 меѓународни проекти:

- Erasmus+ KA2 project „PREDICT - Prevention of Disaster ICT - (Information and Computer Technology)“ (партнери: Шпанија, Бугарија [2019-2022]);
- Erasmus+ Key Action 2 project „AD HOC - Accessible and Digitized Cultural Heritage for persons with disabilities“ (партнери: Италија, Грција, Словенија [2019-2022]);
- Erasmus+ „Developing New Software For Psychomotor Reeducation of Children With Autism“ (координатор: Универзитет „18 Март“ – Чанаккале, Турција [2020-2022]);
- Erasmus+ Key Action 2 project „DYSCOURSE - Dyslexia online teaching courses“ (партнери: Латвија, Италија, Унгарија [2020-2022]);
- Erasmus+ KA220-ADU „CALCULATE - Courses for parents of children with dyscalculia“ (партнери: Белгија, Италија [2022-2024]);
- Erasmus+ KA220SCH project „SOPHIE - Philosophy with Children for Wider Social Inclusion“ (координатор: Филозофско друштво на Македонија).

Каровска Ристовска се јавува како автор на 13 монографии (од кои дел влегуваат во научноистражувачка дејност, а дел во стручно-применувачка дејност):

- Каровска Ристовска Александра, Рашик-Цаневска Оливера, Тасевска Алма, Саракински Војислав, Минов Никола. (2019). FAST: Методолошка рамка. Скопје: Филозофски факултет. ISBN: 978-608-238-172-5.
- Karovska Ristovska, A., Rashikj-Canevska, O., Tasevska, A., Sarkinski, V., Minov, N. FAST: Methodological Framework. Skopje: Faculty of Philosophy. (2019) ISBN 978-608-238-173-2.
- Kletnikov, N., Karovska Andonovska, B., Karovska Ristovska, A., Velickovska, D. (2020). Creation of a methodological framework for inclusive training of children, youth and persons with disabilities. Prevention of Disasters ICT. Erasmus+ Referent No. 2019-1-MKO1-KA201-060284.
- Каровска Ристовска Александра, Чичевска-Јованова Наташа, Рашиќ-Цаневска Оливера и Станојковска-Трајковска Наташа. (2021). Прирачник за наставници и училишни инклузивни тимови. Скопје: Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“ – Македонија ISBN 978-608-4857-76-1.
- Aleksandra Karovska Ristovska, Natasha Ciçevska-Jovanova, Olivera Rashiq-Canevska, Natasha Stanojkovska-Trajkovska. (2021). Doracak per arsimtare dhe ekipet inkluzive shkollore. Skopje: Fondacioni per iniciativa arsimore dhe kulturore „Hap pas Hapi“ - Maqedoni ISBN 978-608-4857-77-8.
- Даскаловски, Д., Каровска Ристовска, А., Ајдински, Г., Чичевска Јованова, Н., Рашиќ-Цаневска, О., Димитрова Радојичиќ, Д., Станојковска Трајковска, Н., Филиповска, М., Матлијоска-Ристоски, И., Арсова Јуришиќ, Л., Србиновска, Л., де ла Роса, М., Ахилеос, А., Маркидес, К., Кириаку, П. (2022). Прирачник за процена на раниот детски развој (раѓање до 5 години). Скопје: Училница „Даскаловски“ ISBN 978-608-66978-0-8.
- Каровска Ристовска, А. и др. (2023). Анализа на состојбата со раната интервенција во детството во Северна Македонија. Фонд за деца на ОН (УНИЦЕФ), Канцеларија Скопје. ISBN ENG 978-608-4787-94-5.
- Karovska Ristovska, A. et all. (2023). Situation Analysis on Early Childhood Intervention in North Macedonia. United Nations Children’s Fund (UNICEF), Country Office, Skopje. ISBN ENG 978-608-4787-93-8.
- Karovska Ristovska, A. et all. (2023). ANALIZA E SITUATËS mbi Ndërhyrjen e Hershme në fëmijëri në Maqedoninë e Veriut. Fondi i Kombeve të Bashkuara për Fëmijët (UNICEF), Zyra

në Shkup ISBN ENG 978-608-4787-95-2 .
- Каровска Ристовска, А., Филиповска, М., Николовски, Д. (2019). Влијанието на фонтот DyslexicFZF врз способноста за читање кај лицата со дислексија. Проект: Асистивна технологија за дислексија. Здружение за дислексија „Ајнштајн“. ISBN 978-608-66138-5-3.

– Николовски, Д., Каровска Ристовска, А., Филиповска, М. (2021). Дислексија: Основи, идентификација и поддршка. Здружение за дислексија „Ајнштајн“. Еразмус+ проект Dyscourse Erasmus + KA2 2020-1-MK01-KA204-077788. ISBN: 978-608-66138-9-1.
- Каровска Ристовска, А., Филиповска, М., Петроски, Т., Николовски, Д. (2023). Рана училишна детекција на дискалкулија и математичка анксиозност. Еразмус + проект 2021-1-MK01-KA220-ADU-000026303 ISBN 978-608-66138-7-7.
- Николовски, Д., Каровска Ристовска, А., Филиповска, М. (2023). Дискалкулија: Основи, проценка, стратегии и поддршка. Erasmus + проект: 2021-1-MK01-KA220-ADU-000026303 ISBN: 978-608-66138-9-1.

Каровска Ристовска се јавува и како коавтор на дел од монографија објавена во странство:
- Berit H Johnsen, Natasha Angeloska-Galevska, Daniela Cvitković, Irma Čehić, Alma Dizdarević, Aleksandra Karovska Ristovska, Selmir Hadžić, Ljiljana Igrić, Snezana Ilic, Zora Jachova, Darko Kobetić, Damjana Kogovšek, Stanislav Košir, Selma Džemidžić Kristiansen, Natalija Lisak, Goran Nedovic, Martina Ozbič, Dragan Rapaić, Nevzeta Salihović, Kjell Skogen, Irena Stojkovic, Sadeta Zečić (2020). International Classroom Studies of Inclusive Practices: Comparing Teaching-Learning Processes. Nordic Open Access Scholarly Publishing. https://doi.org/10.23865/noasp.122

Каровска Ристовска е коавтор на седум труда со оригинални научни резултати, објавени во стручни списанија во кои трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кои се индексирани во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет:
- Rashikj Canevska, Olivera; Karovska Ristovska, Aleksandra; Bojadzhi, Marija. (2019). Predictors for developmental delay in children with cerebral palsy and at-risk children. In Acta Neuropsychologica, pp. 441-453
- (10.5604/01.3001.0013.6395) Fundacia Edukacii Medvcznei, i Promocji Zdrowia, Sztuki i Kultury ARS MEDICA (E- ISSN: 2084-4298)
- Chichevska-Jovanova N., Rashikj-Canevska O., Karovska-Ristovska A,. Dimitrova-Radojichikj D., Cekovska V. (2019). Specific learning difficulties manifestation in children with average inteligence and children with intellectual disabilities. Journal of special education and rehabilitation, vol 19. 3-4 p. 7-24
- doi: 10.19057/jser.2019.37
- Karovska Ristovska, A. (2020). Journeying to independence and autonomy: Transition norms and empowering adolescents which are deaf and hard of hearing. Faculty of Philosophy Annual Proceedings. UDK: 159.922.8-056.263:331.5
- Ramo-Akgjun, N., Karovska Ristovska, A., Rashikj-Canevska, O. (2020). Education and Competences of Special Educators in Turkey and Other Countries. Turkish Studies – Educational Studies 15(6): 4459-4473
- https://dx.doi.org/10.47423/TurkishStudies.46509
- Karovska Ristovska A., Rashikj Canevska O., Tasevska A., Bruziene 3 R., Orechova M., Paiva Dias G., Brito E., Haubro H. (2021). Accessible learning management systems: students' experiences and insights. In Prizen Social Science Journal; 5(2), 1-13. https://doi.org/10.32936/pssj.v5i2.224
- Karovska Ristovska, A., Minov, N. (2022). Universal Design and Cultural Heritage. Studia Universitatis hereditati Znanstvena revija za raziskave in teorijo kulturne dediščine 10(2):27-33. doi: 10.26493/2350-5443.10(2)27-33
- Filipovska M., Ajdinski, G., Karovska Ristovska, A. (2023). Dyslexia Typeface: Does it affect

reading fluency? Prizren Social Science Journal; 7(1), 46-52. https://doi.org/10.32936/pssj.v7i1.394

Таа е коавтор и на еден труд со оригинални научни резултати, објавен во списание со импакт-фактор 2.4 за годината во која е објавен трудот:

- Mishev, K., Karovska Ristovska, A., Trajanov, D., Eftimov, T., Simjanoska, M. (2020). MAKEDONKA: Applied Deep Learning Model for Text-to-Speech Synthesis in Macedonian Language. Appl. Sci. 2020, 10, 6882. Импакт фактор: 2.4 https://doi.org/10.3390/app10196882

е автор и на труд со оригинални научни резултати објавен во научно списание во кое трудовите подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји:

- Karovska Ristovska, A. (2019). Evidence based practices in early intervention. Faculty of Philosophy Annual Proceedings. Doi: 10.37510/godzbo1972489kr.

Каровска Ристовска е автор или коавтор на 6 труда со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научениот комитет се од најмалку три земји:

- Karovska Ristovska, A., Minov, N., Jakimovski, A., Jovanov, M. (2021). Conference: International Antalya Scientific Research and Innovative Studies Congress 18-21 December 2021/ Antalya, Side 51-67
- Mishev, K., Ristovska, A.K., Rashikj-Canevska, O., Simjanoska, M. (2022). Assistive e-Learning Software Modules to Aid Education Process of Students with Visual and Hearing Impairment: A Case Study in North Macedonia. In: Antovski, L., Armenski, G. (eds) ICT Innovations 2021. Digital Transformation. ICT Innovations 2021. Communications in Computer and Information Science, vol 1521. Springer, Cham. https://doi.org/10.1007/978-3-031-04206-5_11
- Karovska Ristovska, A., Filipovska, M. (2022). „Universal Design in Learning and Response to Intervention: Essential Elements in Inclusive Education“. In Angeloska Galevska, N., Tomevska-Ilievska, E., Janevska, M., Bugariska, B. (eds.). Educational Challenges and Future Prospects: Conference Proceedings. International Scientific Conference „75th Anniversary of the Institute of Pedagogy – Educational Challenges and Future Prospects“, Ohrid, 16-18 May 2022. Skopje: Institute of Pedagogy / Faculty of Philosophy, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, pp. 256-264. http://hdl.handle.net/20.500.12188/25132
- Чекаловски, С., Николовски, Н., Каровска Ристовска, А. (2023). Функционална процена на праксичката организираност на орофацијалната мускулатура кај ларингектомирани лица со аларингијална фонација. 6. Меѓународна научна конференција: „30 години студии по специјална едукација и рехабилитација“, Охрид, 14-16 септември, 2023.
- Каровска Ристовска, А. и соработници. (2023). Осовременување на наставните програми по рана интервенција. 6. Меѓународна научна конференција: „30 години студии по специјална едукација и рехабилитација“, Охрид, септември, 2023.
- Милошова, А., Каровска Ристовска, А. (2023). Фонолошка свесност кај ученици од одделенска настава. 6. Меѓународна научна конференција: „30 години студии по специјална едукација и рехабилитација“, Охрид, септември, 14-16 септември, 2023.

Научната релевантност на трудовите и научноистражувачките резултати може да се потврдат преку цитираноста на кандидатката 127 пати (113 пати од 2018 година).

Проф. Каровска Ристовскa е автор на дел од две книги рецензирани и објавени во земја членка на Европската Унија или ОЕЦД:

- Karovska Ristovska, A., Ramo-Akgjun, N. (2021). Communication Methods for Students with

Hearing Impairment. In: INSAC Academic Studies on Social and Educational Sciences. Istanbul: Gece Publishing.
- Karovska Ristovska, A. (2021). Early intervention and Early Childhood Special Education: How to establish good practices? In: Research & Reviews in Educational Sciences I. Istanbul: Gece Publishing. ISBN 978-625-8002-46-1.

Проф. Каровска Ристовска била пленарен предавач на следните научни-стручни собири со меѓународно учество:
- Karovska Ristovska, A. National Situational Analysis in N Macedonia. International Conference of Early Childhood Intervention EURLYAID, May 15-16, 2023.
- Karovska Ristovska, A. Family-centred Early Childhood Intervention: How to make it work. EASDP International Conference in Tirana, June 8-9, 2023.
- Karovska Ristovska, A. Evidence based practices in early intervention: overview of practices in USA and N Macedonia. Multidisciplinary approach in education and rehabilitation. Association of special educators and rehabilitators of Sarajevo. April, 9-11, 2021.
- Каровска Ристовска, А. Трансдисциплинарен пристап на семејно-насочена рана интервенција: Позитивни практики од САД. Меѓународна стручно-научна конференција: „70 години - организирана едукација, рехабилитација и вработување на лица со попреченост во Република Македонија“ Битола, 16-18 мај, 2019.
- Каровска Ристовска, А. Семејно ориентирана рана интервенција – трансдициплинарни практики. Меѓународна студентска конференција за специјална едукација и рехабилитација: „Разменуваме знаења – создаваме можности“. Филозофски факултет – Скопје и Здружение на студенти за специјална едукација и рехабилитација, 13-15 септември 2019.

Проф. Александра Каровска Ристовска има одржано едно предавање по покана на референтен странски универзитет:
- Seminar on Accessibilities Learning Management System in the context of the SDG2030. Humanities Department при Mazoon College Affiliated to Missouri University of Science and Technology, USA Cooperated with Purdue University Northwest (USA), Muscat, Oman).

Според член 11 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, може да се констатира дека д-р Александра Каровска Ристовска од научноистражувачката дејност остварила 254,5 поени, и со тоа повеќекратно го надминала минималниот број поени (20) што се неопходни за избор во звањето редовен професор по оваа основа.

<u>Стручно-применувачка дејност</u>

Каровска Ристовска била експерт-говорник на институции од јавен интерес, културно-информативни центри во четири наврати. Под дејностите од поширок интерес таа била:
- член на еден организационен одбор и три научни одбори на меѓународни научни/стручни собири;
- Остварила четири студиски престои во странство до три месеци;
- Учествувала како носител во изготвување и пријавување на два научни/образовни национални проекта;
- Учествувала како носител во изготвување и пријавување на три меѓународни проекта.
- Учествувала како соработник во изготвување и пријавување на три меѓународни проекта.

Каровска Ристовска обавува низа активности како член на комисии на Филозофскиот факултет во Скопје (Комисија за техничка обработка на податоците на пријавените кандидати

на Конкурсот за запишување на студенти на прв циклус студии, Комисија за изготвување на стратегија за развој на Филозофскиот факултет, Комисија за настава, Поткомисија за самоевалуација, Комисија за информациски и комуникациски технологии на Филозофски факултет, Конкурсна комисија за спроведување на конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Филозофскиот факултет во Скопје). Во два наврата таа била член на комисија за избор во звање. Проф. Каровска Ристовска учествувала во подоготовката на Стратегијата за родителство (МТСП и УНИЦЕФ) во 2022 година, а во моментот учествува во комисија на МОН за изработка на стандарди за квалификации за специјалните едукатори и рехабилитатори. Таа е и претседател на здружение на граѓани, поврзано со струката.

Конкретните активности се наведени во табелата во Образец 2 кон Извештајот за избор во наставно-научно, научно и наставно-стручно звање.

Според член 11 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Комисијата констатира дека д-р Александра Каровска Ристовска од стручно-применувачка дејност остварила 55,1 поени, и со тоа го надминала минималниот број поени (5) што се неопходни за избор во звањето редовен професор по оваа основа.

Оценка од самоевалуација

Во однос на педагошките аспекти на наставната дејност на кандидатката, приложени се резултатите од самоевалауцијата спроведени на Филозофскиот факултет во Скопје, според кои Каровска Ристовска има добиено позитивна евалуација (Рана интервенција и едукација на деца со оштетен слух – 9.42; Специфични тешкотии во учењето – 9.48).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Александра Каровска Ристовска.

Од изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Александра Каровска Ристовска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во научните области: дефектолошка дијагностика (50523), ортопедагогија (50519) и дефектологија (50521).

Според член 11 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Каровска Ристовска ги исполнува општите услови предвидени во Законот за високото образование (пренесени во Образец 1), односно: просечен успех од од најмалку 8,00 на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно; научен степен – доктор од областа за која се избира; објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор; претходен избор во звање – вонреден професор (Билтен бр. 1186 од 15.II 2019 година) и има способност за изведување на високообразовна дејност.

Според член 11, вонреден проф. д-р Александра Каровска Ристовска ги исполнува и посебните услови од Анекс 1 на наведениот Правилник (пренесени во Образец 2) постигнувајќи вкупно 444,43 поени. Таа неколкукратно го надминува минималниот број поени, поединечно по сите три основи (наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-применувачка дејност), како и минималниот вкупен број поени (80) што се потребни за да биде избрана во звањето редовен професор.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно- научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Александра Каровска Ристовска да биде избрана во звањето редовен професор во научните области: дефектолошка дијагностика (50523), ортопедагогија (50519) и дефектологија (50521).

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Горан Ајдински, претседател с.р.**
**Проф. д-р Наташа Чичевска-Јованова, член с.р.**
**Проф. д-р Оливера Рашиќ-Цаневска, член с.р.**

**ОБРАЗЕЦ 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** *Александра Стојан Каровска Ристовска*
**Институција:** *Филозофски факултет – Скопје, Институт за специјална едукација и рехабилитација*
**Научна област: ДЕФЕКТОЛОШКА ДИЈАГНОСТИКА (50523), ОРТОПЕДАГОГИЈА (50519), и ДЕФЕКТОЛОГИЈА (50521)**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1. | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,77.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00.<br>Просечниот успех изнесува 9, 88 за интегрираните студии. | ДА |
| 2. | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: дефектологија;<br>Поле: дефектологија;<br>Подрачје: општествени науки. | ДА |
| 3. | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | ДА |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование | ДА |
| | 1. Назив на научното списание: Acta Neuropsychologica<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco<br>3. Назив на трудот: Predictors for developmental delay in children with cerebral palsy and at-risk children. pp. 441-453 (10.5604/01.3001.0013.6395)<br>4. Датум на објава: 2019. | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 1. Назив на научното списание: Journal of special education and rehabilitation<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco, Scopus<br>3. Назив на трудот: Specific learning difficulties manifestation in children with average inteligence and children with intellectual disabilities. p. 7-24 doi: 10.19057/jser.2019.37<br>4. Датум на објава: 2019. | |
| | 1. Назив на научното списание: Faculty of Philosophy Annual Proceedings<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco<br>3. Назив на трудот: Journeying to independence and autonomy: Transition norms and empowering adolescents which are deaf and hard of hearing. UDK: 159.922.8-056.263:331.5<br>4. Датум на објава: 2020. | |
| | 1. Назив на научното списание: Turkish Studies – Educational Studies 2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco<br>3. Назив на трудот: Education and Competences of Special Educators in Turkey and Other Countries. 4459-4473 https://dx.doi.org/10.47423/TurkishStudies.46509<br>4. Датум на објава: 2020 | |
| | 1. Назив на научното списание: Applied Sciences<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, SCIE (Web of Science), inSpec и други.<br>3. Назив на трудот: MAKEDONKA: Applied Deep Learning Model for Text-to-Speech Synthesis in Macedonian Language. 10, 6882. Импакт фактор: 2.4 https://doi.org/10.3390/app10196882<br>4. Датум на објава: 2020. | |
| | 1. Назив на научното списание: Prizen Social Science Journal<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco<br>3. Назив на трудот: Accessible learning management systems: students' experiences and insights. Pp. 1-13. https://doi.org/10.32936/pssj.v5i2.224<br>4. Датум на објава: 2021. | |
| | 1. Назив на научното списание: Studia Universitatis hereditati Znanstvena revija za raziskave in teorijo kulturne dediščine<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus<br>3. Назив на трудот: Universal Design and Cultural Heritage, pp. 27-33. doi: 10.26493/2350-5443.10(2)27-33<br>4. Датум на објава: 2022. | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 1. Назив на научното списание: Prizren Social Science Journal<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco<br>3. Назив на трудот: Dyslexia Typeface: Does it affect reading fluency? pp. 46-52. https://doi.org/10.32936/pssj.v7i1.394<br>4. Датум на објава: 2023. | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови | ДА |
| | 1. Назив на научното списание: Годишен зборник на Филозофски факултет<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): вкупен број на членови – 11; Србија (2); Велика Британија (1); Ирска (1); Полска (2); Македонија (1); Германија (2); Бугарија (1); Хрватска (1).<br>3. Назив на трудот: Evidence based practices in early intervention. Doi: 10.37510/godzbo1972489kr<br>4. Датум на објава: 2019. | |
| 3.3 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји | |
| | 1. Назив на зборникот: Proceedings of the Conference: International Antalya Scientific Research and Innovative Studies Congress<br>2. Назив на меѓународниот собир: International Antalya Scientific Research and Innovative Studies Congress<br>3. Имиња на земјите: Turkey, Ukraine, USA, Kazakhstan, Ethiopia, Pakistan, Azerbaijan, Uzbekistan, Iran, Morocco, Canada, Saudi Arabia, Kosovo, India, Algeria, Romania, Iraq, Georgia, Egypt, Macedonia, Albania, Panama, Poland, Jordan, Bulgaria, Russia<br>4. Назив на трудот: Accessible and digitilized cultural heritage for persons with disabilities.<br>5. Датум на објава: 2021. | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 1. Назив на зборникот: Springer: CT Innovations 2021.<br>2. Назив на меѓународниот собир: Digital Transformation. ICT Innovations 2021. Communications in Computer and Information Science.<br>3. Имиња на земјите: Романија, Македонија, Англија, Словенија, Италија, Србија, Албанија, Австрија и други.<br>4. Назив на трудот: Assistive e-Learning Software Modules to Aid Education Process of Students with Visual and Hearing Impairment: A Case Study in North Macedonia.<br>5. Датум на објава: 2021. | |
| | 1. Назив на зборникот: Educational Challenges and Future Prospects: Conference Proceedings. International Scientific Conference<br>2. Назив на меѓународниот собир: „75th Anniversary of the Institute of Pedagogy – Educational Challenges and Future Prospects“<br>3. Имиња на земјите: Македонија, Египет, Унгарија, Србија, Хрватска, Турција, Израел, Англија, Казахстан, Украина, Италија, Албанија.<br>4. Назив на трудот: Universal Design in Learning and Response to Intervention: Essential Elements in Inclusive Education<br>5. Датум на објава: 2022. | |
| | 1. Назив на зборникот: Зборник на трудови по повод 30 години студии по специјална едукација и рехабилитација<br>2. Назив на меѓународниот собир: 6. Меѓународна научна конференција: „30 години студии по специјална едукација и рехабилитација“<br>3. Имиња на земјите: Македонија, САД, Англија, Србија, Босна и Херцеговина, Турција, Бугарија<br>4. Назив на трудот: Функционална процена на праксичката организираност на орофацијалната мускулатура кај ларингектомирани лица со аларингијална фонација<br>5. Датум на објава: 2023. | |
| | 1. Назив на зборникот: Зборник на трудови по повод 30 години студии по специјална едукација и рехабилитација<br>2. Назив на меѓународниот собир: 6. Меѓународна научна конференција: „30 години студии по специјална едукација и рехабилитација“<br>3. Имиња на земјите: Македонија, САД, Англија, Србија, Босна и Херцеговина, Турција, Бугарија<br>4. Назив на трудот: Фонолошка свесност кај ученици од одделенска настава.<br>5. Датум на објава: 2023 | |

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| | 1. Назив на зборникот: Зборник на трудови по повод 30 години студии по специјална едукација и рехабилитација<br>2. Назив на меѓународниот собир: 6. Меѓународна научна конференција: „30 години студии по специјална едукација и рехабилитација“<br>3. Имиња на земјите: Македонија, САД, Англија, Србија, Босна и Херцеговина, Турција, Бугарија<br>4. Назив на трудот: Осовременување на наставните програми по рана интервенција.<br>5. Датум на објава: 2023 | |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД | |
| | 1. Наслов на книгата: Communication Methods for Students with Hearing Impairment. In: *INSAC Academic Studies on Social and Educational Sciences.*<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: Турција<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: Istanbul: Gece Publishing. | |
| | 1. Наслов на книгата: Early intervention and Early Childhood Special Education: How to establish good practices? In: *Research & Reviews in Educational Sciences*<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: Турција<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: Istanbul: Gece Publishing. | |
| 4. | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област во која се избира | |
| | Каровска Ристовска, А. (2021). Рана интервенција и едукација на деца со оштетен слух. Скопје: Филозофски факултет. ИСБН: 978-608-238-202-9 | |
| | Каровска Ристовска Александра, Рашик-Цаневска Оливера, Тасевска Алма, Саракински Војислав, Минов Никола. (2019). FAST: Методолошка рамка. Скопје: Филозофски факултет.<br>ISBN: 978-608-238-172-5 | |
| | Karovska Ristovska, A., Rashikj-Canevska, O., Tasevska, A., Sarkinski, V., Minov, N. FAST: Methodological Framework. Skopje: Faculty of Philosophy. (2019)<br>ISBN 978-608-238-173-2 | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | Kletnikov, N., Karovska Andonovska, B., Karovska Ristovska, A., Velickovska, D. (2020). Creation of a methodological framework for inclusive training of children, youth and persons with disabilities. Prevention of Disasters ICT. Erasmus+ Referent No. 2019-1-MKO1-KA201-060284 | |
| | Каровска Ристовска Александра, Чичевска-Јованова Наташа, Рашиќ-Цаневска Оливера и Станојковска-Трајковска Наташа. (2021). Прирачник за наставници и училишни инклузивни тимови. Скопје: Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“– Македонија<br>ISBN 978-608-4857-76-1 | |
| | Aleksandra Karovska Ristovska, Natasha Ciçevska-Jovanova, Olivera Rashiq-Canevska, Natasha Stanojkovska-Trajkovska. (2021). Doracak per arsimtare dhe ekipet inkluzive shkollore. Skopje: Fondacioni per iniciativa arsimore dhe kulturore „Hap pas Hapi“ - Maqedoni<br>ISBN 978-608-4857-77-8 | |
| | Даскаловски, Д., Каровска Ристовска, А., Ајдински, Г., Чичевска Јованова, Н., Рашиќ-Цаневска, Оливера, Димитрова Радојичиќ, Д., Станојковска Трајковска, Н., Филиповска, М., Матлијоска-Ристоски, И., Арсова Јуришиќ, Л., Србиновска, Л., де ла Роса, М., Ахилеос, А., Маркидес, К., Кириаку, П. (2022). Прирачник за процена на раниот детски развој (раѓање до 5 години). Скопје: Училница „Даскаловски“<br>ISBN 978-608-66978-0-8 | |
| | Каровска Ристовска, А. и др. (2023). Анализа на состојбата со раната интервенција во детството во Северна Македонија. Фонд за деца на ОН (УНИЦЕФ), Канцеларија Скопје.<br>ISBN ENG 978-608-4787-94-5 | |
| | Karovska Ristovska, A. et all. (2023). Situation Analysis on Early Childhood Intervention in North Macedonia. United Nations Children’s Fund (UNICEF), Country Office, Skopje.<br>ISBN ENG 978-608-4787-93-8 | |
| | Karovska Ristovska, A. et all. (2023). ANALIZA E SITUATËS mbi Ndërhyrjen e Hershme në fëmijëri në Maqedoninë e Veriut. Fondi i Kombeve të Bashkuara për Fëmijët (UNICEF), Zyra në Shkup<br>ISBN ENG 978-608-4787-95-2 | |
| | Каровска Ристовска, А., Филиповска, М., Николовски, Д. (2019). Влијанието на фонтот DyslexicFZF врз способноста за читање кај лицата со дислексија. Проект: Асистивна технологија за дислексија. Здружение за дислексија „Ајнштајн“. ISBN 978-608-66138-5-3 | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | Николовски, Д., Каровска Ристовска, А., Филиповска, М. (2021). Дислексија: Основи, идентификација и поддршка. Здружение за дислексија „Ајнштајн“. Еразмус+ проект Dyscourse Erasmus + KA2 2020-1-MK01-KA204-077788.<br>ISBN: 978-608-66138-9-1 | |
| | Каровска Ристовска, А., Филиповска, М., Петроски, Т., Николовски, Д. (2023). Рана училишна детекција на дискалкулија и математичка анксиозност. Еразмус + проект 2021-1-MK01-KA220-ADU-000026303<br>ISBN 978-608-66138-7-7 | |
| | Николовски, Д., Каровска Ристовска, А., Филиповска, М. (2023). Дискалкулија: Основи, проценка, стратегии и поддршка. Erasmus + проект: 2021-1-MK01-KA220-ADU-000026303<br>ISBN: 978-608-66138-9-1 | |
| 5. | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: 15. II 2019 година, број 1186 | ДА |
| 6. | Има способност за изведување на високообразовна дејност. | ДА |

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** *Александра Стојан Каровска Ристовска*
**Институција:** *Филозофски факултет – Скопје, Институт за специјална едукација и рехабилитација*
**Научна област: ДЕФЕКТОЛОШКА ДИЈАГНОСТИКА (50523), ОРТОПЕДАГОГИЈА (50519), и ДЕФЕКТОЛОГИЈА (50521)**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | |
|---|---|---|
| **1.** | **Одржување на настава од прв циклус студии** | **64.35** |
| | Реедукација на психомоторика Д6013 (летен) 2018/2019<br>(3+3/2)<br>Предавања: 1.8<br>Вежби: 2.7 | 4.5 |
| | Невропсихологија со реедукација на психомоторика Д2013/18 (летен) 2018/2019<br>3+2 (1+2)<br>Предавања: 0.6<br>Вежби: 0.9 | 1.5 |
| | Рана интервенција и едукација на деца со оштетен слух Д3023/18 (зимски) 2019/2020<br>(2+2/2)<br>Предавања: 1.2<br>Вежби: 1.8 | 3 |
| | Дислексија и дисграфија Д504И (зимски) 2019/2020<br>(3+1)<br>Предавања: 1.8<br>Вежби: 0.45 | 2.25 |
| | Специфични тешкотии во учењето Д4033/18 (летен) 2019/2020<br>(2+3)<br>Предавања: 1.2<br>Вежби: 1.35 | 2.55 |
| | Реедукација на психомоторика Д6013 (летен) 2019/2020<br>(3+3/2)<br>Предавања: 1.8<br>Вежби: 2.7 | 4.5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Невропсихологија со реедукација на психомоторика Д2013/18 (летен) 2019/2020<br>3+2 (1+2)<br>Предавања: 0.6<br>Вежби: 0.9 | 1.5 |
| | Рана интервенција и едукација на деца со оштетен слух Д3023/18 (зимски) 2020/2021<br>(2+2/3)<br>Предавања: 1.2<br>Вежби: 2.7 | 3.9 |
| | Дислексија и дисграфија Д504И (зимски) 2020/2021<br>(3+1)<br>Предавања: 1.8<br>Вежби: 0.45 | 2.25 |
| | Специфични тешкотии во учењето Д4033/18 (зимски) 2020/2021<br>(2+1) универзитетска листа<br>Предавања: 1.2<br>Вежби: 0.45 | 1.65 |
| | Стратегии за специфични тешкотии во учењето Д506И/18 (летен) 2020/2021<br>(2+3)<br>Предавања: 1.2<br>Вежби: 1.35 | 2.55 |
| | Невропсихологија со реедукација на психомоторика Д2013/18 (летен) 2020/2021<br>3+2 (1+1)<br>Предавања: 0.6<br>Вежби: 0.45 | 1.05 |
| | Реедукација на психомоторика Д6013 (летен) 2020/2021<br>(3+3)<br>Предавања: 1.8<br>Вежби: 1.35 | 3.15 |
| | Дислексија и дисграфија Д504И (летен) 2020/2021<br>(3+1)<br>Предавања: 1.8<br>Вежби: 0.45 | 2.25 |
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ГЕОПОЛИТИЧКИ И ГЕОЕКОНОМСКИ ДЕТЕРМИНАНТИ НА НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“, ОД М-Р СТОЈАНЧЕ МАСЕВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

На својата XXII редовна седница одржана на 5.7.2023 година, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Стојанче Масевски, пријавена на трет циклус – докторски студии на студиската програма Безбедност, одбрана и мир, на тема: „Геополитички и геоекономски детерминанти на националната безбедност на Република Северна Македонија“. Комисијата за оцена на докторската дисертација е во состав: проф. д-р Лидија Георгиева, проф. д-р Тони Милески проф. д-р Митко Котовчевски, проф. д-р Синиша Даскаловски и проф. д-р Димитар Трајанов.

Откако ја анализиравме првичната верзија на докторската дисертација, како членови на Комисијата за оцена се сложивме околу заедничка оценка, којашто имаме чест да ја поднесеме преку следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Анализа на трудот**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Стојанче Масевски, пријавена на трет циклус – докторски студии на студиската програма Безбедност, одбрана и мир на тема: „Геополитички и геоекономски детерминанти на националната безбедност на Република Северна Македонија“, претставува обемен труд изложен на 286 страници компјутерски обработен текст. При изработката на трудот, кандидатот користел обемна литература, книги од македонски и странски автори, зборници на трудови, меѓународни списанија и бројни интернет-извори. Трудот е напишан на македонски јазик и како таков е оценет од страна на Комисијата.

Докторската дисертација претставува спој од теоретско и емпириско истражување и се состои од вовед, шест меѓусебно поврзани поглавја, заклучок и користена литература.

Во почетниот дел од докторската дисертација, кандидатот м-р Масевски го приложил апстрактот и го претставил воведниот дел од истражувањето. Во него се појаснува дека современиот свет претставува експресија на глобализирачките процеси. Таквата променлива средина несомнено влијае врз концептот на безбедност и степенот до кој безбедноста е под влијание на геополитичките и геоекономските фактори. Модерните држави јасно ја препознаваат врската помеѓу безбедноста, геополитиката и геоекономијата. Тоа значи дека се укажува на значењето на геополитичките и геоекономските настани кои треба да бидат, меѓу другите, во фокусот при детеминирањето на националната безбедност. Во македонските стратегиски документи, концепции, долгорочни планови и приоритети, безмалку не се споменати геополитиката и геоекономијата. Ова, секако, не е случај со современите западноевропски држави, но и регионални сили. Во овие документи не е дадено никакво место и значење на геополитиката и геоекономијата, ниту пак соодветно се признати како фактори и предизвици врз кои треба да се градат концепцијата за безбедност и одбрана, стратегијата за одбрана, долгогодишните планови за развој на одбранбените способности, економските политики и слично. Воочливо е дека тие се занемарени во споредба со истите документи на Р Србија, Р Бугарија, Р Хрватска, западноевропските земји како Германија, Велика Британија, Франција, а да не зборуваме за светските сили САД, Русија и Кина. Нивните стратегиски документи имаат афирмативен однос кон

геополитиката и геоекономијата како важни детерминанти за креирање на политиката за национална безбедност и сите преостанати документи кои на некаков начин произлегуваат и се поврзани со неа. Ставањето акцент на геополитичкото и геоекономското опкружување, како и на нивните амбиенти, интереси, текови, предизвици, закани и ризици прави да се креира одржлива политика за национална безбедност на хартија, но и во практика.

Првиот дел од трудот е насловен „Геополитика и геоекономија“. Во него се обработени генезата и развојните правци на геополитиката. Потоа, поимно е определена геополитиката како научна дисциплина која по својот предмет на проучување е сродна со политичката географија, но различна според методот и функцијата. Во овој дел, прикажани се потеклото и развојот на геоекономијата чиј зародиш е позициониран во седумнаесеттиот век. Сепак, Едвард Лутвак е првиот кој го употребил изразот „геоекономија“ како посебна научна дисциплина. Тој пробал теретски да го дефинира поимот геоекономија и да докаже дека има засебен предмет и метод на проучување. Геоекономијата, според Лутвак, претставува ново орудие за постигнување на целите на високоразвиените држави во меѓународните односи по пат на геоекономски, а не воени стратегии.

Во вториот дел од трудот насловен „Геополитички детерминанти на Република Северна Македонија“, се дава историски и современ приказ на геополитичката положба на државата. Притоа, врз основа на веќе познати теоретски претпоставки се прави визура на современата геополитичка положба на која влијаат повеќе фактори. Детерминиран како појас на кршливост, Западниот Балкан е подложен за влијание од надворешни фактори, надополнет со длабока внатрешна поделеност по етничка, национална, верска, јазична и културна линија. Современите настани, како Преспанскиот договор, членството во НАТО, договорот за добрососедство со Бугарија, ковид-19 кризата и војната во Украина се главните креатори на современата геополитичка положба на државата. Во продолжение се анализираат геополитичките детерминанти на Македонија. Тука се напоменуваат коридорската положба помеѓу Централна Европа и Блискиот Исток, како и Северна Африка. Втора детерминанта на геополитичката положба е големата етничка шареноликост и нивната територијална распореденост. Трета варијабла претставува географскиот простор, кој е оценет како неповолен со оглед на повеќедецениските и повеќевековните апетите на околните држави за завладување на македонскиот простор. Следуваат природните богатства, сообраќајно-комуникациските правци и социјално-културните карактеристики кои на долги патеки влијаат на геополитичката положба. Втората глава продолжува со анализа на досегашните искуства во амортизирањето на геополитичките притисоци предизвикани од непосредното соседство, Европа и глобалните геополитички играчи. Во завршниот дел, дадени се идните потенцијални насоки за справување со анализираните геополитички притисоци.

Третата глава од докторската дисертација е насловена како „Геоекономски детерминанти на Република Северна Македонија“. Овој дел започнува со историски приказ на геоекономската положба на Македонија, кој се осврнува на негативното влијание на економскиот развој, трговската размена, енергетскиот сектор, директните странски инвестиции, бруто општествениот производ, транзицискиот период и сиромаштијата, како и големиот степен на невработеност. Современата геоекономска положба се базира на современите геоекономски и глобализациски трендови. Но, и во тој поглед, кандидатот потенцира дека нема некое поголемо придвижување и подобрување на геоекономската положба на државата. Во продолжение, кандидатот ги елаборира геоекономските детерминанти кои влијаат на националната безбедност. Притоа, прави дистинкција за одредени геоекономски детерминанти и фактори за кои

потенцира дека се поизразени кај одредени држави заради нивната геополитичка положба. Како главни детерминанти се анализирани следните: сиромаштијата, гладот, стапката на невработеност, економската дипломатија, економскиот развој, економската моќ, директните странски инвестиции, бруто општествениот производ, надворешниот долг, транспортната инфраструктура и други. Како и во претходната глава, и во оваа понудени се анализа и решенија за досегашното и идните насоки во справувањето со геоекономските притисоци предизвикани од непосредносто соседство, Европа и глобалните геоекономски играчи.

Четвртата глава е насловена како „Системи за набљудување, анализирање и предвидување на геополитички и геоекономски настани“. На почетокот од главата, даден е историски приказ на развојот на овие системи. Посебно внимание е дадено на можностите кои ги нудат софтверските алатки со огромни податочни множества. Базата на глобални податоци за настани, јазик и тон – GDELT нуди можност за квантитативно проучување на геополитичките појави. Тоа е најголема, најсеопфатна и најотворена база на податоци за човечкото општество некогаш создадени. Само податоците за 2015 година бележат речиси 0,7 трилиони податоци и повеќе од 1,5 милијарди референци поврзани со локација, додека нејзината вкупна архива опфаќа повеќе од 215 години. Таа е бесплатна база која може да се користи без ограничување. Потребата од користење на вакви или слични бази е во функција на подобро разбирање на веројатноста за идните геополитички случувања. Геополитичкото прогнозирање се однесува на процесот на генерирање предвидувања за идните геополитички настани изразени како нумерички веројатности и опсег на веројатности, како и бодирање или оценување на овие предвидувања. Кандидатот ја користи оваа база на податоци за мерење на геополитичкиот и геоекономскиот притисок, како и за следење на геополитичките и геоекономските трендови.

Петтата глава од докторската дисертација „Креирање на национална концепција за безбедност и одбрана – политика на национална безбедност на Република Северна Македонија“, се однесува на детерминантите кои влијаат на националната безбедност. Посебен фокус е даден на геополитичките и геоекономските детерминанти. Дополнително, како помошни алатки во процесот на формирање на националната безбедност, се напоменува растечкиот тренд на вештачката интелегенција.

Шестиот дел од докторската дисертација е насловен „Приказ на резултатите од истражувањето“. Во овој дел подетално се објаснети проектот GDELT и двете важни мерки кои го објаснуваат значењето и чувството на одредени настани. Првата е Голдстајн-индексот, кој има вредности помеѓу -10 и +10, мерејќи го најсилниот конфликт (-10) и најсилната соработка (+10). Втората мерка е новинскиот тон, кој претставува чувство за сите новости кои опишуваат специфични настани. И таа мерка има скала од -10 (најнегативно) до +10 (најпозитивно) расположение. Целиот овој систем е во корелација со КАМЕО-кодната мрежа каде што секој код има нумерички вредности од -10 до +10. Преку вака поставен систем, кандидатот емпириски ги истражува односите на Република Македонија со Република Бугарија и со Република Грција.

**Предмет на истражување**

Предмет на истражувањето претставуваат геополитичките и геоекономските детерминанти кои влијаат врз формирањето на националната безбедност на Република Северна Македонија, но не само нивната улога, туку и нивното значење, влијание и резултатите кои ги даваат за целокупната безбедност на државата. Дополнително е истражувана корисноста од употребата на системи за предвидување на геополитички и геоекономски настани кои влијаат врз намалувањето на геополитичките и

геоекономските ризици и со тоа играат значајна улога во формирањето на националната безбедност.

Неминовно за истражувањето е потребата од вклучување на геополитичките и геоекономските детерминанти врз процесот на формирањето на националната безбедност. Секако, тука како предмет на научна елаборација е заемната поврзаност на геополитичките и геоекономските детерминанти со националната безбедност. Осврт се дава и на предвидувањето на геополитичките и геоекономските настани, односно степенот на предвидливост и можноста за нивно апсорбирање и превенирање. Дефинирањето на предметот на истражување е изведен постапно од причини што предметот во себе содржи повеќе појави, односно поими кои ќе помогнат за комплетно поимно операционализирање на проблемот.

**Состојба на научноистражувачката област во која се работи докторскиот труд**

Во поглед на постоењето научни истражувања кои ги поврзуваат геополитиката и геоекономијата со безбедноста може да се потенцира дека тие не се доволно застапени. Ова особено се однесува на домашната научна литература од овие области. Со самиот факт дека се дефицитарни, ретки и речиси не постојат, научниот придонес на докторската дисертација добива големо значење. Од друга страна, она што се нуди како можност за користење на современи софтверски алатки за следење на геополитичките и геоекономските настани, претставува огромен придонес на докторскиот труд. Во тој поглед постојат голем број трудови кои како предмет на истражување ги имаат големите податочни множества, но ниту еден не е поврзан со геополитиката, геоекономијата и националната безбедност на државата. Од овие причини, докторскта дисертација на м-р Стојанче Масевски нуди уникатен методолошки пристап со што несомнено ќе ја збогати литературата во областа на геополитиката, геоекономијата и безбедноста.

**Краток опис на применетите методи**

Од методолошка гледна точка, ова истражување, имајќи ги предвид целите, има:

- експликативен аспект – со кое се објаснуваат потребата и значењето на геополитичките и геоекономските детерминанти врз националната безбедност на Република Северна Македонија;
- дескриптивен аспект – целта е да се опишат и да се разработат геополитичките и геоекономските детерминанти на националната безбедност на Република Северна Македонија, како и да се опише нивната важност, значење, влијание и неопходност.

Со оглед на комплексноста и повеќедимензионалноста на ова истражување, природата на самиот предмет на истражување, изборот на истражувачки методи е извршен според карактерот и целите на самиот труд. Па така, како методолошки постапки за добивање на податоци се користени аналитичко-синтетичкиот метод и индуктивно-дедуктивниот метод.

Во истражувањето е применет и методот на набљудување, бидејќи само така на директен начин е можно запознавање со предметот, појавите, процесите, односите и врските помеѓу нив. Преку Gdelt project платформата е направено набљудување и анализирање на геополитичките и геоекономските трендови, геополитичкиот амбиент и притисок. Овој процес на емпириско истражување резултира со процена на геополитичкиот ризик врз националната безбедност на Република Северна Македонија од непосредното соседство, Европа и глобалните геополитички играчи. Резултатите се градираа преку мерна скала со што се оцени влијанието на непосредното соседство, Европа и глобалните геополитички играчи врз нашата национална безбедност.

Во постапката за прибирање податоци за теориска анализа, примена има и историографскиот метод, односно историографските пишани податоци, со единствена

цел да се осознаат и искористат искуствата од минатото за периодот за кој постои научно-верификувана документација.

Методот на анализа на содржина има своја примена во анализата, обработката и следењето на пишувани текстови од домашната и странската литература, научните списанија, зборниците од меѓународните конференции, правилниците, списанијата кои се занимаваат со оваа тематика и целокупната преостаната литература која се однесува на проблемот на истражувањето.

Преку употреба на компаративниот метод, извршена е делумна квалитативна и квантитативна селекција и анализа на прибраните податоци. Тој е користен во случај кога е потребно да се споредат одредени карактеристики, селекција и анализа на одредени сознанија, податоци или, пак, информации. Оваа метода дава насоката на утврдување на вистинското ниво на причинско-последичните односи, како и квалитативно-квалитативните индикатори на истражуваниот материјал во однос на реализирање на анализа на собраните елементи. Само релевантни факти и докази се употребувани со цел потврдување или негирање на веќе поставените хипотези.

Преку методот на интуиција, овозможено е поврзување и осознавање на одредени појави, потпирајќи се на личното искуство на теоретичари, долгогодишни експерти од областа на безбедноста и на неа сродни научни дисциплини.

**Цел на изработка на трудот**

Истражувањето има за цел да даде придонес во објаснувањето на значењето и важноста на геополитичките и геоекономските детерминанти врз формирањето на националната безбедност на Република Северна Македонија.

Притоа, истражувањето, за геополитичките и геоекономските детерминанти на националната безбедност на Република Северна Македонија има основна, научна и практична цел. Основната цел на истражувањето е да се добијат теоретски и емпириски сознанија за геополитичките и геоекономските детерминанти на националната безбедност на Република Северна Македонија. Сите овие сознанија би требало да ги заинтригираат големиот број на институции кои на некој начин се засегнати со оваа проблематика и да ги поттикнат и им помогнат во нивниот делокруг на работење со внесување на нови знаења и искуства здобиени од самата дисертација.

Научната цел на истражувањето е да се изврши научна дескрипција и научно објаснување на улогата, важноста и значењето на геополитичките и геоекономските детерминанти врз формирањето на националната безбедност на Република Северна Македонија. Непобитен факт е дека оваа област, геополитичките и геоекономските детерминанти на националната безбедност на Република Северна Македонија се делумно, па дури и недоволно научно истражувана и објаснувана тема од страна на лица кои се длабоко инволвирани со оваа тема на интерес.

Како практичната цел на истражувањето се појави обезбедувањето на основни сознанија со кои ќе може да се увиди и процени не само улогата туку и значењето, важноста, влијанието и резултатите на геополитичките и геоекономските детерминанти врз националната безбедност на Република Северна Македонија. Нивната неопходност ќе помогне во изградбата, унапредувањето и менувањето на националната безбедност на државата. Дополнително како практична цел на ова истражување се појави и обезбедувањето на основни сознанија со кои ќе се увиди и процени корисноста од употребата на системи за предвидување на геополитички и геоекономски настани. Токму тие влијаат врз намалувањето на геополитичките и геоекономските ризици и со тоа играат значајна улога во формирањето на националната безбедност.

Од друга страна, пак, резултатите на самото истражување треба да иницираат и да поттикнат изработка на трудови, пишување и објавување на стручна литература на

ова поле, како и дискутирање на конференции за проблематиката што ја опфаќа истражувањето.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Согласно со добиените резултати, може да се заклучи дека геополитичката и геоекономската клима (амбиент) спрема нашата држава, првенствено од страна на Република Грција и Република Бугарија, ни предизвикува геополитички и геоекономски ризици и притисоци кои влијаат на нашата национална безбедност и со кои тешко се справуваме. Република Грција и Република Бугарија во голема мера се иницијатори на конфликтни настани, односно настани со негативен предзнак, иако Република Северна Македонија пробува да води нормални односи со нив преку различни дипломатски активности, односно намери и желби за преговори и соработка, потпишување на различни договори за меѓудржавна економска соработка и слично. Очигледно е дека нивната намера е дискредитирање на македонската страна, нашата способност за нормално водење на меѓународни односи и опстојување на меѓународната сцена, како и негирање на сѐ што е македонско. За исполнувањето на нивните национални интереси, тие претежно низ годините се служеа со употребата на правото на сила, наметнувајќи бескрајни услови и ултиматуми, создавајќи настани кои негативно влијаеја врз нашата држава и нејзините национални интереси. Како такви би се издвоиле проблемите поврзани со името, државните симболи, проблемите поврзани со македонскиот јазик, македонското малцинство, македонските здруженија во нивните земји, историја и култура, борбата за економска доминација, економската и дипломатската војна, ветата за евроатлантската интеграција, економското ембарго, бојкотот, санкциите и слично.

Од анализата на геополитичките и геоекономските настани во кои учествува Република Северна Македонија може да се заклучи дека во голема мера тие се неповолни и со негативен контекст кон нашите национални интереси, а со тоа и со нашата национална безбедност. Согласно со горенаведеното, а и од фактот што сите држави работат во специфичен просторно-временски контекст, се јавува идејата дека мала земја како Република Северна Македонија, доколку сака да биде успешна, мора да бара начини за минимизирање на ефектите од геополитичките/геоекономските притисоци на соседните земји.

Сето ова не би било возможно без определени системи за алармирање/ предупредување и предвидување на настани. Нивното користење во наредниот период би ни дало објективна процена на сите закани со геополитички и геоекономски предзнак. Овие платформи и системи преку однапред утврдени кодови во реално време овозможуваат ефикасно и ефективно справување со тековните геополитички закани и влијанија и нудат можност за навремено планирање на политиката за национална безбедност.

**Очекуван научен придонес**

Непостоењето на литература која одблиску ги проучува геополитичките и геоекономските детерминанти на националната безбедност на Република Северна Македонија, за жал, претставува еден проблем, празнина во македонското безбедносно истражување кое заслужува да се пополни. Оттука добиените сознанија претставуваат една солидна основа за сите понатамошни безбедносни истражувања кои во делокругот на својата работа ќе ја имаат оваа проблематика. Со тоа ќе се придонесе за зголемување на истражувањата за овој мошне важен и чувствителен проблем на регионално, но и светско ниво. Исто така, од научен аспект, оправданоста е во придонесот во формирањето и дополнувањето на методологијата за изработка на стратегиски документи од областа на безбедноста. Резултатите од истражувањето имаат значење и за едукација на стручњаците од областа на геополитиката и геоекономијата, но и

пошироко во другите области поврзани со безбедноста како начин за подигнување на нивното ниво на знаење и обученост.

Со истражувањето беше извршена и анализа на корисноста од употребата на системи за набљудување, анализирање и предвидување на геополитички и геоекономски настани кои влијаат врз намалувањето на геополитички и геоекономски ризици и со тоа играат значајна улога во формирањето на националната безбедност. Се очекува резултатите од истражувањето да имаат широка општествена и практична примена, особено преку понудените теоретски опции за развој на националната стратегија за одбрана, концепцијата за безбедност и одбрана, дологогодишните планови за развој на одбранбените способности, како и економските политики. Со самото истражување позитивно се влијае врз самата безбедност и стабилност на државите низ светот и тоа за еден подолг временски период. Добиените резултати од истражувањето, всушност, помагаат да се детектираат досегашните пропусти и слабости во формирањето на стратегиските документи од областа на националната безбедност. Поради овие елементи, како и поради самиот факт дека улогата на геополитичките и геоекономските детерминанти во формирањето на националната безбедност на државите е доста актуелна во изминатиов период, и е во корелација со тековните случувања во самиот безбедносен сектор, неговото значење и улога заслужуваат поголемо внимание. Значењето, улогата и анализирањето на геополитичките и геоекономските детерминанти на националната безбедност само ќе ги отворат видиците и погледите на сите инволвирани актери кои учествуваат во формирањето на безбедноста на државата и нејзината заштита.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Докторската дисертација со наслов „Геополитички и геоекономски детерминанти на националната безбедност на Република Северна Македонија“ од кандидатот м-р Стојанче Масевски претставува оригинален научен труд кој е изработен според сите академски стандарди. Во трудот е презентирана солидна теоретска рамка за значењето на геополитиката и геоекономијата во креирањето на националната безбедност на државата. Емпириското истражување преку GDELT-проектот претставува уникатен научноистражувачки потфат кој го збогатува трудот и го определува неговото големо значење. При изработката на трудот, кандидатот консултирал голем број на македонски и странски автори, определен број на интернет-извори, отворената GDELT база на податочни множества и други извори кои се во корелација со предметот и целите на истражувањето.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да ја прифати оваа позитивна рецензија и на кандидатот м-р Стојанче Масевски да му дозволи јавна одбрана на докторската дисертација „Геополитички и геоекономски детерминанти на националната безбедност на Република Северна Македонија“, пријавена на трет циклус – докторски студии на студиската програма Безбедност, одбрана и мир.

20.9.2023,
Скопје

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Лидија Георгиева, с.р.**
**Проф. д-р Тони Милески (ментор), с.р.**
**Проф. д-р Митко Котовчевски, с.р.**
**Проф. д-р Синиша Даскаловски, с.р.**
**Проф. д-р Димитар Трајанов, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРИДОНЕСОТ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ НА СТРАТЕГИСКАТА РАЗВОЈНА ЦЕЛ 10 – НАМАЛУВАЊЕ НА НЕЕДНАКВОСТА КОН ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА КОСОВО И СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, НА ЦЕНТРАЛНО И НА ЛОКАЛНО НИВО“ ОД М-Р ВЛОРА ЕЛШАНИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

На својата XXII редовна седница одржана на 5.7.2023 година, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на докторантката м-р Влора Елшани, пријавена на трет циклус – докторски студии на студиската програма Меѓународни односи и менаџирање на конфликти. Докторскиот труд е со наслов „Придонесот на Програмата за развој на Обединетите нации за постигнување на стратегиската развојна цел 10 – намалување на нееднаквоста кон одржлив развој на Косово и Северна Македонија, на централно и на локално ниво“, а Комисијата ја сочинуваат: проф. д-р Лидија Георгиева (ментор), проф. д-р Тони Милески, проф. д-р Билјана Ванковска, проф. д-р Марина Митревска и проф. д-р Виолета Цветковска.

Откако Комисијата ја анализираше докторската дисертација и по укажаните и вградени сугестии, се согласи, до Наставно-научниот совет, да го предложи следниов позитивен

## И З В Е Ш Т А Ј

**Анализа на трудот**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Влора Елшани, со наслов „Придонесот на Програмата за развој на Обединетите нации за постигнување на стратегиската развојна цел 10 – намалување на нееднаквоста кон одржлив развој на Косово и Северна Македонија, на централно и на локално ниво“, содржи 165 страници компјутерски обработен текст во англиска верзија и 176 страници во македонска верзија. Трудот е поткрепен со 195 фусноти и 230 библиографски и референтни единици, вклучувајќи примарни и секундарни извори (книги, статии, уставни акти, научни трудови и релевантни интернет-ресурси). Текстот на докторската дисертација содржи апстракт, вовед, глави од три поглавја елаборирани во шест дела. Последното поглавје завршува со заклучоци и препораки.

Овој труд го анализира придонесот на УНДП во Косово и Северна Македонија на национално и на општинско ниво во временска рамка 2015 и 2021 година, поврзан со намалените нееднаквости (Цел за одржлив развој 10), во три аспекти. Прво, се потпира на теоретски аспект и анализа на документи, како што се: публикации, извештаи и национални развојни стратегии во двете земји и усогласување на програмата на УНДП од двете страни. Намалените нееднаквости во овој дел се анализираат од гледна точка на одржливост, со консолидирање на релевантните делови за известување за постигнатиот напредок и признавање на нивното позитивно влијание во спречувањето и управувањето со конфликти со нагласување на потребата и важноста на интегрираните пристапи со СРЦ. Второ, се фокусира на главните структури и конкретни координирани акции со кои УНДП соработува во двете земји за намалување на хоризонталните нееднаквости и нивната улога во севкупните перформанси на земјите кои придонесуваат за мирот и стабилноста. Овој дел  дава анализа за кревките односи со заедницата и ризиците за ескалација на прекршувањата и улогата на програмата на УНДП со проекти кои придонесуваат за намалување на овие нееднаквости кон мирни ситуации како дел од интегрираните пристапи. Третиот аспект се фокусира на конкретни интервенции

преку проекти кои УНДП ги спроведува преку споредување на слични проектни интервенции во партнерските општини од двете страни кои се справиле со нееднаквостите за да се препознае влијанието. Овој дел воведува неколку пристапи оддолу нагоре кон социјалната вклученост. Студијата го усвои методот на дедукција, комбиниран со аналитичко-синтетички метод и компаративен метод.

**Првиот дел** од дисертацијата започнува со анализа на концептите за одржливиот развој и одржливиот мир. Потоа продолжува да ги нагласува глобалните нееднаквости, со посебен фокус на разликите во приходите во Европа и на Балканот. Дополнително, дисертацијата ја истражува анализата на нееднаквостите во приходите во Западен Балкан (Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија и Косово) во контекст на Целта за одржлив развој 10 (конкретно, цел 10.1). Оваа анализа вклучува проценка на односот на уделот на расположливиот доход врз основа на податоците за полот и возрасната група во временска рамка од 2015 до 2021 година. За да се понуди сеопфатен приказ, податоците за БДП за оваа временска рамка се споредени меѓу овие балкански држави и резултатите графички се прикажани во табели, при што Косово има најнизок БДП. Понатаму, се дадени клучните факти за двете земји коишто се анализираат, Косово и Северна Македонија. Овие податоци вклучуваат статистика за населението, елаборација на економската и политичката ситуација, имено пред и постстатусот како дел од поранешна Југославија, податоци за миграцијата, образованието, напорите за исполнување на агендата за пристапување во ЕУ, рангирањето што се однесува на позитивниот мир, како и истражувањето на структурите на централната и локалната власт. Освен во улогата на институциите на централно ниво, анализата навлегува во улогите на здруженијата кои ја поддржуваат локалната демократија и децентрализираните системи, како што е ЗЕЛС (Заедница на единиците на локална самоуправа) во Северна Македонија и АКМ (Асоцијација на косовските општини) во Косово.

Во **вториот дел** од дисертацијата е опфатена методолошката рамка. Во овој дел се разработува предметот на истражувањето, неговите цели и очекуваните резултати.

**Третиот дел** ја опфаќа теоретската рамка како и претходните истражувања како што се операционализирани од меѓународните организации и агенции, извештаите за човековиот развој и наодите за двете земји. Понатаму, во овој дел се анализираат целите на агендата 2030, и важноста на интеграција на целите за одржлив развој во проектите на УНДП. Во овој дел се анализираат и теоретските пристапи/меѓународни односи и управување со конфликти низ анализа на публикации на клучни автори. Со ова се обезбедува интердисциплинарноста на анализата и се овозможува дополнителен агол на анализа на меѓународните односи – конфликтите и развојот како важен дел на меѓународните студии. Притоа, клучна варијабла се нееднаквостите со нагласување на улогата на УНДП како Агенција на ОН која има за цел да го олесни преминот од конфликт или нестабилност преку намалување на изворите на нееднаквост и справување со потребите на заедницата за еднаков пристап, под мотото не оставајќи никого зад т.н. отпорни нации.

**Четвртиот дел** дава сеопфатно објаснување на клучните концепти како што се нееднаквост, одржлив развој, градење мир и одржлив мир. Овој дел нуди јасност за тоа како се применуваат овие концепти, земајќи ги предвид гледиштата и пристапите на различните актери, истражувачи и перспективата на ОН и нејзините агенции.

Во **петтиот дел** се објаснети водечката хипотеза и двете комплементарни хипотези кои придонесуваат за рамката на дисертацијата.

Во **шестиот дел** се анализирани примарни и секундарни извори – проекти на УНДП и извештаи на национално и на локално ниво со акцент на проектите „Создавање работни можности за сите“ – главна фаза (проект на УНДП во Северна Македонија) и „Интегриран територијален развој“ – две фази (Проект на УНДП во Косово). Овој дел е концентриран за преземање и анализа на податоците од контролните табли на УНДП за проектите кои се однесуваат на СРЦ 10, освен другите СРЦ и буџетот распределен и потрошен во таа насока споредено меѓу двете земји.

Понатаму, овој дел анализира извештаи на национално и на локално ниво, за да продолжи со споредените општини од двете страни, имено Драгаш и Штерпце во Косово, преземени за да се анализираат интервенциите кои се однесуваат на нееднаквостите, додека во Северна Македонија, со општините Гостивар и Велес – двата случаја вклучуваат и малцински заедници. Овие примери се селектирани заради интервенциите на УНДП преку проекти кои се фокусираат на СРЦ 10 и се стремат да ги подобрат животните услови и да поттикнат позитивен мир меѓу различни локални заедници. Покрај тоа, овој дел, ги елаборира адресираните нееднаквости преку усогласени програми и области на исходи од интервенции со националните стратегии и агендата 2030 со напредокот постигнат во СРЦ 10 преку интегрирани пристапи и табелата што ги споредува податоците за нееднаквоста и сиромаштијата за Косово и Северна Македонија.

Понатаму, овој дел се концентрира да го формулира примерокот од истражување, поврзан со хоризонталните нееднаквости меѓу локалните заедници кои можат да стимулираат прекршувања и да го оштетат одржливиот мир. Повторно, разликите во Косово и Северна Македонија се анализирани со користење на детална елаборација со користење на алатки за анализа на конфликти (алатка за мапирање на конфликти, макро поглед на разликите меѓу заедниците и мапирање на потребите). Важно е да се нагласи дека овој дел е клучниот и најсеопфатниот дел од дисертацијата бидејќи обезбедува информации и темелна анализа за влијанието на нееднаквостите врз миграцијата на младите и ги објаснува проблемите меѓу заедниците за двете студии на случај. Овој дел многу јасно ги објаснува основните причини за миграцијата и мобилноста на луѓето и ги елаборира причините за миграцијата поради нееднаквите можности како и миграциските трендови и активности за миграцијата со Acquis Communautaire како важен чекор за двете земји.

Во однос на решавањето на СРЦ10 за секоја земја, и зошто конкретно проверувајќи ја СРЦ 10 во рамките на проектите на УНДП, има објаснување со носење факти кои потврдуваат дека локалните интегрирани пристапи, без разлика дали се имплементирани на национално или на регионално ниво, имаат позитивно влијание за постигнување еднаквост меѓу заедниците, особено оние со мешани заедници (примери на проекти: Проект за создавање можности за работа во Северна Македонија и Регионална програма за локална демократија во Западен Балкан – спроведена во Косово и Северна Македонија).

**Предмет на истражување**

Вообичаен тренд меѓу меѓународните организации е да се надмине долгорочниот пристап и практика дека развојните пристапи кон неразвиените или постконфликтните земји не се поврзани со безбедноста. Оваа врска е демистифицирана и признаена и во

академските истражувања и во меѓународната или билатералната практика, т.е. развојот придонесува за безбедноста и обратно (Kaldor, M. 1999; Duffield, M. 2001; Bellamy, A. Williams, P. and Griffin, S. 2004 ;). Концептуалните рамки за разбирање на односот помеѓу конфликтот, безбедноста и развојот се можни преку пет специфични теми: (1) извори и последици од современиот насилен конфликт, особено внатредржавниот конфликт; (2) мерки за спречување конфликти и дестимулации за насилство; (3) меѓународна интервенција, вклучително и мировна, политичка и економска помош и меѓународна помош; (4) постконфликтна демилитаризација и реконструкција; (5) режими на управување, безбедност и развој, испитување на улогата на меѓународните организации, државните и поддржавните актери во промовирањето и забавувањето на развојот и безбедноста. Оттука и важноста да се анализира преминот од градење мир кон одржлив мир.

Дополнително, постои потреба да се разјасни концепцијата за нееднаквост во глобализираниот свет, додека значителен број истражувачи ја поврзуваат нееднаквоста со развојот, конфликтот и безбедноста, централните теоретски пристапи за концептуализација на општествените идентитети и нееднаквости (како класа, етничка припадност, пол, сексуалност , возраст и попреченост), и односите меѓу нив, како и разгледување на тоа како социјалната стратификација придонесува за формирање на препознатливи општествени идентитети. Различни нееднаквости се манифестираат, се менуваат и меѓусебно се поврзуваат во различни општествени контексти (Bradley, H (1996), Devine, F., Waters, M. (eds) (2004); Hills, J., Stewart, K. (eds) (2004 Волби, С. (2009)).

Примерот на УНДП како Агенција на ОН во различни земји е вреден за академско истражување бидејќи оваа Агенција има за цел да го олесни преминот од конфликт или нестабилност и да ги намали изворите на нееднаквост и секој потенцијал за конфликт. Нееднаквоста меѓу и внатре во државите со примероци од овие две земји конкретно, се појавува концепција во меѓународните односи преку улогата на интервенциите на меѓународните организации во намалувањето или барем да се задоволат потребите на заедниците за еднаков пристап под мотото не оставајќи никого зад себе кон отпорни нации.

Има малку анализи за нееднаквостите во Косово и Северна Македонија, за да не се каже речиси ниту една како што беше претходно споменато. Сепак, може да има разграничено ниво на нееднаквост меѓу државите како што се постигнува напредок во областа на истражувањето.

Првото прашање во овој дел беше: Дали нееднаквоста го раѓа конфликтот? Пребарувајќи за врските помеѓу нееднаквоста и конфликтот, разбираме дека оваа врска е меѓу најстарите грижи во минатите студии поврзани со политичката економија (Кристофер Крамер, 2005). Барем од Аристотел, политичките теоретичари предложија дека политичкото незадоволство и неговите последици - протест, нестабилност и насилство - не зависат само од апсолутното ниво на економско богатство, туку и од неговата распределба, или со други зборови, нееднаквоста меѓу богатите и сиромашните. Како меѓусебно поврзана, нестабилноста како последица на неурамнотежена распределба на економското богатство, стимулирање на општествените реакции во форма на протест, бунт и други форми на отпор, често ескалира во насилен конфликт.

Двете соседни земји се примери за тоа како УНДП го преточи своето влијание во опипливи резултати во партнерство со националните и локалните чинители и изгради доверба како посветени партнери во одржливиот развој. Програмските пристапи на УНДП се инклузивни, кохерентни и одговараат на потребите на жителите, следствено,

значително придонесуваат за процесот на пристапување во ЕУ и за решавање на СРЦ за државите.

Општата цел на ова истражување е да се дефинира, да се разбере и да се документира како УНДП во двете земји функционира во остварувањето на СРЦ10 за намалените нееднаквости и како нивните пристапи водат и воспоставуваат долгорочно влијание врз заедниците во партнерските напори.

**Состојба на научноистражувачката област во која се работи докторскиот труд**

Анализата на улогата на ОН, особено ангажманот на УНДП во развојните иницијативи, има значајна важност, особено кога се разгледуваат сеопфатните програми на УНДП кои ги вклучуваат клучните чинители, вклучително и државните институции. Самото истражување воведува иновативни елементи со комбинирање на темите за нееднаквости и одржлив развој со оние за одржлив мир и градење мир кои ретко може да се најдат меѓу истражувањата. Овие димензии се пример за модерен аналитички пристап, особено релевантен во мултиетничките општества како Косово и Северна Македонија, кои имаат историја на насилни конфликти - особено Косово . Вреди да се истакне дека истражувањето завршува со подвлекување на важноста на иднината за двете земји, особено за младите. Ја нагласува потребата за соработка во програмите за неформално образование и миграциските стратегии меѓу овие соседни држави за да се контролира „одливот на мозоци“ и успешно да се намалат нееднаквостите меѓу младите. Во однос на аналитичкиот пристап, важно е да се истакне дека се спроведува сеопфатна анализа со помош на алатки за анализа на конфликти во заедниците на двете земји и факторите кои влијаат на тоа. Овој дел служи за разјаснување и разбирање на основните причини за нееднаквостите како дел од историјата на земјите.

Во однос на моменталната состојба на истражување на оваа тема, таа се смета за исклучителна, релевантна и многу современа тема. Дополнително, хипотезите врз кои е изграден трудот беа истражени од теоретска перспектива. Со оглед на значењето на односите на Косово и Северна Македонија со ОН и конкретно со програмите на УНДП, заедно со нивните амбиции за интеграција во ЕУ, оваа тема предизвикува особен интерес на домашно ниво во двете држави. Вреди да се нагласи дека темата што се истражува има значајна геополитичка релевантност, особено имајќи предвид дека Косово и Северна Македонија се наоѓаат на Балканот, и кои биле составен дел на Југославија и имале насилни конфликти, иако во различен степен.

**Краток опис на применетите методи**

При изработката на докторската теза се користени повеќе методи и методолошки процедури преку кои може да се проблематизира правилното научно разбирање на предметот. Во насока на правилна теоретска анализа се користат следниве методи:

- дедуктивниот метод, кој овозможи да се извлечат заклучоци од поширок кон локален контекст на придонесот на УНДП;
- аналитичко-синтетичкиот метод, кој обезбеди елаборација на наодите на посеопфатно и поаналитичко ниво;
- компаративниот метод, кој овозможи споредба на пронајдените факти и резултати за двете земји објавени како официјални документи на УНДП и други институции за периодот на истражување (2015 – 2021 година), со цел да се дојде до заклучоци и препораки.

**Цел на изработка на трудот**

Главните цели на истражувањето се:

1) да се елаборира и опише улогата на УНДП во извршувањето на СРЦ10 во Косово и Северна Македонија;

2) да се расветлат напорите, клучните области и тековните програмски активности што оваа агенција на ОН ги презема и придонесува за остварување на агендата 2030 во Косово и Северна Македонија во партнерските напори;

3) да се документираат постигнатите резултати за клучната улога на УНДП во овој курс, поврзани со долготрајните напори и влијанието на интервенциите.

Водечка хипотеза на истражувањето е: придонесот на УНДП во постигнувањето на СРЦ 10 – намалувањето на нееднаквостите кон одржливиот развој во Косово и Северна Македонија, на централно и на локално ниво, може да ја олесни мирната трансформација на централно и на локално ниво.

Научната цел на истражувањето е да се изврши научна дескрипција и научно објаснување на улогата, важноста и значењето на УНДП како агенција на ООН во спроведувањето на СРЦ10 на локално и на национално ниво во Северна Македонија и Косово. Оваа тема е делумно, па дури и недоволно научно истражувана, особено од интердисциплинарен пристап.

Практичната цел на истражувањето е да се обезбедат основни сознанија со кои може да се утврди и процени улогата и значењето, важноста, влијанието и резултатите на интервенциите за намалување на ризиците на локално ниво предизвикани од различни форми на нееднаквост. Според конвенционалната литературата, нееднаквоста како структурна карактеристика на општеството предизвикува конфликти и насилство. Првично, оваа литература се фокусираше првенствено на вертикалната нееднаквост. Сепак, неможноста да се објасни како и зошто нееднаквоста мобилизира одредени групи за насилство ја измачува постојната литература. Теориите за хоризонтална нееднаквост се подобро поставени за да го решат ова прашање и има сè поголема конвергенција околу заклучокот дека хоризонталната нееднаквост е поврзана со вооружени конфликти. Концептот на хоризонтални нееднаквости ги вклучува нееднаквостите помеѓу културно дефинираните групи, како што се етничките, верските, расните групи или групите засновани на касти и опфаќа економски, социјален, културен статус и политички димензии. Таа се разликува од „нормалната“ дефиниција за нееднаквост или вертикална нееднаквост, која ја мери нееднаквоста во опсегот на поединци наместо групи. Во трудот фокусот е на нееднаквоста како што е дефинирана со документите на ООН и УНДП.

Резултатите на истражувањето треба да иницираат и да поттикнат изработка на трудови, пишување и објавување на стручна литература на ова поле, како и дискутирање на конференции за проблематиката што ја опфаќа истражувањето.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

УНДП работи во Косово и Северна Македонија повеќе од 20 години, поддржувајќи го социјалниот и економскиот развој за одржлив и мирен иднината. Организацијата тесно соработува со засегнатите страни за да ги усогласи своите програми, националните приоритети и Агендата за 2030 година, што резултира со доверливи партнерства и одржливи резултати.

Во Северна Македонија, УНДП одигра клучна улога во земјата напредок кон интеграција во ЕУ, спроведување на заеднички програми/проекти и работа тесно со владата. Во Косово, УНДП работи со тимот на UNCT за зајакнување на Агендата 2030, користејќи специјализирани програмски пристапи за поддршка на земјата. Организацијата активно го промовира СРЦ 10 (намалување нееднаквости) во сите свои проекти, вградувајќи ги во годишните планови за работа и соработка со партнерите за следење и известување за напредокот. Со вклучување засегнатите страни, УНДП имплементира интегрирани пристапи кои генерираат одржливи промена во заедниците.

Сепак, постојат празнини во Националната стратегија за развој на Косово (НДС). врска со СРЦ 10, кои треба да се решат и усогласат со другите индикатори во

стратешкиот документ Косово 2030. Во Северна Македонија е постигнат напредок на СРЦ 10, но потребно е владино известирање во области како што се миграцијата, односите во заедницата и ЛГБТ правата. За да се намалат разликите меѓу државите, Косово и Северна Македонија треба да ги усогласат нивните заеднички напори за миграцијата и истражуваат соработка, како што е формирањето на интегрирана гранична полиција.

Во постконфликтните општества како што се Косово и Северна Македонија, меѓуетнички односите можат да бидат кревки, а хоризонталните нееднаквости може да доведат до нестабилност и конфликти. Тензиите меѓу заедниците, комбинирани со политички, економски и културни фактори, може да ги оштетат меѓуетничките односи и да ја загрозат социјалната стабилност. Препознавање и намалување на хоризонталните нееднаквости е клучно за да се спречат идни нарушувања и конфликти. Охридскиот договор на Северна Македонија дава рамка, но сѐ уште е потребна имплементација, додека занемарувањето на правата на маргинализираните групи претставува потенцијална закана. УНДП има капацитет да се справи со хоризонталната заедница осцилации и спроведување на превентивни мерки, како што е прикажано во општините како што се Драгаш, Штерпце, Гостивар и Велес. Инклузивен пристап на УНДП осигурува никој да не остане сапоставен.

Во однос на имплементацијата на СРЦ10, постои диспаритет меѓу Северна Македонија и Косово. Северна Македонија одвои значително поголем буџет за активности поврзани со СРЦ10 во споредба со Косово, што укажува на ран пристап за постигнување на целта и забрзување на интеграцијата во ЕУ. Високи стапки на сиромаштија и невработеноста во Северна Македонија ја прави миграцијата атрактивна опција, особено меѓу помладата генерација. Во Косово, со својата голема популација на млади жителите, иселувањето е главна грижа, со висок процент на домаќинства има најмалку еден член кој живее надвор од државата. Пристап до податоци поврзани со СРЦ и напредокот во Косово е предизвик, а создавањето на лесен за корисниците платформата на КАС (Агенција за статистика на Косово) може во голема мера да ја подобри достапноста на податоците.

Понатаму, ограничената слобода на движење на Косовците во Шенген зоната влијае на протокот на илегална миграција, бидејќи косовските граѓани не се на рамноправна основа со други граѓани од Југоисточна Европа. Помладата популација на Косово се соочува дури и помалку можности за работа, што доведува до повисоки миграциски тенденции во потрага по образование и можности за вработување.

За да се реши неусогласеноста меѓу образованието и пазарот на труд, на релевантните власти во Северна Македонија и Косово треба да спроведат темелна преглед на образовните програми и давање приоритет на стручното образование. Овој преглед исто така треба да се нагласи родовата и малцинската вклученост како средство за обезбедување еднаквост пристап до образование и достојно вработување. Со усогласување на образовните програми со потребите на пазарот на труд, овие земји можат да промовираат поодржливи економски развој и решавање на миграцијата рурално-град.

Предложено решение е да се воспостави заедничка платформа која ќе ги интегрира научени лекции од двете земји. Оваа платформа би се фокусирала на намалување нееднаквости за младите преку обезбедување пристап до стручно образование, со специфични компоненти поврзани со родова и вклученост на малцинствата.

**Очекуван научен придонес**

Во рамките на истражувањето, кандидатката м-р Влора Елшани прави детална анализа на концептот на придонесот на УНДП за намалување на нееднаквостите во двете

земји. Во таа насока, кандидатот сеопфатно ја согледува и анализира предметната материја, презентирајќи детални и добро структурирани аргументи. Таа ефикасно ја концептуализира важноста на поддршката што ја дава УНДП во државите за опоравување по конфликтот, нагласувајќи ја нејзината улога во спречувањето на потенцијалните прекршувања и промовирањето на стабилноста.

Понатаму, дисертацијата се осврнува на деликатните политички контексти на двете земји и произлезените меѓуетнички односи на двете страни, кои се примарно под влијание на социјалните нееднаквости што ги доживуваат. Важно е да се напомене дека кандидатката вешто ги интегрирала овие аспекти во дисертацијата, приоѓајќи им непристрасно, од тродимензионална перспектива и ефикасно ги поткрепувала своите аргументи.

Врз основа на анализата на текстот на докторската дисертација на кандидатката м-р Влора Елшани, Комисијата го констатира следново:

- Докторската дисертација изразува висок степен на научна релевантност во определувањето на предметот на истражувањето и претставува иновативна анализа на улогата и придонесот на УНДП во СРЦ 10 за намалените нееднаквости во Косово и Северна Македонија, на централно и на локално ниво.
- Преку спроведените анализи и елаборации во докторската дисертација, кандидатката успева јасно да ги обработи сите важни прашања поврзани со придонесот на УНДП со влијание во намалување на нееднаквостите во двете земји. Ова собено се однесува на теоретскиот спој, односно интердисциплинарниот пристап, вклучувајки меѓународни односи, менаџирање на конфликти и развој.
- Кандидатката презентира свои ставови за некои многу важни прашања поврзани со интервенциите на локално ниво. Темата е обработена на концизен начин и презентираната структура на дисертацијата целосно ја опфаќа темата и поставените цели на истражувањето.
- При изработката на докторската дисертација, кандидатката консултирала и користела обемна и релевантна литература, научна и стручна, претежно странска литература на англиски јазик.
- Од методолошки аспект, кандидатката користи релевантни методи погодни за научно истражување во општествените науки, анализа на содржина на документи и извештаи на меѓународни организации и локални институции. Применет е и модел на анализа/мапирање на конфликти преку кој се идентификувани клучните предизвици со кои се соочуваат заедниците а се поврзани со СРЦ10/СРЦ10.1. Прибирањето на податоци на локално и на национално ниво претставуваше ризик во истражувањето заради недоволно и несистематско продуцирање на овие податоци од страна на институциите. Сепак, на овој начин со примена на повеќе техники се оформи методолошки пристап кој може да претставува основа за натамошни истражувања.
- Јазикот на кој кандидатката пишува е високо професионален, артикулиран и лесен за читање и разбирање. Со начинот на цитирање на релевантните извори и користената литература се исполнети современите стандарди на академско пишување (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1277, од 1.2.2023 година 299). Конечно, докторската дисертација, под наслов „Придонесот на Програмата за развој на Обединетите нации за постигнување на стратегиската развојна цел 10 – намалување на нееднаквоста кон одржлив развој на Косово и Северна Македонија, на централно и на локално ниво“ ги содржи сите карактеристики на независен научен труд.

Кандидатката, пред одбраната на докторската теза, ги објавила (како единствен автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт фактор) следните рецензирани истражувачки трудови:

- Миграцијата што го активира одливот на мозоци на младите, том. 20, број 38, јуни 2020;
- Хоризонтални нееднаквости и конфликти, кн. 22, број 42, јуни 2022 година.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

По внимателно испитување и евалуација на текстот на докторскиот труд „Придонесот на Програмата за развој на Обединетите нации за постигнување на стратегиската развојна цел 10 – намалување на нееднаквоста кон одржлив развој на Косово и Северна Македонија, на централно и на локално ниво“ од докторантката м-р Влора Елшани, Комисијата дојде до следниов

**ЗАКЛУЧОК**

Оваа докторска дисертација покажува високо ниво на квалитет и ги исполнува критериумите утврдени за изработка на самостојни научни трудови од ваков карактер, како што е предвидено со релевантните законски прописи и политика на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Вредноста на трудот произлегува од интердисциплинарниот пристап вграден во меѓународните студии, односно поврзување на теориската рамка на меѓународните односи и менаџирањето на конфликти со СРЦ 10 – намалување на нееднаквостите на локално и на национално ниво. Трудот констатира дека мирот и безбедноста се во релација и со моќта, но и со развојот како фактор на отпорноста на заедниците кон нови предизвици.

Дополнително, анализата на улогата на една меѓународна агенција на ОН во реализирање на СРЦ 10 на локално ниво (УНДП) претставува сериозен предизвик кој со компаративната анализа на локално ниво овозможува основа за поставување на методолошка рамка за проверка на интервенциите од аспект на СРЦ-10.

Следствено, Комисијата му препорачува на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да го усвои овој извештај и да ги овозможи потребните аранжмани за јавна одбрана на докторската дисертација „Придонесот на Програмата за развој на Обединетите нации за постигнување на стратегиската развојна цел 10 – намалување на нееднаквоста кон одржлив развој на Косово и Северна Македонија, на централно и на локално ниво“ од докторантката м-р Влора Елшани.

**25.9.2023,**
**Скопје** **Комисија**

**Проф. д-р Лидија Георгиева (ментор), с.р.**
**Проф. д-р Тони Милески, с.р.**
**Проф. д -р Билјана Ванковска, с.р.**
**Проф. д-р Марина Митревска, с.р.**
**Проф. д-р Виолета Цветковска, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА**
**„УЛОГАТА НА МИКРОФИНАНСИСКИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО СОВРЕМЕНАТА ЕКОНОМИЈА И НИВНОТО ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ”,**
**ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ФИТОРЕ РУДХАНИ,**
**ПОДНЕСЕНА ДО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на член 110 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 82/18 и бр. 178/21) и член 63 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии на УКИМ (Универзитетски гласник бр. 530/20), а согласно со предлогот на Советот на студиската програма Организациски науки и управување (менаџмент) (бр. 02-1519/4 од 25.8.2023 година), Научниот совет, на 82. седница одржана на 31.8.2023 година, донесе Одлука бр. 02-769/2 од 1.9.2023 година, за формирање Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Фиторе Рудхани со наслов:
**Улогата на микрофинансиските институции во современата економија и нивното финансиско работење (The role of microfinance institutions in the contemporary economy and their financial performance)**, во состав:

проф. д-р Татјана Петковска Мирчевска (претседател),
проф. д-р Диана Бошковска (ментор),
проф. д-р Наташа Данилоска (член),
проф. д-р Биљана Ангелова (член), и
проф. д-р Весна Геориева Свртинов (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Научниот совет на Економскиот институт му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**АНАЛИЗА НА ТРУДОТ**

Докторскиот труд на тема „Улогата на микрофинансиските институции во современата економија и нивното финансиско работење“ е обработен во пет посебни делови (глави), што логично меѓусебно се поврзани и сочинуваат една кохерентна целина. Покрај овие пет дела, во композицијата на дисертацијата се инкорпорирани вовед и заклучок, како посебни сегменти. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во воведот, кандидатката ги образложува значењето и актуелноста на третираната проблематика, ги наведува целта и предметот на истражувањето, главната хипотеза на трудот и користената методологија врз која се темелат сознанијата од трудот.

Глава I носи наслов: „Теоретски осврт на микрофинансиските институции“. Оваа глава ја анализира постојната литература како основа за конструирање на концептуална рамка за студијата. Литературата истражена и анализирана во ова поглавје овозможува теоретско согледување на поимот микрофинансиски институции (МФИ) во економијата, карактеристиките на МФИ, а исто така и производите и услугите кои ги нудат МФИ. За таа цел, теоретското поимање на МФИ се анализира преку два теоретски концепта: традиционалната теорија за финансиски иновации и теоријата на финансиски ограничувања.

Глава II, „Улогата на микрофинансиските институции во современата економија“, ја истражува улогата на микрофинансиските институции во современата економија. Ова вклучува проценка на влијанието на микрофинансиските институции врз економскиот раст преку анализа на влијанието на сиромаштијата, невработеноста, руралниот развој и женското претприемаштво. Исто така се оценува и улогата на МФИ во финансискиот сектор, преку анализа на трендот на развој на МФИ.

Глава III, „Детерминананти на финансиското работење на МФИ“, теоретски ги истражува клучните детерминанти за оцена на финансиското работење на МФИ. За таа цел, во овој дел од трудот врз основа на претходни релевантни студии од оваа област, се анализира значењето на каматната стапка, некаматните приходи, структурата на средствата, структурата на депозитите, ликвидноста и владината поддршка за МФИ.

Во глава IV со наслов „Улогата и значењето на микрофинансирањето во Република Косово“ се утврдува улогата и значењето на микрофинансирањето во Косово преку анализа на влијанието на микрофинансирањето врз сиромаштијата, невработеноста и женското претприемаштво во косовската економија. Исто така, во овој дел се согледува и улогата на микрофинансирањето за финансискиот сектор, потоа структурата на микрофинансискиот сектор во земјата и видот на производи и услуги кои ги обезбедуваат МФИ во Косово.

Глава V, „Анализа на финансиското работење на микрофинансиските институции во Република Косово“, го анализира работењето на МФИ кои оперираат во Република Косово, во насока на оцена на нивното работење. Тоа се прави со цел да се согледаат специфичностите, како и можните слабости во нивното работење преку компаративна анализа меѓу одделните МФИ кои функционираат на територијата на Република Косово, но и со трендот на развој на МФИ во пошироки рамки, пред сè со земјите од регионот.

Во заклучокот се систематизирани резултатите од теориската и емпириската анализа за перформансите на МФИ и нивното влијание врз економијата. Исто така, по прифаќање на основната хипотеза, како и по утврдување на претходно поставените цели на истражувањето се генерализираат соодветни наоди и препораки за унапредување на работата на МФИ. Тоа се прави во насока на подобрување на нивното работење во иднина, а со тоа и можноста за поцелисходно исполнување на мисијата и визијата на ваквиот тип на финансиски институции во економијата. Дополнително се истражуваат и тековните ограничувања во работењето на МФИ, што е основа за давање неколку препораки за надминување на ваквите ограничувања, како и можноста за понатамошни истражувања на овие, но и други аспекти поврзани со оваа тема.

Предмет на истражување во докторската дистератација е влијанието на МФИ во современата економија и нивниот придонес во растот и развојот на економија, како и нивните финансиски перформанси, со фокус на Република Косово.

Исто така, предмет на оваа дисертација се и факторите кои влијаат на финансиското работење на МФИ. Детерминанти на финансиското работење на МФИ кои се вклучени во истражувањето се: каматната стапка, некаматните приходи, структурата на средствата, структурата на депозитите и ликвидноста.

Како земја во развој, МФИ во Република Косово имаат клучна улога во развојот на економијата и поддршката на малите и средните претпријатија (МСП). Затоа, постои потреба од утврдување на влијанието и улогата на МФИ во економијата и проценка на нивните финансиски перформанси. Гледано од тој аспект има недостаток на истражувања на улогата на МФИ за економијата на Република Косово, бидејќи повеќето студиите спроведени на оваа тема имаат наоди кои се релевантни пред повеќе од една деценија. Според тоа, оваа дисертација придонесува до збоготување на сознанијата за МФИ во економијата, со особен фокус на Република Косово. Имено, студијата го утврдува придонесот на МФИ во економијата на Косово преку истражување на нивното влијание врз сиромаштијата, невработеноста, женското претприемаштво, како и нивната улога во финансискиот сектор.

Значењето на микрофинансиските институции во Република Косово значително се зголеми во последните десет години. Микрофинансирањето се смета и за алатка за борба против сиромаштијата во земјите во развој и како инструмент за побрз развој при разорена економија. По војната во 1999 година, Косово се најде во лоша економска состојба, со значително намалена активност на целокупната економија. Оттука и големото значење што им се придава на МФИ во оваа земја во борбата против сиромаштијата, како и создавањето нови можности за развој за малите и средните фирми, бидејќи МФИ овозможуваат зголемен пристап до формални кредити за

претприемачите од малите бизниси и за поединците со ниски приходи (пред сè жените и руралното население). Косовскиот микрофинансиски сектор доживеа брз напредок, почнувајќи како институции финансирани од донатори сè до 2000 година, за потоа да се трансформираат во финансиски одржливи микрокредитни организации. Сепак, постојат мал број на студии кои ги анализираат улогата и влијанието на МФИ во косовската економија. Оттука, значењето на оваа докторска дисертација е збогатување на сознанијата од оваа проблематика, што овозможува надминување на овој јаз кој постои во литературата за улогата на МФИ во косовската економија.

Докторската дисертација опфаќа повеќе методи на научно истражување. Анализата и синтезата како основни методи на истражување се присутни во целата дисертација. Тие вклучуваат употреба на индуктивна и дедуктивна анализа за да се идентификуваат потребните елементи и нивната релевантност во процесот на истражување. Со методот на синтеза се систематизираат одделни елементи (аспекти) од темата на истражување, за да се обезбеди логичен редослед на изложување на материјата, но и за извлекување релевантни заклучоци.

За анализа на податоците во студијата се применува и методот на дескриптивна анализа. Дескриптивната анализа е тип на анализа на податоци која помага во описот, прикажувањето или резимирањето на резултатите на начин кој е конструктивен. Дескриптивната анализа вклучува примена на табели на фреквенции, како и различни видови на дијаграми за прикажување на податоците што се анализираат.

Во истражувањето се применува и компаративен метод за да се споредат перформансите меѓу одделните МФИ во Република Косово. Целта на користењето на компаративниот метод е да се идентификуваат заедничките карактеристики, но и соодветните разлики меѓу МФИ.

Во делот на емпириска анализа, докторската дисертација користи секундарни податоци од релевантни странски и домашни институции. За оцена на финансиското работење на микрофинансиските институциии се користат ревидирани финансиски извештаи на МФИ од Република Косово. Добиените податоци од финансиските извешати се дополнети со секундарни податоци од други релевантни институции во државата за поцелосно согледување на улога на МФИ во економијата.

**Оцена на трудот**

Според Светска банка, микрофинансирањето е една од позначајните развојни стратегии во светот и ефективен метод за организациите кои сакаат да ја ублажат сиромаштијата на глобално ниво. Микрофинансиските институции имаат за цел елиминирање на сиромаштијата, зголемување на вработливоста и вработеноста, социоекономско зајакнување на жените, зајакнување на социјалната инклузија на ранливите категории на граѓани, а со тоа и поголема корист на општеството како целина. Микрофинансирањето може да придонесе да се зголеми самовработувањето и да ги охрабри микропретпријатијата, без оглед дали станува збор за развиени земји или земји во развој. Микрофинансирањето им овозможува на семејствата подобра финансиска стабилност, пристап до кредити, можност за побрзо ублажување на сиромаштијата, но и обезбедување средства за финансирање на деловни потфати. На семејствата на овој начин им се овозможува подобро домување, здравствена заштита и образование на своите деца.

Студии за МФИ се спроведуваат на различни нивоа (микро-, мезо- и макро-) што овозможува подобро да се разбере повеќеслојната природа на ефектите од микрофинансирањето, во однос на приходите, ликвидноста, акумулацијата на капитал, статусот на жените и останатото маргинализирано население, социјалната кохезија, итн. Студиите за влијание можат да помогнат да се подобрат микрофинансиските производи и процедури со нагласување на позитивниот ефектот што го има микрофинансирањето, како и неговите ограничувања (постојано исклучување на најсиромашното население, процес што може да доведе до задолженост, негативни ефекти од гаранцијата заснована на солидарност, и сл.).

Во литературата има бројни студии со фокус на улогата на микрофинансирањето за различни аспекти на економскиот раст и развој, и тоа, пред сѐ, за развој на женското претприемаштво, малите и средните претпријатија и намалувањето на сиромаштијата.

Во трудот, влијанието на МФИ врз современата економија најправо е теоретски истражувано преку проценка на влијанието на МФИ врз бизнисот и поединците. Микрофинансиските институции им овозможуваат финансиски ресурси на населенито со ниски приходи, како и на микро- и малите претпријатија (МСП) кои значително го поддржуваат растот и напредокот на економија и придонесуваат за намалување на сиромаштијата. Во повеќето земји во развој, формалните финансиски пазари обезбедуваат услуги само на мал процент од населението, што е околу 20 – 30 %. Намалената пристапност до банкарските и другите финансиски ресурси се сметаат за некои од предизвиците со кои се соочуваат МСП. Овие ограничувања не им овозможуваат на повеќето бизниси поголема учество во финансискиот сектор. Повеќето истражувања го посочуваат значењето на штедењето и кредитирањето на мали и средни претпријатија. Ова го нагласува значењето на МФИ како клучен фактор за инвестиции, вработување и економски раст.

Покрај согледувањето на овие аспекти, во докторската дисертација се прави особен фокус на финансиското работење на МФИ во Република Косово, со анализа на релевантни показатели за оцена на перформансите на МФИ. Постоењето на повеќе и различни критериуми за оцена на работењето на МФИ ја зголемува комплексноста во утврдувањето (дефинирањето) на показателите за оцена на перформансите на МФИ, а со тоа посредно и на нивниот придонес во економијата.

Со теоретската и емпириската анализа во трудот се потврдија поставените хипотези дека во земјите во развој, МФИ имаат значителен придонес во развојот и растот на економијата, како што е примерот со косовската економија, како и тоа дека самото функционирање на МФИ е детерминирано од повеќе финансиски и нефинансиски фактори (показатели).

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила како прв автор, во меѓународни научни списанија, следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Fitore Ruddhani: Analysis of microfinance effects on poverty reduction in Kosovo, објавен: Balkan Journal of Interdisciplinary Research vol.4, no.1, September 2018.

[2]. Fitore Ruddhani, The Role of the Microfinance Institution in poverty reduction, автор: „Fitore Rrudhani“, објавен: International Journal of Multidisciplinary and Current Research, vol.11, may/june,2023.

**Заклучок и предлог**

Во докторската дистертација на тема „Улогата на микрофинансиските институции во современата економија и нивното финансиско работење” (The role of microfinance institutions in the contemporary economy and their financial performance) од м-р Фиторе Рудхани се обработува значајна и современа проблематика поврзана со микрофинансирањето и микрофинансиските институции (МФИ).

Врз основа на докторската дисертација се оценува дека микрофинансискиот сектор во Република Косово има релативно добри финансиски перформанси. Секторот се шири и придонесува за растот на економијата, а истовремено промовира финансиска вклученост и го поддржува развојот на малите и средните претпријатија. Заклучно со 2023 година, на Косово функционираат 10 лиценцирани микрофинансиски институции, со вкупна актива од околу 853 милиони евра и кредитно портфолио од околу 712 милиони евра. Микрофинансискиот сектор постојано расте во текот на изминатите неколку години, со просечна годишна стапка на раст од околу 12 % помеѓу 2016 и 2020 година. Секторот, исто така, е профитабилен, со нето добивка од околу 20 милиони евра во 2020 година, според податоците на Централната банка на Косово. Приносот на средствата (ROA) и повратот на капиталот (ROE) за микрофинансискиот сектор во Косово беа околу 2,4 % во 2020 година, што е споредливо или повисоко од просекот на банкарскиот сектор во земјата.

Врз основа на студијата се согледа дека МФИ кои имаат повисоки каматни стапки се попрофитабилни. Податоците покажуваат и силна врска помеѓу финансискиот успех и големината на МФИ, годините на постоење, инфлацијата и БДП, членството во соодветна асоцијација. Ваквата поврзансот се потврдува со фактот дека 7 од 10 МФИ кои функционираат на Косово се членки на Асоцијацијата на микрофинансиска институција во Косово (AMIK ).

Докторската дисертација на кандидатката Фиторе Рудхани овозможува да се развие поширока дискусија од страна на теоретичарите и експертите за влијанието и придонесот на микрофинансирањето во развојот на Република Косово и, генерално, во земјите во развој. Исто така, како што наведува и самата кандидатка дека постојат мал број на студии кои ја истражуваат улогата и влијанието на МФИ во косовската економија, оваа докторска дисертација во исто време дава можноста за намалување на овој јаз (gap) во литературата.

Наодите од истражувањето во докторската дисертација ќе бидат корисни и за подобро разбирање на улогата и значењето на микрофинансиските институции во функција на намалување на сиромаштијата од страна на креаторите на политики во Република Косово. Во таа насока, владата ќе може да креира соодветни програми и политики за поддршка на МФИ, како и на МСП, за намалување на сиромаштијата и поголема инклузија на ранливите категории на население, особено жените и лицата од руралните средини.

Врз основа на предметот на истражување, поставените цели и хипотези, како и предложените методи на истражување, образложени во докторската дисертација на кандидатката м-р Фиторе Рудхани, може да се оцени дека во услови на динамични промени, научните истражувања се повеќе се базираат на нови и современи методи и техники за теориско и емпириско истражување, што овозможува да се изнајдат и истражат нови бази на податоци се со цел да се дојде до релевантни резултати и издржани препораки. Имено, преку анализа на карактеристиките на МФИ, како и нивната улога врз развојот на економијата, трудот дава препораки за унапредување на работата на МФИ во насока на зголемување на нивната улога во економијата.

Теоретската и емпириската анализа во докторската дисертација овозможува донесување и на релевантни заклучоци за финансиското работењето на МФИ, врз основа на кои се генерализираат и соодветни насоки и препораки за унапредување на самото работење на МФИ, а со тоа и остварување на позитивен импакт врз економијата. Со оглед на тоа дека темата на дисертацијата е актуелна и недоволно истражена во

Република Косово, се очекува таа да има вредни импликации од теоретски, научен и практичен аспект во иднина.

Врз основа на доставената дисертација, Комисијата за оцена на докторската дисертација дојде до заклучок дека темата има соодветно стручно, научно и емпириско значење. Имено, врз основа на истражувачкиот пристап, содржината и резултатите од трудот, може да се заклучи дека докторската дисертација дава придонес во полето на научната проблематиката за МФИ, со посебен осврт на Република Косово.

Согласно со горенаведеното, Комисијата констатира дека м-р Фиторе Рудхани изработила докторски труд кој одговара на академските стандарди. Општа е оцената дека кандидатката соодветно се справила со поставениот предизвик и успеала да понуди соодветни аргументи, мислења и заклучоци во однос на поставените хипотези и цели на истражувањето.

Имајќи го предвид горенаведено, Комисијата за оцена на докторската дисертација му предлага на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати извештајот со позитивна оценка за докторската дисертација на тема „Улогата на микрофинансиските институции во современата економија и нивното финансиско работење“ ("The role of microfinance institutions in the contemporary economy and their financial performance"),

2. да формира Комисија за одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Фиторе Рудхани и да утврди термин за јавна одбрана на докторската дисертација.

**Скопје,**
**25.9.2023**

**ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА**

**Проф. д-р Татјана Петковска Мирчевска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Диана Бошковска, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Наташа Данилоска, член, с.р.**
**Проф. д-р Биљана Ангелова, член, с.р.**
**Проф. д-р Весна Георгиева Свртинов, член, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д

**НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА Институтот за социолошки и политичко -правни истражувања, Скопје во состав на Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје**

## Магистерски трудови

| Ред. Бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. На Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Марија Чолакоска | Можностите за вработување и кариерен развој како причини за иселувањето на младите | The opportunities for employment and career development as reasons for emigration of young people | Проф.д-р Марија Топузовска Латковиќ | 02-710/8 од 28.9.2023 |

*Прилог бр. 5*

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ИНСТИТУТ ЗА СТОЧАРСТВО И РИБАРСТВО- СКОПЈЕ

### 2. Магистерски трудови

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Бодан Ѓорговски Дипл. инг. техн. | Влијанието на минералот Зеолит врз растот и развојот на комерцијално одгледувана виножитна пастрмка | Welfare assessment of cage cultured common carp at various concentrations of dietary probiotic Welfare assessment of cage cultured common carp at various concentrations of dietary probiotic Effect of the mineral Zeolite of the growth and development of the commercially grown rainbow trout | Проф. д-р Родне Настова | 21.09.2023 Број на Одлука 02-489/2 |

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАУЧЕН СОРАБОТНИК ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДИЈАЛЕКТОЛОГИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“ ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на конкурсот на ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Лајме“ од 25 септември 2023 година, за избор на соработник истражувач во сите научни звања на научната област дијалектологија, и врз основа на Одлуката на Советот на Институтот под број 02-288/1 од 10.10.2023 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Веселинка Лаброска, редовен професор во ИМЈ „Крсте Мисирков“, проф. д-р Светлана Давкова-Ѓоргиева, редовен професор во ИМЈ „Крсте Мисирков“ и д-р Лидија Аризанковска, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс за избор на соработник истражувач во сите научни звања на научната област дијалектологија на македонскиот јазик, во предвидениот рок се пријави д-р Македонка Додевска. Кон пријавата, таа ги поднесе потребните документи согласно со Законот за научноистражувачката дејност и подзаконските акти.

**1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатката д-р Македонка Додевска е родена на 2 март 1989 година во Кочани. Основно и средно образование завршила во Свети Николе со одличен успех и се запишала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на групата Македонски јазик и јужнословенски јазици, каде што дипломирала во 2011 година со просечен успех 9,54, за што добила Пофалница во знак на признание за постигнат висок успех во студирањето. На додипломските студии, таа го изучува словенечкиот јазик како јужнословенски јазик, за што покажува особен интерес и се здобива со одлични оценки. Потоа, исто така, ја изработува и дипломската работа со наслов: „Еровите во македонските црковнословенски текстови (со посебен осврт на Карпинското евангелие и Македонското четвороевангелие)“, под менторство на проф. д-р Емилија Црвенковска. По завршувањето на студиите се запишала на постдипломски студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и испитите предвидени со програмата ги положува со просечен успех 10. Во рамките на понудените програми од македонистика, го избира предметот од областа на контрастивната анализа на македонскиот и словенечкиот јазик кај проф. д-р Лидија Аризанковска, а потоа се определува и за контрастивна тема за изработка на магистерскиот труд „Овчеполскиот и словенечкогоришкиот (горичански) дијалект – две паралели во јужнословенскиот јазичен свет“. Во овој труд се даваат паралели на еден североисточен македонски дијалект (овчеполскиот) и еден североисточен словенечки дијалект (словенечкогоришкиот, односно горичански дијалект), претставувајќи ги притоа и двата дијалекта на сите јазични рамништа: фонетско-фонолошко, морфолошко, зборообразувачко и лексичко.

Волонтерската работа во ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје во текот на 2012/2013 година, како волонтер на Одделението за дијалектологија на македонскиот јазик под менторство на проф. д-р Веселинка Лаброска, ѝ овозможува да се стекне со работно искуство и поголемо стручно знаење од областа на дијалектологијата.

По студискиот престој во Словенија во 2013 година, Македонка Додевска го надоградува своето знаење од областа на словенечкиот јазик, литература и култура, и се

здобива со поголеми можности за научноистражувачка работа од областа на дијалектологијата на словенечкиот јазик, како и за собирање на потребниот дијалектолошки материјал и литература за пишување на нејзиниот контрастивен магистерски труд. Магистерскиот труд таа го одбранува во 2014 година, со што се здобива со научен степен – магистер во областа на контрастивната дијалектологија на два јужнословенски јазика, од кои еден е македонскиот како мајчин јазик.

Македонка Додевска се запишала на докторски студии во академската 2016/2017 година во областа македонистика – Македонски јазик и лингвистика, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Темата за докторска дисертација под наслов: „Терминологијата низ процесот на зборообразувањето во македонскиот и во словенечкиот јазик (со акцент на дел од медицинската терминологија)“, под менторство на проф. д-р Лидија Аризанковска е одбранета на 8 август 2023 година. Македонка Додевска е вработена во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ од 4 октомври 2022 година во Одделението за дијалектологија на македонскиот јазик.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Научноистражувачка дејност**

Докторската дисертација со наслов: *Терминологијата низ процесот на зборообразувањето во македонскиот и во словенечкиот јазик (со акцент на дел од медицинската терминологија)* е научен труд изработен според сите стандарди за лингвистички научен труд што обработува стручна терминологија на два јазика. Самиот факт дека се работи за компаративен македонско-словенечки лингвистички труд е доволен показател за сложеноста на работата којашто е изработена од страна на Македонка Додевска. Во овој докторски труд се обработени македонските и словенечките медицински термини, нивното потекло, нивните значења, синонимните изрази, медицинската лексика, деривацијата во македонскиот и во словенечкиот јазик, историското зборообразување, зборообразувачките теории во словенските јазици и во некои европски јазици.

Трудот е структуриран како целина составена од 12 дела: *Вовед*, *Зборообразувачките теории во словенските јазици и во некои европски јазици*, *Именски суфиксни деривати*, *Придавски суфиксни деривати*, *Именски префиксни деривати*, *Придавски префиксни деривати*, *Именски композитен корпус* (*Именски композитуми со самостојна и несамостојна финална компонента*, *Именски конфиксни композитуми*, *Именски конфиксни композитуми со компонентен состав*, *Именски коренски композитуми со нулта конфикс*), *Именски композитуми образувани од повеќе компоненти*, *Глаголски деривати во словенечката медицинска терминологија*, *Абревијативни деривати и нивните значења во македонскиот и во словенечкиот медицински терминолошки речник*, *Заклучок*, *За речникот*, *Словенечко-македонски медицински терминолошки речник*. По нив следуваат списоците на *Користена литература*, *Извори на кирилица* и *Извори на латиница*, *Речници*, *Slovarji*, *Скратеници и скратувања*, *Kratice*, *Slovnične krajšave*. На крајот од докторскиот труд следува *Резиме на македонски јазик и Резиме на англиски јазик.* Главите се систематизирани во подглавја, со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата што е обработена во истражувањето. Во **првиот дел** од докторската дисертација се изложени клучните проблеми што се предмет на анализа, пристапот и методите на истражувањето и структурата на македонскиот и на словенечкиот медицински терминолошки речник. На крајот на првиот дел се истакнува потребата за

вакво истражување и очекуваните придобивки од резултатите од него. Во **вториот дел**, *Зборообразувачките теории во словенските и во некои европски јазици*, се претставени одделно словенските теории за зборообразување, воедно и германските теории за зборообразување. Во делот посветен на зборообразувачките теории во словенските јазици фокусот е ставен на историското зборообразување, на македонската теорија за зборообразување на Кирил Конески, на чешката теорија за зборообразување на Милош Докулил, словенечката теорија за зборообразување на Јоже Топоришич, полските теории за зборообразување на Јан Розвадовски и Витолд Дорошевски, на руската теорија за зборообразување на И. С. Улуханов, како и на германските теории за зборообразување. Во **третиот дел**, *Именски суфиксни деривати,* се обработени сите видови именски суфиксни деривати, не само називи на состојби и материи, туку и агентивни називи, називи на апарати, садови, инструменти и сл. Во **четвртиот дел**, *Придавски суфиксни деривати*, се дава преглед на придавските суфиксни деривати што означуваат сличност на нешто, придавските суфиксни деривати што означуваат припадност, однос кон нешто или поседување на некакво својство, придавските суфиксни деривати што означуваат мерни методи, мерења, описи, техники или прегледи и придавските суфиксни деривати што означуваат наука или научна област. Во **петтиот дел** со наслов: *Именски префиксни деривати,* анализирани се именските префиксни деривати од различни мотивирачки основи, но главно се работи за именки што означуваат некаков признак како дел од медицинската терминологија. Во **шестиот дел**, *Придавски префиксни деривати*, кандидатката ги разгледува придавските префиксни деривати што се однесуваат на негациско својство и придавските префиксни деривати што се однесуваат на временска претходност или последователност. Во **седмиот дел**, *Именски композитен корпус*, се дава преглед на именските композитуми со самостојна и несамостојна финална компонента, именските конфиксни композитуми, именските конфиксни композитуми со компонентен состав и именските коренски композитуми со нулта конфикс. Се работи за именки како називи за различни видови патолошки состојби, дијагнози, видови медицински зафати, соединенија и сл., а накратко кажано, медицински називи со кои се опфаќаат два збора во една целина. Во **осмиот дел**, *Именски композитуми образувани од повеќе компоненти*, се обработени десет примери на именски композитуми составени од повеќе компоненти и еден пример на придавски композитум составен од повеќе компоненти, а се ексцерпирани од македонскиот и од словенечкиот медицински терминолошки речник (*elektrokardiogram – електрокардиограм, psihopatologija – психопатологија, simptomatologija – симптоматологија, gastrointestinalen – гастроинтестинален*). Во **деветтиот дел**, *Глаголски деривати во словенечката медицинска терминологија*, се дава преглед на глаголските деривати образувани со суфиксот -ira/-(iz)-ira и инфинитивната наставка на -ti ексцерпирани од словенечкиот медицински терминолошки речник. При истражувањето не се најдени глаголски деривати во македонскиот медицински терминолошки речник, што не значи дека нема во македонската медицинска терминологија. Во **десеттиот дел**, *Абревијативни деривати и нивните значења во македонскиот и во словенечкиот медицински терминолошки речник*, се разгледуваат видовите абревијативни деривати што постојат во медицинската терминологија според авторот Јорданов (2001: 85–92), без одделна конкретна обработка и со посочување на примерот [**ЕКГ** – електрокардиограм] во македонскиот медицински терминолошки речник. Во **единаесеттиот дел**, *Заклучок*, се сумираат заклучоците од спроведеното истражување направено врз основа на богатиот медицински материјал ексцерпиран од македонскиот медицински терминолошки речник *Македонска медицинска терминологија* и од словенечкиот медицински терминолошки речник *Medicinski terminološki slovar*. Со богатиот медицински материјал и со спроведените истражувања

и направените консултации со специјалисти доктори, доктори и медицински лица во Државна болница, е дојдено до заклучокот дека медицинската терминологија има грчко потекло. Во **дванаесеттиот дел**, *За речникот*, во прилог на трудот е даден Словеначко-македонскиот медицински терминолошки речник во кој се обработени 1483 медицински термини подредени по азбучен ред. Во овој Речник, според неговата намена, влегува најупотребуваната медицинска лексика во македонскиот и во словенечкиот јазик. Со овој двојазичен словенечко-македонски медицински терминолошки речник се дава голем придонес кон идните лексикографски трудови во македонскиот и во словенечкиот јазик, односно тој ќе биде особено значаен за корисниците на медицинската терминологија (особено за преведувачите и толкувачите). Во насловите: *Користена литература* и *Извори* само се потврдува впечатокот што го добива секој читател на оваа докторска дисертација, а тоа е дека Македонка Додевска можен темелно и целисходно ги искористила сите претходни извори што ја обработувале даденава тема од различни аспекти.

Знаењата од областа на македонистиката што ги има стекнато д-р Македонка Додевска можат да се прочитаат и низ трудовите во нејзината обемна библиографија од дваесетина прилози, објавени во разни списанија и зборници, самостојно или коавторски, а што може да се види од приложената документација. Само од насловите на трудовите може да се види широкиот дијапазон на интерес на Македонка Додевска, која најчесто во коавторство со својата менторка проф. д-р Лидија Аризанковска, зафаќа најразлични теми, од такви со дијалектолошка проблематика, до лексички, зборообразувачки, семантички, етимолошки, па и фонетски, на стандардно или на дијалектно рамниште и сето тоа обработено темелно и опширно, што може да се заклучи за секој од трудовите.

Во научниот труд од Македонка Додевска објавен во 2013 година со наслов: 1) „Влијанието на стандардниот македонски јазик врз североисточните дијалекти (со посебен осврт на говорот во регионот на Овче Поле)“, *Македонскиот јазик како средство за комуникација и како израз на културата, (Зборник на трудови)*, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 139–147 (коавторство со Лидија Аризанковска), е претставено влијанието на стандардниот македонски јазик врз североисточните македонски дијалекти.

Ќе истакнеме уште неколку научни трудови во коавторство со Лидија Аризанковска: 2) „Дел од лексиката со ист корен во македонскиот и во словенечкиот литературен јазик според сферата на употреба, *Јазикот наш денешен – јазикот наш насушен, кн. 27, (Зборник на трудови)*, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 137–149; 3) „Сложените именки со суфиксот -ник во Обратниот речник на македонскиот јазик и нивната употреба во македонскиот стандарден јазик“ (2020), *Погледи за македонскиот јазик, (Зборник на трудови)*, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Македонска академија на науките и уметностите, Совет за македонски јазик, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 183–192; 4) „Лексиката при производството на месени производи во говорот на општина Лозово, Светиниколско“ (2021), *XLVII меѓународна научна конференција (Охрид, 4 – 5.9.2020 год.)*, Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, 133–148; 5) „Сложените именски и придавски образувања во романот „Сестрата на Зигмунд Фројд“ од Гоце Смилевски“ (2021), 6) „Неологизмите во преводите на Драги Михајловски од англиски јазик на дел од драмите на Вилијам Шекспир“ (2021) и др. *Меѓународен научен собир Благоја Корубин – втемелувач на македонскиот стандарден јазик, Јазикот во практиката*, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ (во печат); 7) „Преглед на лексиката на овчеполската машка и женска носија според потеклото“, *VI меѓународна научна*

*конференција „Македонскиот јазик – извор на научни истражувања“*, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ (во печат).

Во трудот објавен во 2015 година со наслов: „Преглед на лексиката на овчеполскиот дијалект и на словенечкогоришкиот (горичански) дијалект според потеклото“, *Годишен зборник, год. 6*, Штип: Универзитет „Гоце Делчев“, 47–52 (коавторство со Веселинка Лаброска), е направен преглед на лексиката на еден македонски и на еден словенечки дијалект со акцент на лексемите од туѓо потекло. Следува уште еден самостоен труд со наслов: „Овчеполскиот и словенечкогоришкиот (горичански) дијалект – две паралели во јужнословенскиот јазичен свет“, *Филолошки студии, 2015, Год. XIII*, 313–326, во кој е ставен акцент на промените кои настануваат на фонетско-фонолошки, морфолошки, зборообразувачки и на лексички план во овчеполскиот дијалект, т.е. говорот на Црнилиште и на Ѓуѓанце, а на лексички и на зборообразувачки план во словенечкогоришкиот (горичански) дијалект.

Македонка Додевска е коавторка со Виолета Николовска во обемниот труд со наслов: „Лексиката при производство на млечни продукти во говорот на с. Црнилиште и на с. Ѓуѓанце – Светиниколско“ (2018), како дел од првиот том на колективната монографија со наслов: *Језик као запис културе у етнолошкој и лингвистичкој анализи на релацији Србија – Македонија*, Белград: Српска академија наука и уметности, Одељење језика и књижевности, Македонска академија на науките и уметностите, Истражувачки центар за ареална лингвистика „Божидар Видоески“, 39–58, а што се работи како билатерален проект меѓу МАНУ и САНУ.

Македонка Додевска има објавено и два труда во списанието *Македонски јазик,* како врвно списание од областа на науката за македонскиот јазик: 1)„Дел од лексиката со различен корен во македонскиот и во словенечкиот јазик според сферата на употреба“ (2020), *Македонски јазик, Год. LXXI*, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 13–24 (коавторство со Лидија Аризанковска), и 2) „Фонетско-фонолошките особености на овчеполскиот дијалект“ (2021), *Македонски јазик, LXXII*, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

**Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот**

Македонка Додевска е коавтор/автор и на два приказа на научни трудови: 1) „Нов труд од областа на зборообразувањето („Очерки о языке современных славянских СМИ“ [семантико-словообразовательный и лингвокультурологический аспекты], Елена И. Коряковцева)“ (2017), *Литературен збор, Год. LXIV, 1-6*, Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“, 129–132, Лидија Аризанковска, Македонка Додевска, 2) „Коста Пеев, За периферните македонски говори, врз речникот од збирките народни песни од Серско, Демирхисарско, Драмско и дијалектен текст од Солунско, приредувач: Лидија Аризанковска, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ (2021), Скопје, Македонистика 19“, (приказ), *Македонски јазик, LXXII*, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Д-р Македонка Додевска работи на проектот *Македонски дијалектен атлас,* а вклучена е како соработник и на проектот што е одобрен од *Министерството за образование и наука* со наслов: „Лексиката во македонската народна проза“, а под раководство на проф. д-р Елена Јованова-Грујовска, научен советник и актуелен директор на Институтот.

**Наставно-образовна дејност**

Македонка Додевска има богато искуство и во наставно-образовната дејност. Македонка Додевска стекнува огромно наставно искуство со држењето настава на волонтерска база, најпрво при престојот на Филозофскиот факултет во Љубљана, во наставата по македонски јазик за студентите од студиската програма Јужнословенски студии на Катедрата за македонски јазик и книжевност, како соработник на проф. д-р Намита Субиото, а потоа и на групата Македонски јазик и книжевност, на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како волонтер магистер по предметите Морфологија на СМЈ и Синтакса на СМЈ, под менторство на проф. д-р Виолета Николовска, како и по предметите Зборообразување на СМЈ и Фразеологија на СМЈ, под менторство на проф. д-р Толе Белчев. Таа има и работно искуство како наставник по македонски јазик во основното училиште „Кирил и Методиј“ во Свети Николе, каде што држеше настава по македонски јазик во текот на учебната 2021/2022 година.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Македонка Додевска поседува уверение за овластен лектор по македонски јазик, уверение за познавање на англиски јазик, сертификат за завршен прв степен по германски јазик и потврда за учество на курсот по германски јазик, ниво А2, како и познавање на француски јазик и на словенечки јазик. За нејзиниот воннаставен ангажман таа има добиено Благодарница за учество на Поетската манифестација „Пролет, љубов, смеа“, во Домот на културата „Крсте Мисирков“ – Свети Николе, а нејзините документи се збогатени и со неколку препораки за нејзината посветеност во работата од истакнати професори и институции.

## 3. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од сите приложени документи, статии, потврди за учество на научни конференции, уверенија, благодарници и препораки, како и од рецензијата за одбранетата докторска дисертација, можеме да констатираме дека д-р Македонка Додевска покажува дека е веќе изграден научник не само во областа на дијалектологијата, туку и во областа на зборообразувањето и лексикологијата и во други јазични области во македонистиката, но и пошироко во славистиката. Затоа, со задоволство му предлагаме на Советот на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје, **д-р Македонка Додевска** да биде избрана во звањето научен соработник / доцент од областа на дијалектологијата на македонскиот јазик.

13.10.2023, Скопје

**КОМИСИЈА**

Проф. д-р Веселинка Лаброска, н. сов./ ред. проф., с.р.

----------------------------------------------------

Проф. д-р Светлана Давкова-Ѓоргиева, н. сов./ ред. проф., с.р.

----------------------------------------------------

Проф. д-р Лидија Аризанковска, ред. проф., с.р.

----------------------------------------------------

| **ОБРАЗЕЦ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАУЧНО ЗВАЊЕ**<br><br>**Кандидат: д-р Македонка Додевска**<br>**Институција: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје**<br>**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје**<br>**Научна област: дијалектологија** | | |
|---|---|---|
| **Научноистражувачка дејност** | **во земјата** | **во странство** |
| | **поени** | |
| **Монографија** | | |
| Николовска, Виолета, Додевска, Македонка. (2018). „Лексиката при производство на млечни продукти во говорот на с. Црнилиште и на с. Ѓуѓанце - Светиниколско“, *Језик као запис културе у етнолошкој и лингвистичкој анализи на релацији Србија – Македонија, том 1*, Белград: Српска академија наука и уметности, Одељење језика и књижевности, Македонска академија на науките и уметностите, Истражувачки центар за ареална лингвистика „Божидар Видоески“, 39–58. | 8 | |
| **Труд во лингвистички списанија со меѓународен уредувачки одбор** | | |
| 1. Аризанковска, Лидија, Додевска, Македонка. (2020). „Дел од лексиката со различен корен во македонскиот и во словенечкиот јазик според сферата на употреба“, *Македонски јазик, Год. LXXI*, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 13–24.<br><br>2. Додевска, Македонка. (2021). „Фонетско-фонолошките особености на овчеполскиот дијалект“, *Македонски јазик, LXXII*, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 89–102.<br><br>3. Додевска, Македонка. (2021). „Коста Пеев, За периферните македонски говори, врз речникот од збирките народни песни од Серско, Демирхисарско, Драмско и дијалектен текст од Солунско, приредувач Лидија Аризанковска, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, Македонистика 19“, *Македонски јазик, LXXII*, Скопје: Институт за | 30 | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| македонски јазик „Крсте Мисирков“, 157–162.<br><br>4. Додевска, Македонка. (2022). „Именувањата на посатките и нивната семантика во говорот на с. Црнилиште и на с. Ѓуѓанце“, *Македонски јазик LXXIII, Лексиката во македонската народна проза*, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 175–181.<br><br>5. Додевска, Македонка. (2016). „Овчеполскиот и словеничкогоришкиот (горичански) дијалект – две паралели во јужнословенскиот јазичен свет“, *Филолошки студии, 2015, Год. XIII*, Македонија, Србија, Хрватска, Словенија и Русија, 313–326.<br><br>6. Додевска, Македонка. „За оцена на докторскиот труд „Терминологијата низ процесот на зборообразувањето во македонскиот и во словенечкиот јазик (со акцент на дел од медицинската терминологија“/„Terminology through the process of word formation in the Macedonian and the Slovenian languages (with an emphasis on part of the medical terminology)“, Македонски јазик LXXIV, 2023 (во печат). | | |
| **Труд во зборник на трудови од научен собир** | | |
| 1. Аризанковска, Лидија, Додевска, Македонка. (2013). „Влијанието на стандардниот македонски јазик врз североисточните дијалекти (со посебен осврт на говорот во регионот на Овче Поле)“, манифестација Денови на Благоја Корубин на тема: *Македонскиот јазик како средство за комуникација и како израз на културата*, одржана на 10-11 мај 2012, кн. 22, (Зборник на трудови), Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 139–147.<br><br>2. Аризанковска, Лидија., Додевска, Македонка. (2016). „Дел од лексиката со ист корен во македонскиот и во словенечкиот литературен јазик според сферата на употреба“, традиционална манифестација | 26 | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| Денови на Благоја Корубин на тема: *Јазикот наш денешен – јазикот наш насушен*, одржана на 14-15 април 2016, кн. 27, (Зборник натрудови), Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 137–149.<br><br>3. Аризанковска, Лидија., Додевска, Македонка. „Сложените именски и придавски образувања во романот „Сестрата на Зигмунд Фројд“ од Гоце Смилевски“, Меѓународен научен собир „Денови на Благоја Корубин“, *Јазикот во уметничката литература*, одржан на 17-18 септември 2020, Дојран, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ (во печат).<br><br>4. Додевска, Македонка. „Етимологијата и значењето на називите за богатство во македонските говори“, традиционална манифестација „Денови на Благоја Корубин“, *Меѓународен научен собир Лексиката во народните говори – состојби и перспективи*, Струга, 17-18 ноември 2022, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ (во печат).<br><br>5. Додевска Македонка., Тодоровска, Кристина. „За именските деривати со суфиксот -ар/-арка во Речникот на периферните македонски говори од Коста Пеев и нивната семантика во Толковниот речник на македонскиот јазик“, традиционална манифестација „Денови на Благоја Корубин“, *Меѓународен научен собир Од збор до речник*, Скопје 4-5 мај 2023, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ (во печат).<br><br>6. Додевска Македонка, Лаброска Веселинка. (2015). „Преглед на лексиката на овчеполскиот дијалект и на словенечкогоришкиот (горичански) дијалект според потеклото“, *Годишен зборник 2015, Год. 6*, Штип: Универзитет „Гоце Делчев“, 47–52.<br><br>7. Аризанковска, Лидија, Додевска, Македонка. (2020). „Сложените именки со | | |

| | | |
|---|---|---|
| суфиксот -ник во Обратниот речник на македонскиот јазик и нивната употреба во македонскиот стандарден јазик“, *Пог̄леди за македонскиот̄ јазик*, (Зборник на трудови), Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Македонска академија на науките и уметностите, Совет за македонски јазик, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 183–192.<br><br>8. Аризанковска, Лидија, Додевска, Македонка. (2021). „За именските деривати со суфиксот -ар/-арка во македонскиот јазик“, Меѓународна научна конференција *„Македонскиот̄ јазик – извор на научни истражувања (дома и надвор)“*,одржана на 20 и на 21 октомври 2020 година, во рамките на Отворени денови на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 11–27.<br><br>9. Аризанковска, Лидија, Додевска, Македонка. (2021). „Преглед на лексиката на овчеполската машка и женска носија според потеклото“, *VI Меѓународна научна конференција „Македонскиот̄ јазик – изворнанаучни истражувања“*, Скопје и Крани, 20-21 октомври 2021, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 11–20.<br><br>10. Додевска Македонка, Аризанковска, Лидија. „Сложените именски и придавски деривати во книгата „За македонцките работи“ од Крсте П. Мисирков“, *VIII Меѓународна научна конференција „Крсте Мисирков и македонскиот̄ јазик – извор на научни истражувања“, централна тема: 120 години од издавањето на книгата „За македонцките работи“ од Крсте Мисирков,* Јубилеј – 70 години од основањето на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2023, Скопје (во печат).<br><br>11. Аризанковска, Лидија, Додевска, Македонка. (2021). „Лексиката при производството на месени производи во говорот на општина Лозово, | | |

| | | |
|---|---|---|
| Светиниколско“, *LIII летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, XLVII меѓународна научна конференција (Охрид, 4.9.-5.9.2020 год.)*, Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, 133–148.<br><br>12. Додевска, Македонка, Аризанковска, Лидија. „Сложенките во поезијата на Рацин и нивната симболика во литературата“, *Научна конференција „Рацин меѓу Мисирков и Шопов“ во рамките на „Рацинови средби“*, Велес, 12 јуни 2023, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Совет за македонски јазик (во печат).<br><br>13. Тодоровска, Кристина, Додевска, Македонка. „Сложенките во поезијата на Шопов“, Научна конференција *„Рацин меѓу Мисирков и Шопов“ во рамките на „Рацинови средби“*, Велес, 12 јуни 2023, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Совет за македонски јазик (во печат).<br><br>14. Јованова-Грујовска, Елена., Додевска Македонка. „*Лексичко-семантичка анализа на именките со субјективна оценка во преводите на македонски на Марчин Шчигелски*“, Вроцлав, Полска, 2023 (во печат). | | |
| **Учество на проект** | | |
| Проект *Македонски дијалектен атлас* – раководител проф. д-р Веселинка Лаброска<br><br>Проект одобрен од Министерството за образование и наука со наслов *Лексиката во македонската народна проза*, а под раководство на проф. д-р Елена Јованова-Грујовска, научен советник и актуелен директор на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“<br><br>Проектот „БЗР ОД МАЛИ НОЗЕ 2022“ според согласност од Министерството за образование и наука бр. 09-207/2 | 6 | / |
| **Учество на меѓународен научен собир со реферат** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 1. *Македонскиот јазик како средство за комуникација и како израз на културата*, одржана на 10-11 мај 2012,<br>2. Денови на Благоја Корубин на тема: *Јазикот наш денешен – јазикот наш насушен*, одржана на 14-15 април 2016,<br>3. Меѓународна научна конференција *„Македонскиот јазик – извор на научни истражувања (дома и надвор)“*,одржана на 20 и на 21 октомври 2020 година,<br>4. *LIII летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, XLVII меѓународна научна конференција (Охрид, 4.9.-5.9.2020 год.),*<br>5. Меѓународен научен собир „Денови на Благоја Корубин“, *Јазикот во уметничката литература*, одржан на 17-18 септември 2020, Дојран,<br>6. *VI Меѓународна научна конференција „Македонскиот јазик – изворнанаучни истражувања“*, Скопје и Крани, 20-21 октомври 2021.<br>7. „Денови на Благоја Корубин“, *Меѓународен научен собир Лексиката во народните говори – состојби и перспективи*, Струга, 17-18 ноември 2022.<br>8. Денови на Благоја Корубин“, *Меѓународен научен собир Од збор до речник*, Скопје 4-5 мај 2023,<br>9. *Научна конференција „Рацин меѓу Мисирков и Шопов“ во рамките на „Рациновите средби“*, Велес, 12 јуни 2023,<br>10. *Меѓународна научна конференција „Крсте Мисирков и македонскиот јазик – извор на научни истражувања“, централна тема: 120 години од издавањето на книгата „За македонцките работи“ од Крсте Мисирков*, Јубилеј – 70 години од основањето на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2023, Скопје.<br>11. *Меѓународна научна конференција, Годишен зборник 2015, Год. 6*, Штип: Универзитет „Гоце Делчев“,<br>12. *Меѓународна научна конференција, Погледи за македонскиот јазик*, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Македонска академија на науките и уметностите, Совет за македонски јазик, Филолошки факултет „Блаже Конески“. | 24 | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 13. *Меѓународна научна конференција, Wrocławskie Spotkania Macedonistyczne. Język, Literatura, Kultura,* Вроцлав, Полска, 2023. | | |
| **Одбранет магистерски труд** | | |
| „Овчеполскиот и словенечкогоришкиот (горичански) дијалект – две паралели во јужнословенскиот јазичен свет“, менторство на проф. д-р Лидија Аризанковска | 5 | |
| **Одбранета докторска дисертација** | | |
| „Терминологијата низ процесот на зборообразувањето во македонскиот и во словенечкиот јазик (со акцент на дел од медицинската терминологија)“, менторство на проф. д-р Лидија Аризанковска | 8 | |
| **Член на организациски одбор/координатор на научна конференција** | | |
| *Меѓународна научна конференција „Крсте Мисирков и македонскиот јазик – извор на научни истражувања“, централна тема: 120 години од издавањето на книгата „За македонцките работи“ од Крсте Мисирков*, Јубилеј – 70 години од основањето на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2023, Скопје. | 2 | |
| **Стручен превод, книга/статија** | | |
| Аризанковска, Лидија, Додевска, Македонка. (2017). „НОВ ТРУД ОД ОБЛАСТА НА ЗБОРООБРАЗУВАЊЕТО („Очерки о языке современных славянских СМИ“ [семантико-словообразовательный и лингвокультурологический аспекты], Елена И. Коряковцева)“, *Литературен збор, Год. LXIV, 1-6,* Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“, 129–132.<br><br>*Пролет, љубов, смеа* (поетски зборник), Општинска установа Дом на култура „Крсте Мисирков“, Свети Николе, 2022.<br><br>*БЗР ОД МАЛИ НОЗЕ* (збирка песни и раскази), Скопје, 2022. | 9 | |

| | |
|---|---|
| **Учество во наставна дејност** | |
| Наставник по македонски јазик (со вклученост во наставата по македонски јазик и литература за учениците од 8-мо и 9-то одделение во ООУ„Кирил и Методиј во Свети Николе)<br><br>При престојот на Филозофскиот факултет во Љубљана (вклучена е во наставата по македонски јазик за студентите од студиската програма Јужнословенски студии на Катедрата за македонски јазик и книжевност, како соработник на проф. д-р Намита Субиото), на Одделението за дијалектологија при ЈНУ Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје (со стекнување работно искуство и стручно звање од областа на дијалектологијата, како соработник на проф. д-р Веселинка Лаброска), на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (вклучена е во наставата по предметите Зборообразување на современ македонски јазик, Фразеологија на современ македонски јазик, како соработник на проф. д-р Толе Белчев, и по предметите Морфологија на современ македонски јазик и Синтакса на современ македонски јазик, како соработник на проф. д-р Виолета Николовска) | 5 |
| **Друг придонес во научноистражувачка дејност** | |
| Вклучена во пишување на научна монографија од проф. д-р Мито Аргировски во ИМЈ „Крсте Мисирков“. | 2 |
| **Вкупно поени:** | **135** |

**Рецензентска комисија:**

проф. д-р Веселинка Лаброска, н. сов./ ред. проф., с.р.

------------------------------------------------------

проф. д-р Светлана Давкова-Ѓоргиева, н. сов./ ред. проф., с.р.

------------------------------------------------------

проф. д-р Лидија Аризанковска, ред. проф. с.р.

------------------------------------------------------

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ДРАМСКИТЕ ТВОРБИ И МАКЕДОНСКИОТ КУЛТУРЕН ИДЕНТИТЕТ НА ПРЕМИНОТ ОД XIX ВО XX ВЕК“ ОД М-Р СЛАВИЦА ПЕТРОВСКА-ЃОРЃЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА ВО СКОПЈЕ

Советот на Институтот за македонска литература во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата 47. редовна седница одржана на 12.7. 2023 година, формираше Комисија за оцена и за одбрана на докторската дисертација под наслов: **Драмските творби и македонскиот културен идентитет на преминот од XIX во XX век** на кандидатката м-р Славица Петровска-Ѓорѓевска. Комисијата е во состав: проф. д-р Илија Велев (претседател), УКИМ, Институт за македонска литература – Скопје, проф. д-р Маја Јакимовска-Тошиќ (ментор), УКИМ, Институт за македонска литература – Скопје, проф. д-р Валентина Миронска-Христовска (член), УКИМ, Институт за македонска литература – Скопје, проф. д-р Наташа Аврамовска (член), УКИМ, Институт за македонска литература – Скопје и проф. д-р Марина Даниловска (член), Универзитет во Тетово, Филолошки факултет, Тетово.

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени подготвената докторска дисертација и на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на докторската дисертација

Докторската дисертација под наслов: **Драмските творби и македонскиот културен идентитет на преминот од XIX во XX век** на кандидатката м-р Славица Петровска-Ѓорѓевска содржи 277 страници компјутерски обработен текст со 1,5 проред и големина на букви 12. Во користената литература се наведени 175 библиографски единици, кои, главно, претставуваат научни монографски изданија и значајни студии поврзани со истражуваната проблематика. Во трудот се користени публикации, објави и критики од весници и списанија печатени во Софија, Белград, Ниш, Одеса, Русе, Загреб и Дубровник, публикувани во периодот од крајот на XIX и почетокот на XX век, изворен материјал во вид на записи, фотографии, плакати, писма од Државниот архив на Македонија и Историскиот архив во Ниш, како и дигитални архивски збирки и фондови.

Трудот е структуриран во 8 поглавја, од кои првото е Вовед, а последните две се заклучните согледувања и користената литература, расчленети во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно прегледно следење на материјата што е обработена во истражувањето.

**Воведот** на трудот е структуриран во осум помали сегменти кои се насловени: Воведни напомени; Идентификување и формулирање на истражувачкиот проблем; Предмет на истражување; Цели и задачи на истражувањето; Хипотези; Методи на истражувањето; Структура на трудот; Значење на истражувањето. Во нив, кандидатката ги изложува основните параметри на истражувањето и неговата предметна насоченост во директна проследувачка врска со појавата и развојот на револуционерната македонска драма од крајот на XIX и почетокот на XX век, поврзана со прогресивните импулси за национален и културен развој. Притоа, истражувањето го опфаќа пронаоѓањето на сврзната нишка на драмската продукција од револуционерниот период на македонскиот народ со развојот и обликувањето на македонскиот културен идентитет, преку анализа и синтеза на драмските остварувања од посочениот период, согледани низ културолошка призма и содржани во литературните репрезентации на колективната меморија во еден значаен момент од македонската револуционерно-политичка состојба. Затоа уште во воведот како неопходно се наметнува прашањето за детерминирање на улогата на овие текстови како драгоцен, напати и изворен документ во процесите на развој на културниот идентитет, а воедно и како сведоштва за историските настани, историските личности, за историско-културниот континуиран

развој на македонскиот народ. Во овој контекст, како важна цел на истражувањето е и согледбата на овие драмски остварувања низ призмата на современите, глобални сфаќања за идентитетот, низ дефинирање на моделот на политички театар во македонски контекст, во процесот на утврдување на врската помеѓу културата, социологијата и политиката во создавањето на драмската продукција.

Поглавјето под број 1 носи наслов: **Македонскиот културен и национален развиток на преминот од XIX во XX век,** во кое низ 7 одделни потпоглавја се апсолвира тезата дека 70-тите години од XIX век претставуваат клучна етапа во процесот на дефинирањето на македонскиот национален ентитет и во изградбата на националната програма, а периодите од крајот на 80-тите и почетокот на 90-тите години заедно со 1903 означуваат историски пресудна етапа во македонското национално-политичко конституирање и афирмирање Овие етапи ги рефлектираат најбурните и најзначајните општествено-политички збиднувања кои оставиле траен белег во македонското национално движење. Вака омеѓен, овој период кандидатката го поврзува со подвижната идентитетска оска како фиксна референтна рамка од која понатаму се разгрануваат сите културно-општествени детерминанти потребни за дефинирање на прашањето на македонскиот културен идентитет, погледнато низ призмата на македонската драма создавана на преминот од XIX во XX век. Потпоглавјата по кои суштински се реферираат вака поставените истражувачки проблеми во ова поглавје се: 1. Општествено-политичките прилики во Македонија кон крајот на XIX и почетокот на XX век; 2. Охридската архиепископија и културно-историскиот идентитет на македонскиот народ; 3. Политичките пропаганди и нивното влијание врз идентитетското негирање на македонскиот народ; 4. Нација/национализам – општи теориски аспекти; 4. Националното будење на македонскиот народ; 5. Идентитет – општи теориски аспекти; 6. Македонскиот културен идентитет; 7. Културен развиток.

Поглавјето под бр. 2 е насловено: **Македонската литературна, културна и национална мисла на преминот од XIX во XX век.** Во него, кандидатката низ три потпоглавја кои се однесуваат на: 1. Македонската интелигенција и културно-националната еманципација на народот, 2. Македонската литература на преминот од XIX во XX век, и 3. Културно-општествените ангажмани на драмските автори, врши преглед на литературно-културните процеси во Македонија на преминот од XIX во XX век, кои сѐ до 1944 г. имаат атипичен континуитет, кој според кандидатката наложува специфичен методолошки пристап кон периодизацијата на македонската литература и култура. Во поглавјето се констатира дека низ една таква транзитна општествено-политичка положба во којашто заживува македонската национална мисла се појавила цела плејада на културни дејци кои преку своите културно-политички заложби ги поставиле темелите на македонската национална самобитност. Посебно внимание во прегледен континуитет се обрнува на формирањето на бројни организации и здруженија, литературни друштва, кружоци и групи, кои преку различни форми овозможувале да се афирмира и сочува македонскиот национален континуитет. Акцентот е ставен на формирањето на Младата македонска книжевна дружина во 1882 година, која преку својот орган, списанието „Лоза“, се занимавала со прашања од национален, општествено-политички и литературен карактер. Кандидатката констатира дека симбиозата помеѓу културните и националните процеси јасно била изразена преку бројните македонски организации и нивните органи, дејствувајќи преку периодичниот и дневниот печат, а книжевната мисла во поглед на тематско-мотивските и идејни содржини речиси во целост била насочена кон револуционерните идеолошки заложби.

Третото поглавје под наслов: **Корифеи на македонската револуционерна драма,** детално ги опсервира претставниците на македонската револуционерна драма: Војдан Чернодрински, Марко Цепенков, Петар Стојков, Димитар Молеров, Никола Н. Македонски, Димитар Хаџидинев, Никола Киров Мајски и Матеј Христов. Аспектот на проследување на овие драмски автори е насочен кон нивната комплетна предаденост на револуционерната мисла, на револтот и незадоволството од непогодната општествено-

политичка атмосфера за македонскиот народ, изразувана преку карактеристичната револуционерна драмска форма. Дејствувајќи во периодот историографски именуван како *предилинденски период,* истакнат по бројните културно-политички борби и дилеми на македонската интелигенција, поврзани со македонската припадност на научен, историски, општествено-политички, просветен и црковен план, кандидатката фокусот го става врз нивната свесност и ангажираност во изградбата на самостојниот македонски идентитет сред словенскиот свет. Следејќи ги сеопфатно творечките врвици на овие драмски автори, кандидатката заклучува дека тие несомнено се јавуваат како составен дел од македонската литература, бидејќи нивната национална самосвест, разработката на македонското прашање, внесувањето на македонски говори во книжевноста ја потврдуваат нивната ангажираност. Поглавјето наполно ја остварува целта во фундирање на местото на македонските драмски автори во периодот на преминот од XIX во XX век во книжевната и националната историја на македонскиот народ, прецизирајќи ги нивните општествени, политички и културни активности.

Поглавјето 4 со наслов: **Културно-творечкиот модел на македонската драма од крајот на XIX и почетокот на XX век,** опфаќа разработка на темата низ потпоглавјето: „Осврт кон тематско-мотивските содржини во драмските остварувања од крајот на XIX и почетокот на XX век“, сегледани низ повеќе суштински аспекти: револуцијата како примарен конструктивен елемент; револуцијата и македонската емиграција; драмски конфликт: индивидуалниот наспроти колективниот бунт; женската храброст во македонската драма; честа како семантички признак на револуционерната борба; односот на драмата кон надворешните пропаганди и Европа; историски, документарни, биографски и автобиографски слоеви во револуционерните драми; буни, востанија, афери; битови елементи; религијата и религискиот антагонизам како тематски деривати. Кандидатката констатира, а врз основа на опстојна аналитичко-теориска анализа, дека во нуклеусот на драмскиот циклус создаван на преминот од XIX во XX век се сегледува низа од тематско-мотивски координати. Во нив сегледува прелевање на идеи и становишта во кои речиси доследно се содржани: социјално-револуционерните, битово-реалистичките, фолклорните елементи, митовите и културната меморија на македонскиот народ, историските настани и ликови, личниот и колективниот бунт против угнетеноста, кои го сочинуваат нуклеусот на овие драми.

Во поглавјето под број 5 насловено: **Естетските и културните обележја на македонската драмска продукција на преминот од XIX во XX век**, кандидатката бележи дека главните фактори кои го одредуваат естетскиот модел на овие драми ги наоѓаме во револуционерно-политичките идејни тенденции кои во дадената епоха ја диктирале духовната и културната динамика на општествениот развој. Преку естетска вивисекција на драмските текстови кои се предмет на нејзината анализа, таа стриктно ги нотира општествените, политичките и естетско-уметничките особености карактеристични речиси за сите драми од овој период, и притоа го изведува заклучокот дека драмските автори во својата книжевна ангажираност се истакнале како добри познавачи на уметничко-естетските вредности на книжевноста што може да се забележи преку: начинот на структурирање, изборот на ликови како естетски генератори на драмскиот текст (елаборирано во посебно потпоглавје), дејствијата и сценскиот приказ, јазичните и стилски особености, актуелноста на темите кои ги разработуваат итн. Особено значајни се пораките кои ги носат овие драми, кои директно кореспондираат и со современоста, што воедно ја одредува и нивната актуелност.

Шестото поглавје насловено: **Идеолошката компонента на македонската драма од крајот на XIX и почетокот на XX век**, го претставува овој литературен род како главен пропаганден апарат на револуционерната борба за слобода и национално диференцирање. Во суштина, како што заклучува кандидатката, основната функција на овие драми е агитацијата, со што македонските драмски автори кои твореле во овој период тежнееле да создадат творби со автохтон национален признак, внесувајќи теми од револуционерната борба за слобода, националното будење и славното историско минато, со што се бележи заживувањето на националната драма.

Нужната потреба за афирмативен пристап кон националната агитација се јавува како основна функција на ликовите. Кандидатката се задржува врз анализа на тематските содржини во речиси сите книжевни дела создавани на преминот од XIX во XX век, кои орбитираат околу актуелните дискурси на времето: револуционерната борба, ропскиот живот, емиграцијата, патриотизмот итн. Овие прашања се согледани во посебно потпоглавје и низ аспектот на креирање на политичкиот театар како алтернативен модел на револуционерната драма, со посебен акцент врз идеолошко-политичките интенции во театарот на Чернодрински.

Поглавјето под бр. 7, **Ангажманите на македонските театарски трупи кон крајот на XIX и почетокот на XX век,** елаборирано ги проследува неповолните културни и политички услови како причина македонскиот народ својот културно-национален модел да го развива надвор од своите граници, па македонската интелигенција, најчесто емигрирана во Софија, тежнеејќи кон формирањето на македонската културна и национална посебност, организирала повеќе друштва преку кои ги афирмирала своите револуционерни заложби. Кандидатката низ прегледна анализа констатира дека е импозантен бројот на режисери и артисти, на аматерски театарски трупи кои ги поставувале темелите на македонската театарска уметност во овој бурен и преломен револуционерен период. Посебно внимание е посветено на литературниот кружок „Македонски зговор“, формиран во Софија, 1894, каде што биле претставени и првите сценски обиди на Чернодрински, како и активностите на театрите „Скрб и утеха“ и „Слобода“ во периодот од 1903 до 1905 година. Притоа, се констатира дека театарот на Чернодрински во сите негови фази располагал со речиси комплетен национален репертоар, создаден на македонски јазик, со проверен и афирмиран театарски ансамбл, со совршен сценски изглед и костимографија, поради што уживал огромен углед во општеството. Во посебно потпоглавје е претставен „Уметничкиот свет во салонот *Славјанска беседа* во Софија како мост на културата кон крајот на XIX и почетокот на XX век“, издвоен како простор кој станал култно место на повеќе македонски здруженија во Бугарија, каде што тие успевале да остварат значајни интеркултурни релации со останатите народи, а со тоа и да ја претставаат македонската културна посебност. Во посебно потпоглавје е издвоена и „Театарската дејност во Македонија кон крајот на XIX и почетокот на XX век“, во чие заживување особена улога има Чернодрински, кој веднаш успеал да ја заживее македонската театарска сцена во Солун, Битола, Скопје, Кукуш, како и во с. Косинец кај Костур.

Осмото поглавје е насловено: **Националната драма од крајот на XIX и почетокот на XX век како дел од културната меморија на македонскиот народ**, каде што кандидатката нагласува дека националната драма осцилира околу прашањето за македонскиот културен и национален идентитет создаден како конструкција на историските премиси и колективните сеќавања на еден народ. Станува збор за драмски дела во кои се афирмира борбата за истакнување на македонската самобитност, притоа потпирајќи се на културната меморија содржана во историско-политичките, културните и религиозните контексти, во фолклорното наследство, како и преку реминисценцијата на култните ликови од македонската историја. Кандидатката истакнува дека тргнувајќи од тоа дека е невозможно да се изедначат термините културна меморија и историја, бидејќи тие не само што не се синоними, туку и во многу аспекти се дури и спротивставени, не може да се оспорува постоењето на сеќавање за некој историски настан во повеќе културни средини. Поради тоа се нагласува дека оваа специфична *балканска културна меморија* не само што може да биде клучна алка за разбирањето на балканското минато, туку може да биде и појдовна точка за идни дијалошки платформи. Во овој контекст, констатацијата на кандидатката е дека книжевноста умее да памети, јасно и експлицитно, со што овозможува пренесување на фактографски податоци на следните генерации, но сепак начинот на кој ќе се интерпретира и акумулира културната меморија зависи од актуелниот општествен миг. Во посебното потпоглавје „Рефлексијата на македонската драма од крајот на XIX во XX век во современиот македонски драмски дискурс“, кандидатката истакнува дека во постмодерната македонска драмска продукција, името и драмското творештво на

Чернодрински постојано осцилираат како централно јадро околу кое се развива современата драмска реч, аплицирано врз примерите на драмските остварувања на Горан Стефановски, на Дејан Дуковски и на Благица Секулоска, кои според кандидатката се дел од македонската современа драмска и театарска сцена во која ликот на Чернодрински, како и рефлексии од неговите драми се јавуваат како иманентни продуктивни чинители.

Во **заклучокот,** во кој се синтетизираат добиените резултати и се сумира процесот на истражување, кандидатката поентира дека во текот на истражувањето и со изработката на трудот се потврдува констатацијата дека почетоците на македонската драма овозможила значаен и специфичен културен развој, а со тоа и обликување на културниот идентитет кај македонскиот народ. Проследувањето на овие суштински аспекти не се поставени само во духот на книжевно-историскиот преглед, туку преку бројните културолошки пристапи се идентификуваат сите развојни определби на македонската драма создавана на преминот од XIX во XX век, низ аспектите: нација-национализам, културен идентитет, културно-творечки модел, естетски обележја, идеолошка компонента, ангажираност, културна меморија. Притоа, се подвлекува заклучокот дека македонската драма на преминот од XIX во XX век се јавува како суштествен облик на книжевен израз на македонската културна сцена и главен афирматор на македонскиот јазичен и културен идентитет.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Дисертацијата обработува комплексна проблематика во домен на појавата, развојот и третманот на македонската драма на преминот од XIX во XX век, проследена низ методологијата и аспектите на културолошките истражувања. Пристапот кон разработка на материјата открива интердисциплинарно подрачје кое обединува повеќе научни дисциплини и наметнува интермедијален пристап во проследување на културната и книжевната историја, културната политика, литературата, драмата и театарот, како и социологијата, што кај нас и на други европски универзитети и институти етаблира посебни отсеци, предмети и курсеви. Сведоштво за актуелноста на предложената проблематика е и референтната библиографија од македонската, европската и светската научна сцена. Во македонски контекст, темата главно се согледува од аспект на значењето на македонската драма од посочениот период, за што има значајни монографски публикации од реномирани историчари, книжевни историчари, литерати, социолози и сл., користени како референци (А. Алексиев, В, Илиќ, Б. Ристевски, Г. Тодоровски, Р. Стефановски, И. Велев, В. Миронска-Христовска, Н. Аврамовска и др.). Таа се изделува како важна тема и во европскиот научен простор, бидејќи во рамките на анализата на драмата како фундамент на културниот идентитет се примени мултидисциплинарниот пристап, со кој при истражувањето на поврзаноста на драмската книжевност и културниот идентитет, кандидатката користи теоретска рамки воспоставени од Мери Џејн Колиер (Mary Jane Collier) и Томас Милт (Thomas Milt). Егзофоничната теорија се примени преку теориските поставки на Сузан Арндт (Susan Arndt), Дирк Нагушевски (Dirk Naguschewski) и Роберт Стокхамер (Robert Stockhammer), соодветна за проследување на конкретниот истражувачки проблем. Во однос на граничноста која, исто така, се истакнува како појдовна дисциплина во проучувањето на драмската книжевност, како стожерни се применија теориите на Глорија Анзалдуа (Gloria Anzaldúa) и Хоми Баба (Homi Bhabha). Додека, пак, во поглед на односот културна меморија – драмски дискурс во темата се аплицираа теоретските поставки воспоставени од Алејда и Јан Асман (Aleida & Jann Assmann).

**Краток опис на применетите методи**

Кандидатката во трудот комбинира историски приказ со теоретски синтези во истражувањето, што го реализира со посредство на повеќе научни методи. Применува комбинирана методолошка постапка, која се движи на релација историско-аналитички и културолошки методолошки приод на проследување. Аналитичките подрачја на истражување во овој труд се: книжевната теорија, историјата, социологијата и

културната политика. Сите наведени подрачја имплицираат идеи во набљудувачкиот модус на прашањата што се предмет на обработка во ова истражување – пронаоѓањето на категоријата културен идентитет во рамките на македонската драмска книжевност. Идентитетот се согледува низ културолошката призма, а со помош на историско-аналитичката методологија се овозможи сеопфатен историски преглед и анализа на драмските остварувања во периодот на преминот од XIX во XX век. Проучувањето на драмата во дадениот историски период ја наметнува употребата на контекстуалната анализа, особено поради фактот што истражувањето во голема мера е поставено врз емпириски материјали. Во функција на емпириско-теоретските истражувања на македонските драмски остварувања во периодот на преминот од XIX во XX век се применија повеќе методи на обработка на оригиналната материја: аналитичкиот метод, методот на синтеза, индуктивниот метод, методот на дедукција, компаративниот метод, културолошкиот и историскиот метод. Книжевно-теоретските анализи се однесуваат на согледувањето на значењето на драмските остварувања од книжевен, историски, хронолошки, текстолошки и културолошки аспект.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Резултатите од овој труд се однесуваат на потврдување на важноста на истражувањето, на заклучоците и проекциите поставени во самиот истражувачки проект низ современи културолошки аспекти во однос на утврдување на значењето, местото и улогата на македонската драма од крајот на XIX и почетокот на XX век, којашто се изделува со прогресивни импулси за национален и културен развој и служи како главна алатка за културна идентификација на македонскиот народ. Креирањето на културниот идентитет во темата е проследен низ современите и во науката актуелни теоретски рамки, кои овозможија потврдување на утврдената претпоставка. Притоа, трудот ги продлабочува сознанијата за македонската драма на преминот од XIX во XX век, која во синтезите се определува како суштествен облик на книжевен израз на македонската културна сцена и главен афирматор на македонскиот јазичен и културен идентитет во дадениот период. Во однос на естетските тенденции во нив, се заклучува дека во ерата на најбурните револуционерни активности на македонската интелигенција се појави мноштво од субверзивни драмски дела кои преку различни форми на идеолошка нарација понудија естетски идеолошки увид на политичките и културните настани. Оттука, произлегува резултантното спознание дека секое книжевно дело е креација настаната како резултат на актуелниот социолошки амбиент на времето. Кандидатката го систематизира и го надополнува теоретскиот корпус за феноменот на македонската драма од крајот на XIX и почетокот на XX век, а со оглед на тоа што драмата е секогаш актуелна, провокативна и ја потенцира ангажираната општествена реалност, во темата се констатира дека во суштина таа е специфичен облик на културно-мемориски простор, збир од сижетни рамништа во кои се чува и постојано се обновува изворниот облик на нацијата, во случајот – на македонската.

**Оцена на дисертацијата**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Славица Петровска-Ѓорѓевска е исклучително вреден и значаен придонес во македонската академска средина во сферата на интердисциплинарното проследување на македонската драмска продукција создавана од крајот на XIX и почетокот на XX век, што воедно својот културолошки домен го шири и кон историскиот, културниот, уметничкиот и социо-општествениот контекст. Таа ги засега и најактуелните проблеми од хуманистичката сфера што не можат да се решаваат изолирано, туку токму на пресекот на културната историја и на културната меморија на балканските народи, но и преку синтетизирање на сознанијата за профилите на драмските автори и нивните остварувања опфатени во трудот, проследени од аспект на повеќе културни подрачја. Дисертацијата, воедно, претставува синтеза на широко знаење од културно-историскиот домен, испреплетено со теоретско познавање и стручна верзираност на авторката на трудот во доменот на книжевните теории, книжевната историја и социолошките практики применети при изработката на трудот. Се очекува дисертацијата да има практична и дидактичка примена во

образовниот процес и во поширокатa културна средина. Според мислењето на Комисијата за оцена, дисертацијата ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на дисертацијата**

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, има изработено и објавено повеќе научни трудови, поврзани со предметот на нејзиниот научен интерес:

- „Проблемот на мигрантската литература и македонските егзофонични автори од крајот на XIX и почетокот на XX век“, во: *Спектар,* г. XLI, бр. 81, 2023, стр. 85-99.
- „*Духот на слободата* – иманентната врска меѓу Стефановски и Чернодрински“, во: *Зборник од XLIX меѓународна научна конференција на меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура*. 2023. Скопје: УКИМ, стр. 489-501.
- „Орнаментиката во Скопскиот празничен минеј од XIII век“, во: *Писменото и книжевното културно наследство од Скопје и Скопско*. 2022. Скопје: ИМЛ, стр. 79-93.
- „Одразот на христијанската духовна и културна меморија во револуционерните драми од крајот на XIX и почетокот на XX век“, во: *Македонска книжевна архива: Од ракопис до дигитална култура. 2022*. Скопје: ИМЛ, стр. 195-206.
- „Улогата на Блаже Конески во популаризацијата на Тиквешкиот зборник“, во: *XLVIII меѓународна научна конференција на LIV летна школа на меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура*. 2022. Скопје: УКИМ, стр. 526-535.
- „Местото и улогата на македонската драма од крајот на XIX и почетокот на XX век во културната меморија на македонскиот народ“, во: CONTEXT / КОНТЕКСТ Review for Comparative Literature and Cultural Research/Списание за компаративна книжевност и културолошко истражување бр. 24, стр. 65-74.
- „Проблеми и предизвици при изучувањето на Македонскиот јазик кај странските студентите во македонските универзитети“, во: *Македонскиот јазик – извор на научни истражувања (дома и надвор) – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.* 2021. Скопје, стр. 203-214.
- „Интерпретацијата на индивидуалниот и колективниот бунт во драмите: *Македонска крвава свадба* од Војдан Чернодрински и *Македонско востание* од Никола Н. Македонски“ во: *FILOLOGJIA. International Journal of Human Sciences* Vol.9 / No. 15-16. 2021. pp. 144-151.
- „Фолклорната естетика во револуционерно ангажираната драма од крајот на XIX и почетокот на XX век“, во: *Македонски фолклор*, бр. 77 / 2020.
- „Тенденциите на македонската интернет литература“, во: FILOLOGIA-International Journal of Human Sciences. Vol.8 / No. 13-14 / 2020, pp. 98-105.
- „Современите бестселери и онлајн продажбата“, во: *Културата на распродажба: Консумеризмот и комерцијализацијата на културните продукти*, 2019.
- „Илуминациите во Зографското евангелие“, во: *Кирилометодиевистика* бр. 13. 2019. стр. 161-172.
- „Илуминациски тенденции во Охридската книжевна школа (XI-XII век)“, во: *Кирилометодиевистика* бр. 10. 2016. стр. 101-119.
- „Хипстеризам – од алтернативна до популарна култура“, во: *Популарна култура: поглед одоздола* (зборник на трудови). 2016. Скопје: ИМЛ, стр. 618-624.
- „Комплексната љубов на Читачот“, во: *За љубовта (зборник на трудови)*. 2016. Скопје: Здружение на класични филолози „Антика“.

Кандидатката има реализирано два студиски престоја: на Универзитетот во Риека (Риека, Р Хрватска, 9 – 12.11.2022) и на Универзитетот во Ниш (Ниш, Република Србија, 4 – 8.11.2021).

**Заклучок и предлог**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Славица Петровска-Ѓорѓевска е исклучително значаен научен труд во академските културолошки истражувања, кој на оригинален начин теоретизира за третманот, улогата и значењето на македонската драмска продукција создавана од крајот на XIX и почетокот на XX век, во корелација со општествено-политичките и идеолошки структури кои го обликувале идентитетското поимање на македонскиот народ. Аспектот на проследување на драмските и на целокупните театарски ангажмани во дисертацијата низ автентична и задлабочена анализа се определува како дел од револуционерната идеолошка матрица, која во суштина ја дава базичната поткрепа дека ваквиот театар има елементи на политички театар, задржувајќи се на општествено-политичките и идеолошки структури кои го обликувале идентитетското поимање на македонскиот народ. Како автентичен приод ја нагласуваме интеграцијата на два исклучително значајни развојни постулата: театарската историја, која по традиција се занимава со развојот на драмската книжевност и сценското творештво, согледани низ призмата на општествено-политичките процеси во даденото време, преку теоретските премиси: нација-национализам, идентитет, културна меморија, идеолошка компонента, културен модел. Користењето на документарна, архивска и изворна научна база, како и примената на интердисциплинарниот приод во истражувањето, придонесуваат трудот да добие третман на оригинално проследување, со релевантност на заклучоците особено во домените на тематско-мотивските содржини со револуцијата како примарен конструктивен елемент, прецизно изложувајќи историски, документарни, биографски и автобиографски слоеви во револуционерните драми, кои го подвлекуваат нивното истакнато место во македонската книжевна и културна историја. Самата дисертација претставува заокружено монографско истражување, кое истовремено ја има улогата на значаен и прецизен извор поткрепено со оригинални научни становишта за појавите, процесите, настаните, арбитрите поврзани со македонската национална драма создавана на преминот од крајот на XIX и почетокот на XX век. Истовремено, трудот извлекува заклучоци од културолошка природа, во непосредна поврзаност со темите за културниот идентитет, егзофонијата, двodомноста, културните граници и културната меморија, врз кои се темели градењето на корпусот на ова истражување, од исклучително значење за современото промислување на состојбите во културата и уметноста. Во таа насока, овој истражувачки труд дава драгоцен прилог во определувањето на развојните координати на прикажаниот драмски опус во современиот книжевен дискурс и неговото константно опстојување во колективната меморија на македонскиот народ. Во дисертацијата подвлечено се сублимираат сеќавањето, актуализирањето и реинтерпретирањето на македонската драма од крајот на XIX и почетокот на XX век, втемелени како нераскинливо ткиво од македонскиот идентитет во колективната меморија на секоја генерација, која опстојува како клучен елемент за спознавање на книжевните и културните одлики на македонскиот народ.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација **Драмските творби и македонскиот културен идентитет на преминот од XIX во XX век** на кандидатката м-р Славица Петровска-Ѓорѓевска.

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Илија Велев, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Маја Јакимовска-Тошиќ, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Валентина Миронска-Христовска, член, с.р.**
**Проф. д-р Наташа Аврамовска, член, с.р.**
**Проф. д-р Марина Даниловска, член, с.р.**

Скопје, 6.10. 2023

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „МАКЕДОНСКОТО ТРАДИЦИОНАЛНО НАРОДНО ПЕЕЊЕ ВО МАЛА ПРЕСПА, ГОЛО БРДО И ГОРА“ ОД М-Р АНДРИЈАНА ЈАНЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР „МАРКО ЦЕПЕНКОВ“ – СКОПЈЕ

Научниот совет на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје, на седницата одржана на 9.6.2023 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Андријана Јаневска со наслов: МАКЕДОНСКОТО ТРАДИЦИОНАЛНО НАРОДНО ПЕЕЊЕ ВО МАЛА ПРЕСПА, ГОЛО БРДО И ГОРА, во состав: проф. д-р Лидија Стојановиќ-Лафазановска, редовен професор, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Скопје (претседател), проф. д-р Родна Величковска, редовен професор, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Скопје (ментор), проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска, редовен професор, Музичка академија, Штип, Универзитет „Гоце Делчев“– Штип (член), проф. д-р Весна Петреска, редовен професор, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Скопје (член) и проф. д-р Горанчо Ангелов, редовен професор, Музичка академија, Штип, Универзитет „Гоце Делчев“– Штип (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Научниот совет на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Андријана Јаневска, со наслов МАКЕДОНСКОТО ТРАДИЦИОНАЛНО НАРОДНО ПЕЕЊЕ ВО МАЛА ПРЕСПА, ГОЛО БРДО И ГОРА, содржи 305 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12 pt, со 545 фусноти, 132 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 4 глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се идентификувањето и формулирањето на истражувачкиот проблем, предметот и целите на истражувањето, хипотезите, начинот на истражувањето, односно методите на истражувањето, структурата на трудот и очекуваниот научен придонес, како и примената на резултатите од истражувањето. Кандидатката укажува дека со овој научен труд ќе се добијат повеќе релевантни информации за македонското традиционално народно пеење во регионите на Мала Преспа, Голо Брдо и Гора во минатото и денес, кое претставува нераскинлив дел од празнувањата, а истовремено да се утврдат улогата и местото на народната песна во традиционалната заедница на Македонците од посочените региони, произлезени од длабинскиот научноистражувачки приод, кои овозможуваат автентично да се пренесуваат од генерација на генерација како неминлива музичка традиција. Посебно нагласува дека овој научен труд ќе им помогне на идните истражувачи на полето на традиционалното пеење да ги обноват и продлабочат информациите за овој сегмент од традиционалната музичка култура на Македонците од посочените региони, истакнувајќи при тоа дека истражувањата од ваков вид имаат одредено научно значење и место во културата на еден народ, бидејќи тие се единственото средство со кое се откинуваат од заборав скапоцените вредности на музичко-фолклорен израз, апелирајќи на состојбата на постепено и постојано изумирање и исчезнување на музичко-фолклорните содржини, како и на исчезнувањето на пејачите – носителите на традиционалните пејачки форми, кои со нивното заминување не оставаат секогаш достојни следбеници. Со тоа укажува на потребата дека во секој мелографски запис треба да бидат втиснати постојани траги од оваа музика во исчезнување, драгоцени бисери од традиционалната култура на Македонците во Мала Преспа, Голо Брдо и Гора.

**Првата глава** од докторската дисертација е насловена „Географско-историски и демографско-социополитички особености на регионите Мала Преспа, Голо Брдо и Гора“, со 3 поднаслови (стр. 17-32), во кои посебно се опишани географските, историските, демографските и социополитичките карактеристики на македонскиот ентитет во трите региони.

- Во првиот поднаслов, „Географско-историскиидемографско-социополитички особености на регионот Мала Преспа“, опишани се географските, историските, демографските и социополитичките карактеристики на македонскиот ентитет во регионот на Мала Преспа. Исто така, изнесени се и резултатите од досегашните проучувања на традиционалната култура на Македонците од Мала Преспа. Во продолжение на текстот, Јаневска ги истакнува познатите истражувачи кои се занимавале со оваа проблематика, како: Гуре Дума, Николина Спасе, Мери Стојанова, Крисанта Јанкула, Георги Трайчев, Васил Кънчов и Гоце Цветковски.
- Во вториот поднаслов, „Географско-историски и демографско-социополитички особености на регионот Голо Брдо“, опишани се географските, историските, демографските и социополитичките карактеристики на македонскиот ентитет во регионот на Голо Брдо. Во продолжение на текстот, Јаневска ги истакнува истражувањата на познатите истражувачи кои се занимавале со оваа проблематика, како: Кимет Фетаху, Мери Стојанова, Љупчо С. Ристески, Даворин Трпески, Инес Црвенковска-Ристеска, Анета Светиева, Миленко С. Филиповиќ, Александар А. Новик и Цветан Мазнику.
- Во третиот поднаслов, „Географско-историски и демографско-социополитички особености на регионот Гора“, исто така се опишани географските, историските, демографските и социополитичките карактеристики на македонскиот ентитет во регионот на Гора, истакнувајќи ги притоа истражувањата на познатите истражувачи кои се занимавале со оваа проблематика, како: Трпко Бицевски, Лидија Стојановиќ, Сања Ранковић, Мухамед Арслани, Васил Дрвошанов, Блаже Ристовски и Нијази Лиманоски.

Во **втората глава**, со наслов: „Теориско-методолошки рамки на истражувањето“, со 8 поднаслови (стр. 33-41), разработен е методолошкиот пристап при компаративните истражувања, при што се објаснети сите методи кои се применети во истражувањето. За да се добијат релевантни податоци за македонското традиционално народно пеење во регионите на Мала Преспа, Голо Брдо и Гора, Јаневска истакнува дека истражувањата се темелат врз пишани извори, како и врз материјали собрани за време на нејзините теренски истражувања, чија основна задача во фолклористичките истражувања е запишувањето, односно фиксирањето на фолклорниот уметнички текст, со цел да се овозможи фолклорните творби, по бележењето, да можат да се набљудуваат и како текст и како дел од фолклорниот процес, додавајќи при тоа дека секој метод на теренски истражувања има за цел да ги пронајде патиштата и начините за што подобро извршување на поставените задачи при истражувањето. Еден од фундаменталните методи кои се применуваат во етномузиколошките истражувања е *методот на интервју*. За време на теренската работа беа користени следниве методи: *анкетен метод*, *метод на директна опсервација* (собирање на податоци преку моментно набљудување), *метод на реконструкција* (обнова, поврзување и поставување на собраниот материјал во една виртуелна скица, во имагинарен модел кој е многу сличен на оригиналниот материјал), и

- како финален производ од теренските истражувања е примената на *фински метод* (транскрипцијата, анализата и лексикографијата на звучниот материјал при што е користен принципот на сведување на мелодиите на основниот, финалниот тон, односно на „finalis G1“).

Во однос на теориско-емпириските истражувања, кандидатката го поставува прашањето како да се изработи научен труд со анализа на емпирискиот материјал, според Дуња Рихтман Аугуштин, Драгослав Антониевиќ и Лоран Обер. Според

основната методолошка постапка при обработка на податоците од етномузиколошките и компаративните истражувања на материјалот, применети се: дескрипција, анализа и образложение на сите етномузиколошки елементи на примерите што се предмет на проучување, меѓужанровска споредба на изразните елементи кај песните, проследување на антрополошките, културолошките и социолошките промени во периодот во кој се опсервираат примерите, компарација на добиените резултати при анализата на примерите од минатото и денес, со издвојување на нивните естетски и функционални карактеристики. Направена е структурно-типолошка анализа на избраните пејачки жанрови на музичко-фолклорните форми на Македонците во Мала Преспа, Голо Брдо и Гора.

Покрај *дескриптивниот метод,* го користи *локално-географскиот метод,* потоа *културно-историскиот, функционалниот, структурниот, формалниот, визуелниот метод* и *методот на картографирање.*

- Во првиот поднаслов, „Дефинирање на проблемот, предметот и целите на истражувањето“, Јаневска прави обид да се осветлат и општествено-историските, социолошките и психолошките прашања што директно влијаат и врз морфолошко-структурните елементи на музичко-фолклорниот материјал со цел да се согледа комплексноста на македонскиот музички фолклор како нераскинлив дел од обредите, а истовремено да се утврдат улогата и местото на народните песни и народните музички инструменти во традиционалната култура на Македонците во Гора, Голо Брдо и Мала Преспа.
- Во вториот поднаслов, „Осврт врз досегашните проучувања на музичкиот фолклор на Македонците во Мала Преспа, Голо Брдо и Гора“, од голема помош ѝ биле делата на авторите кои го проучувале животот на Македонците во Албанија во сите три региони, македонскиот фолклор, а особено македонските народни песни во делата на: Катерина Тодороска, Цветан Мазнику. Посебно ја претставува монографијата „Голо Брдо“, под редакција на Андреј Н. Соболев и Александар А. Новик, во која се содржат материјалите од балканската експедиција на РАН и СПбДУ од 2008 до 2010 година, како и книгата „Голо Брдо – живот на граница“, чиј издавачи се Македонското етнолошко друштво и Институтот за етнологија и антропологија. Под раководство на проф. д-р Анета Светиева, во 2003 година било извршено теренско истражување во Голо Брдо, а собраните материјали на балканската експедиција ѝ биле од голема помош при изработка на трудот.

Особено значаен, истакнува Јаневска, е и Павли Никола, кој во своето дело „Врница“ детално ги објаснува географските особености на селото и регионот, како и историските настани во Голо Брдо, песните, ората и разните обреди и обичаи. При дешифрирањето на зборовите, од голема помош ѝ биле двете изданија на „Голобрдски фолклор“ на Цветан Мазнику, Вита Која и Митре Шутку, кои содржат над 500 текстови со народни песни.

За регионот Мала Преспа, додава Јаневска, пишувале: Петар Колевски, Стерјо Спасе и Николина Спасе, Гуре Пандо Дума, Славица Велева, Гоце Цветановски, Крисанта Јанкула Мери Стојанова, Весна Петреска и други.

Во регионот на Гора, кандидатката ги нагласува истражувањата на Блаже Ристовски, со неговата книга „Македонскиот фолклор и националната свест“, во која се среќаваат над 100 горански песни, снимени во далечната 1969 година. За Гора пишувале и: Лидија Стојановиќ, Мухамед Арслани, Васил Дрвошанов и други, додава Јаневска, чии трудови се од голема важност за нејзините истражувања и кои помогнале во реализацијата на овој труд.

Во областа на етномузиколошките истражувања, кандидатката ги истакнува истражувањата на Миодраг Васиљевиќ, кој снимил 46 едногласни песни во само четири населени места: Брод, Драгаш, Крстец и Злипоток; истражувањата на данскиот етномузиколог Бирте Траеруп, која во периодот од 1959 до 1966 година повеќепати престојувала на овие простори, особено во селата Брод и Враниште, додавајќи дека таа во своите истражувања ја истакнала улогата на жената во негувањето на традиционалната музика. Како посебно значајни, кандидатката ги истакнува теренските истражувања во текот на 60-тите и 70-тите години на

минатиот век, од истражувачите од Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје, а како плод на документацијата на македонските истражувачи е опсежната студија од 400 песни што е објавена на почетокот на овој век, насловена како „Народната песна на Горанците“ од етномузикологот Трпко Бицевски, кој ги истакнал основните карактеристики на музичките и поетските текстови на песните од Гора, чиишто драгоцени музички примери ја збогатиле нејзината истражувачка работа од тој регион.

Посебно ги истакнува и сопствените теренски истражувања реализирани во Пустец (Мала Преспа), во 2014 година и во Тирана, во 2014 година, со преселнички родови од Голо Брдо, истражувањата во Призрен, во 2014 година, со преселенички родови од Гора, како и истражувањата во с. Туминец, Мала Преспа, во 2020 година.

Во **третата глава** насловена „Развојните патишта и карактеристиките на македонскиот музички фолклор во Мала Преспа, Голо Брдо и Гора“, со 6 поднаслови (стр. 43-131), претставени се развојните патишта и карактеристиките на македонскиот музички фолклор во Мала Преспа, Голо Брдо и Гора, истакнувајќи притоа дека македонската народна музика во реоните на Мала Преспа, Голо Брдо и Гора низ различни периоди на културниот и историскиот развој, од музички аспект е речиси неистражена. Во однос на музичката традиција, додава Јаневска, постојат оскудни, но, сепак, драгоцени податоци за нејзините истражувања.

Истражувањата, вели таа, покажаа дека чувството за песната, јазикот, припадноста и идентитетот никогаш не ги напуштило Македонците од овие региони, додавајќи дека во текот на нејзините теренски истражувања, но и во многу книги наишла на записи и кажувања како македонскиот фолклор сакаат да го прикажат како туѓ.

- Во првиот поднаслов, „Обреди и обредно-пејачки жанрови на Македонците од Мала Преспа, Голо Брдо и Гора“, потпирајќи се на досегашните проучувања, кандидатката истакнува дека македонското традиционално народно поетско творештво и денес суштествува преку разни видови песни кои сведочат за една стара музичко-поетска култура, која низ многувековното постоење и развој неминовно претрпела извесни промени. Основните жанрови на македонската музичко-фолклорна пракса ги одразуваат најсуштествените страни од животот на народот и се плод на општите национални особености. Во овие истражувања, најнапред хронолошки се проследени обредно-пејачките жанрови:

- обредите и песните врзани за годишниот празничен систем;
- обредите и песните врзани за животниот циклус обичаи, со посебен акцент на обредите на премин и статусните улоги на жената при изведувањето на обредите и одредувањето на улогата на жената во негувањето на обредните пејачки жанрови кај Македонците од Мала Преспа, Голо Брдо и Гора, како и за промените низ кои се движел обредот и обредното пеење.

Во продолжение следува посебно претставување на некои обредно-пејачки жанрови на Македонците во регионите Мала Преспа, Голо Брдо и Гора, кои како **модели** (песни, напеви) се јавуваат во услови на колективно вокално музицирање, а нивен носител е жената. При изборот на песните авторката се одлучила за оние жанрови кои се застапени во посочените региони, па така, одбрани се109 примери на песни, со што се утврдува ареалната распространетост на обредно-пејачка култура на Македонците во посочените региони.

- Во првиот поднаслов, точка еден, се претставени „Календарските обредни песни“, истакнувајќи при тоа дека календарските обредни песни кај Македонците во регионите Мала Преспа, Голо Брдо и Гора ги придружуваат ритуалите од годишниот циклус, почнувајќи од зимските празнувања па сè до жетвата. Така, на пример, *жанровите кои спаѓаат во зимскиот календарски обредно-празничен систем* кај Македонците во регионот на Мала Преспа каде што живее само православно население се прославуваат христијанските празници: Св. Никола,*Коледа*, *Бадник*,*Божик*, *Василица*и празникот *Водици,* кои, во овој регион се славеле со песни и ора. За Горанците

најголеми празници се Бадник, Божик, а дека ги празнуваат и Митровден, Шуршовден, Атанасовден, Благовец, Средзима или Св. Трифун, Св. Пантелејмон, Јеремија, истакнува Јаневска и дека се зачувал обичајот Задушница, што ја даваат четирипати годишно.

Од *жанровите кои припаѓаат на пролетно-летниот календарски обреден систем,* во истражувањата на Јаневска застапени се: *лазарските*, *велигденските*, *ѓурѓовденските* и други обреди и песни (во Голо Брдо, на *Лазарица*, во Мала Преспа и Голо Брдо, најголемиот празник е *Велигден).* Покрај лазарските и велигденските празнувања, додава Јаневска, во календарскиот обредно-празничен систем спаѓаат и *ѓурѓовденските празнувања,* проследени со обреди обичаи и пеење. Така, во Мала Преспа, Ѓурѓовден се слави во селата од трите региони. Ѓурѓовден во Голо Брдо го прославувале и православните христијани и муслиманите. Најголем празник во Гора е Ѓурѓовден, кој се слави повеќе денови, при што празнувањата на Горанитe се проследени со богата музичка програма: вокални изведби на жени и девојчиња со песна и *даире,* машко или мешано оро придружено со *зурли* и *тапани,* а целокупната музичко-игроорна активност во рамките на ѓурѓовденскиот собир се одвивала во природа.

*Од жанровите кои припаѓаат на летниот календарски циклус,* во посочените региони се *обредите и песните за повикување на дожд*. Така, на пример, од теренските истражувања во регионот Мала Преспа снимена *додолски песни*, укажувајќи дека додолки оделе од куќа на куќа и пееле, а по завршувањето на пеењето, домаќините ги дарувале со брашно, масло и шеќер и сл. продукти.

Инаку, најпознат летен празник во с. Туминец – Мала Преспа е празникот Св. Марена (30 јули), а прославата се одржувала кај манастирот, до кој се одело со кајчиња.

Во рамките на нејзините теренски истражувања во Мала Преспа, Голо Брдо и Гора, забележани се неколку *жетварски песни*, а карактеристично за начинот на изведбата на жетварските песни е примената на антифона техника (најнапред настапува првата група, две-три пејачки, кои ја пејат почетната мелострофа, а потоа втората група ги презема мелодијата и текстот со потполно повторување на мелострофите, без застој, истовремено пеејќи и жнеејќи).

- Во првиот поднаслов, точка два, „Песни од животниот циклус“, претставени се трите највважни настани во животот на секој човек, во кој влегуваат музичко-фолклорните жанрови кои ги следат ритуалите од животниот циклус на човекот од раѓањето до смртта.

Од животниот циклус во кругот на семејно-обредните песни во регионите на Мала Преспа, Голо Брдо и Гора, забележани се примери со *приспивни песни*, *залагалки* и *броенки*.

Посебно ја претставува *Свадба и свадбеното пеење* во Мала Преспа, Голо Брдо и Гора, истакнувајќи притоа дека свадбата и свадбеното пеење во сите три региони сѐ уште претставува жива традиција. Со оглед на тоа што свадбата е еден од најважните чинови во животот на човекот, додава таа, служејќи се со обемниот материјал од нејзините информатори, како и од книгите кои ги користела, во продолжение детално го објаснува свадбениот обреден комплекс и песните кои се пејат во сите три региони.

Погребните обичаи се едни од најстарите манифестации во човечкото општество. Досегашните истражувања укажуваат на недоволен број снимен и комплемплетно обработен материјал, истакнува Јаневска, укажувајќи на одредени погребни обичаи и песни кај Македонците со исламска вероисповед во Голо Брдо. *Тажачките песни* (тажаленките) се сметаат за составен дел на обичаите и обредите што се изведуваат при смрт, закоп и помените на умрен човек. Тие се поетски творби-елегични импровизации на одделни членови на семејството на мртовецот со кој се оплакува неговата смрт. Во однос на тажаленките, истакнува Јаневска дека од нејзините теренски истражувања не наишла на пејачки кои би ја потврдиле присутноста на тажачки песни, додавајќи при тоа дека во посочените региони постојат траги од ваквиот вид на фолклорно изразување.

*Сунетот,* односно обрежувањето е стар ритуал кај муслиманското население, базиран врз плодноста, размножувањето и репродукцијата. Во овие истражувања посебно го претставува сунетот со сите обредни постапки во Голо Брдо.

- Во првиот поднаслов, точка три, дадени се *ороводните песни,* кои спаѓаат меѓу најстарите народни песни. Иако е тешко попрецизно да се утврди кога точно настанале тие, сепак според некои елементи од песните (синкретски, пагански, христијански и сл.) можат приближно да се насетат корените на некоја обредна песна или на некоја нејзина дамнешна варијанта. Во рамките на нејзините теренски истражувања, во трите посочени региони застапени се ороводни песни, кои се изведувале за време на соборите во селските заедници и свадбите.
- Во првиот поднаслов, точка четири, дадени се *лирските песни*, во кои се рефлектираат етапите на историскиот развој на жанрот: од тесно обемни обредни календарски напеви до сложени жанрови со карактеристики на развлечени песни.

Во народната лирика најобемна е групата на *љубовните песни*, чиј основен мотив е љубовното чувство во сите негови варијанти и нијанси. Истражувањата покажаа дека од сите жанрови, во сите три региони најзастапени се љубовните песни и сите примери спаѓаат во целокупниот македонски музичко-фолклорен израз, но се одликуваат по дијалектната специфика, додава Јаневска.

- Во првиот поднаслов, точка пет,сместени се *печалбарските песни*. Печалбарството во Македонија, особено во нејзините западни и југозападни краишта, се развило поради извонредно тешката економска положба на нејзиното население. Со појавата на печалбарството, истакнува авторката, започнал во народот и процесот на создавањето на првите печалбарски песни, главно врз поетските традиции на љубовните и семејните народни песни, но со вклучување во нив на основниот реален мотив – разделбата. Во печалбарските песни, разделбата меѓу оние што одат на печалба во туѓина и нивните најблиски е носечки реален мотив, типичен за регионите Мала Преспа, Голо Брдо и Гора.
- Во првиот поднаслов, точка шест, претставен е *баладниот тип на пеење* во регионите Мала Преспа и Гора.

- Во вториот поднаслов, „Традиционални музички инструменти кај Македонците во Мала Преспа, Голо Брдо и Гора“, истакнува Јаневска дека народните музички инструменти и инструменталната музика се неразделни од музичката практика во светот и кај нас, особено во традиционалната македонска мултиетничка култура. Така, во Мала Преспа ретко имало фамилија без *кавал*, *гајда* или *шупелка* во својот дом. За Голо Брдо карактеристични се *зурлата* и *тапанот*, но како што беше споменато и претходно, на свадбите за време на „Цумбушот“, девојките свиреле на *даире*, а мажите на *чифтелија*. Застапеноста на аерофоните музички инструменти (зурлите, кавалот, шупелките) како и соло пеењето придружено со чифтелија се дел од инструменталната музичка традиција на Горанците, која се смета за „машка работа“ во функција на забава, особено во одредени моменти од свадбениот церемонијал.

- Во третиот поднаслов, „Современата состојба на македонскиот музички фолклор во Мала Преспа, Голо Брдо и Гора“, авторката на трудот укажува на првите теренски истражувања во Мала Преспа и Голо Брдо и нејзиното задоволство за направените драгоцени аудио- и видеоснимки, од пејачки – носителки на традиционалните пејачки форми од Пустец, од кои едната била многу болна и воопшто не била во состојба да пее, а втората пејачка била почината. И додека се распрашувала кој друг би можел да пее со цел да сними што повеќе материјал, додава авторката, дознава дека во денешно време младите воопшто не ги знаат песните што се пееле во минатото. Исто така, доаѓа до сознанија дека во Мала Преспа, за време на верските празници, во старо време се организирале манифестации, се практикувале и спортски натпревари како трчање, пливање и др. Во 1934 година се јавила првата музичка група, во село Туминец, составена од: Живко Ставрев и Пандо Вурмов на кларинет, Толе

Вурмов на труба, Панчо Попов на тапан, која била канета по сите свадби и манифестации низ Мала Преспа.

Од Цветан Мазнику дознава дека во Голо Брдо уметничките групи учествувале на разни фестивали на регионално ниво, но и тука со песни преведени на албански јазик. На ниеден фестивал не се пеело на мајчин јазик, само на албански. А бидејќи македонските носии од Голо Брдо се посебни, никогаш не биле облечени на разните фестивали.

- Во четвртиот поднаслов, „Фолклорни манифестации, собори и фестивали“, Јаневска истакнува дека во последните петнаесеттина години од овој век се појавиле и првите фестивали во овие региони. Така, во 2010 година бил одржан македонскиот фолклорен фестивал во Пустец, Мала Преспа; Македонски фолклорен фестивал Преспа, 2010, а во Гора, пак, во 2013 година, во организација на Заедницата на Македонците во Албанијанза првпат се одржал Македонски фолклорен фестивал „Гора 2013“ во селото Борје, во областа Гора, Албанија. Оттогаш, фестивалот се одржува секоја година и се изведуваат изворни македонски народни песни и ора од регионот на Гора, кој претставува единствена прилика за негување и одржување на народните македонски ора и песни во Гора. Првиот македонски фоклорен фестивал „Сонце 2015“ се одржал во Корча, на кој настапиле фолклорната група од Деветогодишното училиште „Отпорот на Горичени“ од Долна Горица, Преспа, пејачката група „Гориченки“ од Горна Горица, Преспа, како и фолклорната група од Требиште, Голо Брдо.Од современите манифестации, постојат видеозаписите: Прослава на Стара Нова Година, Василица во Горна Горица, Мала Преспа, 2023; Свадба во Голо Брдо, 2020 и Ѓурѓовденско празнување во Гора, снимен на 04.11.1990 година како и др. кои исто така претставуваат значајни информации за овие истражувања.
- Во петтиот поднаслов, „Медиумско претставување на традиционалните пејачки форми кај Македонците од Мала Преспа Голо Брдо и Гора“, Јаневска укажува дека најстарите собирачки активности на истражувачите биле извршувани во моментот кога народните пејачи по устен пат им ги предавале на запишувачите, чии драгоцени податоци ги наоѓаме во списите на хроничарите и патописците. Тоа бил основниот пишан медиум во пренесувањето на информациите по устен пат, што подразбира собраната музичко-фолклорна граѓа да се забележи, односно да се нотира по слух. Ваквиот начин на бележење, односно мелографирање не претставува автентично пренесување на народната песна, бидејќи во голема мера содржи субјективни елементи на запишувачите.

Треба да се нагласи дека во оној момент кога на писмениот запис му е додаден аудиозапис, снимен на магнетофон или на друг аналоген или дигитален аудио или аудиовизуелен медиум, музичко-фолклорната творба ја шири својата медиумска достапност и станува документ, кој во тој момент претставува најголемиот скок во напредокот на пренесувањето на информации, бидејќи дури тогаш снимената песна може да се доживее на ист начин како што е испеана.

Истражувајќи го и проучувајќи го традиционалното народно пеење во Мала Преспа, Голо Брдо и Гора, авторката доаѓа до заклучок дека сѐ уште е активен усниот начин на пренесување информации. Недостаток на пишаниот запис е тоа што не може да се забележат бојата, тонот и интензитетот на гласот, додека, пак, аудиозаписот е подложен на манипулации. Исто така, медиум кој многу им помага на истражувачите при нивните теренски истражувања се фотографиите. На тој начин може да се анализираат и други аспекти (општествени, социјални).

Покрај сите овие извори за традиционалната култура на Македонците од посочените региони, од посебно значење се и теренските истражувања, при што песните и разговорите што ги снимила со неколку електронски уреди: два телефона, од кои со едниот направила аудиоснимки преку апликацијата Voice recorder, додека со другиот направила видеозапис, но и фотографија; користела и фотоапарат OLYMPUS X-785, но направила и фотографии и со смартфон Samsung Galaxy A52 со 5 камери кој снима ултра прецизни детали, како и преносен компјутер LENOVO на кој директно снимала аудио во програмата CUBASE PRO 10.

- Во шестиот поднаслов, „Музичкиот фолклор во образовниот процес на Македонците од Мала Преспа, Голо Брдо и Гора“, дадени се сознанијата за образовниот процес во Мала Преспа, додавајќи при тоа дека имало малку луѓе што знаеле да пишуваат и да читаат, имало само по еден, двајца по село. Од истражувањата на Дума дознава дека децата од Туминец, Долна Горица и Глобочани оделе на училиште во село Горна Горица, додека децата од Шулин, Лекса и Зрноско оделе на училиште во село Пустец.

Во Голо Брдо, пак, според писанијата на Цветан Мазнику, дознава дека првите македонски училишта биле отворени во 1867 година во Ѓинеец и во Клење, потоа во Стеблево во 1870 година и во 1873 година во Себишта.

**Четвртата глава** насловена како „Структурно композициски законитости на македонските народни песни во Мала Преспа, Голо Брдо и Гора“, со 6 поднаслови (стр. 133-156, истакнати се структурно-композициските законитости на песните, укажувајќи при тоа на специфичноста на пејачката пракса на Македонците во посочениот регион. При изборот на музичко-фолклорните содржини избрани се 109 најрепрезентативни примери на пејачки жанрови, од кои 93 едногласни, 16 двогласни песни, кои се во функција на расветлување на состојбата и формите на традиционалното пејачко изразување, со цел да се одредат музичко-фолклорните особености, типични за Македонците од Мала Преспа, Голо Брдо и Гора.

При систематизацијата и анализата на собраниот музичко-фолклорен материјал ги истакнува посебните, специфични структурни законитости, изразени преку елементите кои директно влијаат врз формата и структурата на пејачкиот тип, а тоа се: *метроритмичката* и *созвучната компонента на песните, изразени во посебни потпоглавја.*

- Преку првото потпоглавје, насловено „Метроритмичката компонента“ на пејачките типови во македонските музичко-фолклорни жанрови од Мала Преспа, Голо Брдо и Гора посебно се проследува метричката структура на стихот, изразена преку *рамноделните и нерамноделните ритми*. Потоа следат *рефрените* како средство за обликување на народните песни и нивната функција во народното пеење; *ритамот* во народното пеење изразено преку три групи на ритмички типови (РТ) или **Тип I** се наслонува на ритмичката формула на *giusto*-ритмовите (во 2/4, 3/4, 4/4-ска тактова структура;РТ**- Тип II**, а тоа се *рубато* ритмовите и (РТ) - **Тип III** ја претставуваат нерамноделни *аксак* ритмови); *мелопоетските форми*, конструирани со *повторување* на одредени делови од стихови и *дословно повторување* на стиховите, како еден вид репетиција на стихот, врзани за исти или различни стихови и нивните метрички структури.
- Во второто потпоглавје, насловено како „Мелодиско-созвучната компонента“ спаѓаат особините на напевот, како што се: *тонските структури (*изразени преку *тонските низи* кои се утврдуваат врз основа на сите звучни односи во напевитеи *амбитусот*);*мелодиските типови* ((МТ) – **Тип I** – чија мелодиска крива се одвива брановито и речиси без скокови; (МТ) или **Тип II** спаѓаат напевите со нагорен скок од терца (или кварта кон мелодиската кулминација, кои се дополнуваат со надолни движења и(МТ) или **Тип III** ја формираат напевите кои имаат заеднички карактеристики со напевите од првиот и вториот тип, а се одликуваат по постоењето на навидум две или повеќе кулминации); *едногласното* и *повеќегласното пеење* (изразено преку *бурдонскиот тип на пеење*) се остварува врз *бордунската дијафонија*; *структурата на двогласот,* која се остварува врз *бордунската дијафонија* и делумно пеење во *паралелни терци* и *каденците* и нивната функција (*статични* и *динамични* кај едногласните дводелни пејачки форми), како и *извикувањата* како изразни средства при градењето на песните.

Во **заклучните согледувања**, кандидатката ги обележува најважните сегменти опфатени во тезата. Накратко се изложени заклучните согледби од истражувањата врзани за музичката традиција на Македонците од Мала Преспа, Голо Брдо и Гора,

истакнувајќи ја при тоа комплексноста на македонскиот музички фолклор како нераскинлив дел од обредите, утврдувајќи ја при тоа улогата и местото на народните песни и народните музички инструменти во традиционалната култура на Македонците од посочените региони.

Потоа следува **Резиме на англиски јазик**, а на крај од првиот дел од трудот е посочена **Бибилиографијата** на трудовите од каде што е користен релевантниот материјал, кои ѝ помогнале на кандидатката околу реализацијата на овој труд.

**Вториот дел од трудот содржи „Прилози“.** Првиот прилог гласи „Напеви и поетски текстови во традиционалното народно пеење на Македонците од Мала Преспа, Голо Брдо и Гора“, вториот „Дијалектни текстови од теренските истражувања во Мала Преспа, Голо Брдо и Гора“, третиот прилог е „Речник на помалку познати зборови и дијалектизми во текстовите“; четвртиот прилог е „Регистри“ („Регистар според почетниот стих (наслов) на песните“, „Регистар на песните по жанрови“ и „Регистар на пејачи“). Петтиот прилог е „Илустрации“, во кој најнапред дадени се *Карти* на регионите Мала Преспа, Голо Брдо и Гора и на крај се приложени и Фотографии.

**<u>Предмет на истражување</u>**

Предмет на истражување е традиционалното музичко-фолклорно творештво на Македонците во Мала Преспа, Голо Брдо и Гора, историскиот развој и карактеристиките кои го прават посебно, во една поширока етнокултурна средина. Во оваа дисертација, Јаневска прави обид да се осветлат и општествено-историските, социолошките и психолошките прашања што директно влијаат и врз морфолошките, структурните и мелопоетските елементи на музичко-фолклорниот материјал.

**<u>Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата</u>**

(Кандидатката мошне студиозно пристапува кон материјалот што беше предмет на истражување, кој претставува исклучителен предизвик во областа на етномузикологијата, бидејќи опфаќа тематски подрачја кои не се премногу истражувани во нашата земја, а особено поради фактот дека тие тематски подрачја терминолошки не се сосема класифицирани и дефинирани, но затоа претставува поттик за понатамошно фокусирање токму на овие проблематики.)

Музичкиот фолклор на Македонците од Мала Преспа, Голо Брдо и Гора, движејќи се по својот развоен пат, доживува видни трансформации под дејство на разни надворешни влијанија, како и внатрешни промени на сопствените естетски критериуми, истакнува Јаневска. Од тие трансформации произлегуваат нови форми на изразување кои дополнително ја збогатуваат неговата комплексност. Научните истражувања на таа комплексност се потребни без одлагање, бидејќи се предизвикани од неговиот природен повик за спас, зашто состојбата со изворното музичко творештво на Македонците од Мала Преспа, Голо Брдо и Гораденес во новите социокултурни услови ја губи својата оригиналност и автентичност кај пошироките маси, наспроти оригиналноста и автентичноста изразена во пејачките жанрови на постарите жители – носители и чувари на овие музичко-фолклорни форми.

**<u>Краток опис на применетите методи</u>**

Во овие истражувања се користат методите што овозможуваат пристап кон анализа и кон транскрипција на традиционалните пејачки форми кај Македонците од регионите на Мала Преспа, Голо Брдо и Гора. Според основната методолошка постапка при обработка на податоците од етномузиколошките и компаративните истражувања на материјалот, применети се:

- *анкетен метод* (со употреба на прашалник, каде што се опфатени прашања за изведувачот, песната и нејзиното потекло, поврзаноста на песната со ритуалот/традицијата и слично);

- *метод на директна опсервација* (собирање на податоци преку моментно набљудување);

- *метод на реконструкција* (обнова, поврзување и поставување на собраниот материјал во една виртуелна скица, во имагинарен модел кој е многу сличен на оригиналниот материјал);

- *фински метод* (применет при транскрипцијата и анализата на звучниот материјал, при што е користен принципот на сведување на мелодиите на основниот, финалниот тон, односно на „finalis G1“).

При истражувањата, а посебно при анализата на теренските материјали, се користат повеќе методи, кои се во согласност со темата и проблематиката што се разработува, така што еден од најприфатените методи во етномузиколошките истражувања е *дескриптивниот метод,* кој овозможува создавање на основа за собирање на емпириски податоци од теренските истражувања.

Со помош на *локално-географскиот метод,* потоа *културно-историскиот, функционалниот*, *структурниот, формалниот* и *визуелниот метод* и *методот на картографирање* ги следела: постоењето, развојот, внатрешните процеси на музичкиот фолклор на Македонците од Мала Преспа, Голо Брдо и Гора и нивните некогашни и денешни изразни компоненти, како дел од поширокиот комплекс традиционални музичко-фолклорни форми на изразување.

Со *културно-историскиот* метод се следат појавите во однос на обредноста, поточно како некоја културна појава се случувала во минатото, и како таа се одвива денес во посочените региони.

*Функционалниот метод* дава објаснувања за функцијата на одредени постапки, особено во *свадбениот циклу*с, каде што функцијата на обредноста е на прво место. Таа се однесува и за ѓурѓовденските празнувања, проследени со обредни дејства и пеењето на ѓурѓовденски песни.

*Структурниот метод*, вклучувајќи ја и анализата во однос на етномузикологијата, има голема и посебена примена во набљудувањата на културните музички феномени. Со помош на *анализата* беше направена реконструкција на музичко-фолклорните форми, кои помогнаа да се истакнат спецификите на постојните видови фолклорно изразување во минатото, а добар дел и денес, форми што сè уште се присутни и претставуваат дел од живата музичко-фолклорна традиција на Македонците од Мала Преспа, Голо Брдо и Гора.

Како посебен метод се истакнува *методот на картографирање*, како еден од главните методи при ареалното истражување и кој мошне ефикасно се применува во науката за јазикот, како и во науките што ги обработуваат појавите во областа на народната духовна и материјална култура: дијалектологијата, етнологијата, етнолингвистиката, фолклористиката и музичката фолклористика.

При истражувачките процеси се појавуваат и други методи, кои го олеснуваат процесот на транскрипција и анализа на традиционалните пејачки форми.

Методите на анализа и синтеза на главните елементи во етномузиколошките истражувања овозможуваат да се фрли појасна светлина врз генезата, динамичната структура и музичко-дијалектниот сплет, со што се добива попрецизен увид во терминологијата при атрибуцијата на песните.

**<u>Краток опис на резултатите од истражувањето</u>**

Од досегашните опсервации може да се заклучи дека: поаѓајќи од постарата обредно-обичајна традиција во која постоеле поголем број календарски и некалендарски обреди, обичаи и празнувања со изразена функција, се забележува дека само дел од нив се задржале и до денес, како на пример: *ѓурѓовденските празнувања*;

*претсвадбените и свадбените обреди и обичаи*, проследени со песни, а кај дел од нив е исчезната првобитната функција. Соодветно на претходното, во современата традиција се создаваат нови и адаптирани форми на јавно претставување на музичкиот фолклор. Преку нив фолклорот добива друга димензија, непозната во постарата традиција, но истакната и неопходна во нашето секојдневие: аудиовизуелното – медиумското претставување.

Од спроведената анализа и сознанијата стекнати при диференцирањето на музичко-фолклорните карактеристики на Македонците од Мала Преспа, Голо Брдо и Гора, кандидатката доаѓа до заклучокот дека музичкиот фолклор се одликува со посебни стилски изразни елементи, слични како и кај оние од соседните области на Република Северна Македонија, укажувајќи при тоа дека: во **Мала Преспа**, народната музика низ целата историја ја зачувала својата оригиналност и претставува една посебна дијалектна специфика на малопреспанскиот говор и музичко-фолклорен материјал, кој се одликува со епирското пеење, типично за свадбеното пеење; во **Голо Брдо,** музичката традиција во некоја мера била изложена на влијанијата и претставуваат дел од современиот израз на целокупното македонско фолклорно творештво и во регионот **Гора,** едногласните пејачки форми се лирските од посовремен тип, додека примерите од обредната пејачка традиција се одликуваат со двогласно пеење.

Тоа придонело за диференцирање на посебните карактеристики на овие три музички дијалекти, но тука влијаеле и други околности како климатските, демографските, социолошките и психолошките услови, потоа начинот на живеење, видовите на народната економија и дејностите со кои се занимавале жителите од овие три области итн.

**Оцена на трудот**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Андријана Јаневска, со наслов: **МАКЕДОНСКОТО ТРАДИЦИОНАЛНО НАРОДНО ПЕЕЊЕ ВО МАЛА ПРЕСПА, ГОЛО БРДО И ГОРА,** претставува истражување од областа на фолклористиката, етнологијата и етномузикологијата. Изработката на темата на оваа докторска дисертација има за цел да се согледа целокупната комплексност на музичкиот фолклор, обредно-обичајните пејачки жанрови како нераскинлив дел од обредите (од календарскиот и некалендарскиот и од животниот циклус), а истовремено да се утврдат улогата и местото на народните песни и народните музички инструменти во традиционалната култура на Македонците од Мала Преспа, Голо Брдо и Гора, во чии заедници, тие, со голема љубов, се практикувале во минатото, а добар дел се практикуваат и денес. Сликата за традиционалните пејачки форми ја надополнуваат и транскрипциите, како и скиците кои се однесуваат на распространетоста и разните особини на музичкиот фолклор на Македонците од Мала Преспа, Голо Брдо и Гора. Бидејќи во досегашните научни истражувања од областа на етномузикологијата не постои пообемен труд од ваков вид, докторската дисертација на кандидатката м-р Андријана Јаневска, со наслов „Македонското традиционално народно пеење во Мала Преспа, Голо Брдо и Гора“, претставува заокружена целина и солидна база за идните етнолошки, етномузиколошки и фолклористички истражувања.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Андријана Јаневска, со наслов ,,Македонското традиционално народно пеење во Мала Преспа, Голо Брдо и Гора“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот**

Кандидатката Андријана Јаневска, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

- Презентација на фолклорот во современи услови, *Македонски фолклор*, Година ILI, бр. 75, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Скопје, 2019, стр. 189-198.
- Свадбата и свадбеното пеење кај Македонците од Мала Преспа, *Македонски фолклор*, Година LIV, бр. 83, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје, 2023, стр. 275-283.

**Заклучок и предлог**

Главни научни придонеси на кандидатката се: фолклористички, етнолошки и етномузиколошки.

Подрачјето на примена подразбира истражување на обичаите, народните песни и народните музички инструменти, а ограничувањата може да се согледаат во современата состојба на македонското традиционално народно пеење во Мала Преспа, Голо Брдо и Гора.

Нејзините истражувања претставуваат исклучителен едукативен пример што ќе служи како поттик за понатамошни темелни и сеопфатни етнолошки, ареални, етномузиколошки и фолклористички истражувања.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Научниот совет на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р **Андријана Јаневска**, со наслов: **МАКЕДОНСКОТО ТРАДИЦИОНАЛНО НАРОДНО ПЕЕЊЕ ВО МАЛА ПРЕСПА, ГОЛО БРДО И ГОРА**.

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Лидија Стојановиќ-Лафазановска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Родна Величковска, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска, член, с.р.**
**Проф. д-р Весна Петреска, член, с.р.**
**Проф. д-р Горанчо Ангелов, член, с.р.**